# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Адреса на Редакцијата:
Министерство за одбрана
Списание „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
ул. „Орце Николов“ бб 1000 Скопје
Телефони: 3282-299 и тел. факс 3113-527
Интернет адреса: WEB на Министерството за одбрана:www.morm.gov.mk, публикации, СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА на македонски и на англиски јазик
Списанието излегува два пати годишно.
Цената на еден примерок е 70 денари.
Претплата за 2008 година изнесува 140 денари (плус поштенски трошоци).
Претплата за странство е двојно поголема (плус поштенски трошоци).

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

ТЕОРЕТСКО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
*Илјаз* ХАЛИМИ, ***претседател***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
*м-р Жанет* РИСТОСКА
проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
проф. д-р *Марина* МИТРЕВСКА
*Зоран* ДИМОВ, *бригаден генерал*
проф. д-р *Назми* МАЛИЌИ
проф. д-р *Петар* АТАНАСОВ

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
м-р *Жанет* РИСТОСКА
проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ
доц. д-р *Оливер* БАКРЕСКИ

Главен и одговорен уредник: проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
Заменик главен уредник: проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ*, полковник*
Технички уредник: *Билјана* ИВАНОВА
Компјутерска обработка: *Александар* АТАНАСОВ
Ликовно решение на корица: *Кочо* ФИДАНОВСКИ
Лектор: м-р *Жанет* РИСТОСКА

Печат: АД „Коста Абраш“ - Охрид

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

Според мислењето на Министерството за култура бр. 07-7144/2 од 27. 12. 1999 година, за списанието „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“ се плаќа повластена даночна стапка.

## СОДРЖИНА


1 *Општо-теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната*

Билјана ВАНКОВСКА

**ПОВРЗАНОСТА НА ХУМАНАТА И ЕКОЛОШКАТА БЕЗБЕДНОСТ: ДИЈАЛОГ МЕЃУ СВЕТСКИОТ ЦЕНТАР И ПЕРИФЕРИЈАТА**.................... 9

Иљаз ХАЛИМИ

**НОВ И УСПЕШЕН ПАТ ВО СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА „МЕКА СИЛА“**.............................................................................................................. 27

Митко КОТОВЧЕВСКИ

**РАЗУЗНАВАЧКО БЕЗБЕДНОСНА ЗАЕДНИЦА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**.......................................................................................... 35

Оливер БАКРЕСКИ

**КООРДИНАЦИЈАТА КАКО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ МЕНАЏМЕНТ**........................................................................................................ 51

2 *Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната*

Тони МИЛЕСКИ

**ДЕМОГРАФСКИ АСПЕКТИ НА ЕКОЛОШКАТА БЕЗБЕДНОСТ**......................................................................................................... 67

3 *Евроатлантски интеграции*

Слаѓана БОЖИНОВСКА
**ТРАНСАТЛАНТСКИТЕ ОДНОСИ: РЕЛАЦИЈА МЕЃУ МОЌ И СЛАБОСТ ИЛИ КОМПЛЕМЕНТАРНИ ОДНОСИ?** ...................................... 85

4 *Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема*

Росе СМИЛЕСКИ, Орце ПОПОВСКИ, Дарко СТОЈКОВСКИ
**АНАЛИЗА НА РАСПРСКУВАЧКОТО ДЕЈСТВО И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА ГРАНАТАТА ОД 40 мм**............................................. 99

Ванчо КЕНКОВ
**НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА** ............................................................................................ 113

6 *Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата*

Синиша ДАСКАЛОВСКИ
**НОВАТА КОНФЛИКТНА СРЕДИНА И НЕЈЗИНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ СИЛИ**..................................131

Славко АНГЕЛЕВСКИ
**ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОТРЕБАТА ЗА ПРОМЕНИ НА СОДРЖИНИТЕ ВО ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКАТА**..................151

Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ
**КОНЦЕПТОТ НА ПРЕВЕНТИВНА ВОЈНА И „PREEMPTION“ НИЗ ПРИЗМА НА НОВАТА БЕЗБЕДНОСНА СТРАТЕГИЈА НА САД**.......................................................................................167

## 7 *Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната*

Тања МИЛОШЕВСКА

**ПРИКАЗ** кон книгата **„ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ“**

од д-р Тони Милески........................................................................................................179

# ПОВРЗАНОСТА НА ХУМАНАТА И ЕКОЛОШКАТА БЕЗБЕДНОСТ: ДИЈАЛОГ МЕЃУ СВЕТСКИОТ ЦЕНТАР И ПЕРИФЕРИЈАТА

**Билјана ВАНКОВСКА,**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт***: Растечката дебата околу значењето, па дури и приматот на хуманата и/или еколошката безбедност е карактеристична првенствено за развиените земји. Најзагрозените земји се најчесто објекти и нееднакви партнери во глобалната безбедносна дебата. Текстот претставува анализа на најновите теориски и политички тенденции, видени низ призмата на процесот на (де)секуритизација. Целта е збогатување на глобалната дебата со внесување на перспективата на глобалната периферија. Централната хипотеза се состои во утврдување на дискрепанцата која се јавува помеѓу сферата на високата политика (или дури и биополитика) и вредносната суштина на концептите на хуманата и еколошката безбедност.*

**Клучни зборови:** *хумана безбедност, еколошка безбедност, биополитика, светска периферија, (де)секуритизација*

# THE LINK BETWEEN HUMAN AND ENVIRONMENTAL SECURITY: DIALOGUE BETWEEN THE WORLD CORE AND THE PERIPHERY

**Abstract:** *The growing debate over the significance (and even primacy) of human and environmental (in)security is typical merely for global powers and in more developed countries. The most vulnerable countries are mostly objects and not equal participants in the security debate. The paper discusses theoretical and political tendencies through the prism of (de)securitization process. It aims at enrichment of the discussion with a perspective from "below", from the global periphery. The central hypothesis is that there is a discrepancy between the sphere of "high politics" (or even bio-politics) and the normative essence of the concepts of human and environmental security.*

**Key words:** *human security, environmental security, bio-politics, world periphery, (de)securitization*

## 1. Редефинирање на безбедносните концепти и предизвици: откривање на еколошката и хуманата безбедност

Кон крајот на Студената војна, се чинеше дека редефинираниот класичен концепт доживеа драматична експанзија, пропорционално со т.н. мировна дивиденда и надежите вложени во новото време. Глобалните и националните актери, наводно, покажуваа желба да го свртат вниманието на бројните социјални прашања, кои претходно беа целосно занемарени или ретко споменувани. Изгледаше дека државата ја губи својата привилегирана положба како централен референтен објект на безбедноста. Тоа не значеше дека и концептот на безбедноста губи на значење. Напротив, по неуспехот на мировната дивиденда, безбедносната дебата стана подоминантна од кога било порано. Таа доби поттик и на научен и на политички план, особено по вклучувањето на низа нови референтни објекти, како општествените групи (социеталнаsa безбедност), човечкото суштество (во хуманата безбедност) или животната околина (во еколошката безбедност). Гледано од денешна перспектива, светот е побогат за бројни безбедносни концепти кои можат да објаснат или оправдаат одредени случувања. Сепак, тие не помогнаа во градење на побезбеден свет. Секуритизацијата на низа вредности нужно не значи и нивна подобра заштита. Напротив, со нивното дефинирање како релевантни за безбедноста, светот доби нови и подобри начини за маскирање на сите политички и други превентивни неуспеси. Тоа доведе до дефинирање на нова глобална агенда преку претставување на одредени прашања како ургентни безбедносни приоритети. Со други зборови, повеќе безбедност не е секогаш на добро.

Концептот на хуманата безбедност е сé уште во центарот на жива теориска дебата, која се сведува на заклучокот дека „постојат премногу несогласувања" и дека е подобро и попродуктивно вниманието да се сврти кон безбедносните закани и стратегии за справување со нив, отколку да се трага по јасни дефиниции.[1] Така, конечно тој наликува на облик на политика на ургентност (emergency politics), која се фокусира на последиците повеќе отколку на причините за хуманата небезбедност. Прифаќањето на таквиот прагматичен пристап сé уште наидува на сериозни проблеми и на аналитички план и на планот на стратегиско планирање. На пример, еколошките закани можат да се вбројат во долгата листа на закани по безбедноста на луѓето (така, станувајќи легитимен дел на концептот на хуманата безбедност), но во исто време некои

[1] Florini A.and Simmons P.J., "The new security thinking: A review of the North American literature", in: *Project on World Security*, Rockefeller Brothers Fund, New York, 1998

автори сметаат дека животната средина треба да биде посебен референтен објект. Постојат и такви мислења, кои еколошката безбедност ја гледаат повеќе како аспект на концептот на национална безбедност, тргнувајќи од тезата дека државата е легитимен „редуктор на неизвесностите". Во таа смисла, одредени автори дефинираат и нови воени мисии во случај на еколошки катастрофи и непогоди.[2]

Постои широка согласност дека подрачјата кои ги опфаќаат концептите на национална, хумана и еколошка безбедност се преклопуваат едно со друго и дека не се стриктно поделени. Може да се каже дека идентификуваните безбедносни закани, повеќе или помалку, можат да бидат исти, но се разликува призмата низ која едно прашање се дефинира како безбедносно. Исто така, за ваквата диференцијација понекогаш е важен и одговорот на прашањето кога, како и зошто едно прашање се секуритизира. Дури и еден површен преглед на постојните дефиниции ја потврдува оваа теза. Така, на пример:

- Врската меѓу хуманата и еколошката безбедност ја илустрираат следните дефиниции: 1) „Хуманата безбедност повеќе не може да се сфаќа во чисто воена смисла. Напротив, таа во себе мора да ги вклучува и економскиот развој, социјалната правда, ***заштита на животната средина (еколошката заштита)***, демократизацијата, разоружувањето, како и почитувањето на човековите права и владеењето на правото"[3]; 2) „Заканите за хуманата безбедност се различни - политички и воени, но исто така и социјални, економски и еколошки";[4] 3) Подеднакво, според пристапот на критичката школа и онаа за хумана безбедност, безбедноста се однесува на одржување на социјалните, политичките, ***еколошките*** и економските услови погодни да обезбедат живот во слобода и дигнитетот на поединците;[5] 4) „Една од алтернативите е фокусирањето на хуманата безбедност, водејќи сметка за заемните врски меѓу животната средина и општеството, и признавајќи дека нашите перцепции за животната средина и нашиот однос кон неа се историски, општествени и политички конструирани."[6]

---

[2] Mathews J. T., "Redefining security", *Foreign Affairs*, (Spring 1989): 162-177; Ullman R. H., "Redefining security", *International Security*, (Summer 1983): 129-153

[3] Annan K, "Towards a Culture of Peace", www.unesco.org/opi2/lettres/TextAnglais/AnnanE.html

[4] Ogata S., "Human security: a refugee perspective", Keynote speech at the Ministerial Meeting on Human Security Issues of the "Lysoen Process" Group of Governments, Bergen, Norway, 19 May 1999, www.unhcr.ch/refworld/unhcr/hcspeech/990519.htm

[5] Hammerstad A., "Whose security? UNHCR, refugee protection and state security after the Cold War", *Security Dialogue* 31.4 (2000): 395

[6] Lonergan S. et al., "The index of human insecurity", *AVISO Bulletin*, no. 6 (January 2000), http://www.gechs.org/aviso/06/index.html

- Поврзаноста меѓу националната и еколошката безбедност обично се објаснува во контекстот на проширувањето на традиционалната безбедносна агенда. Во рамки на ваквите размислувања, деструкцијата на животната средина е само уште една од низата закани за националната безбедност. Практичен израз на ваквата логика се наоѓа и во Стратегијата за национална безбедност на САД, која еколошките закани ги инкорпорираше во 1991 година. Според некои автори од реалистичката школа, „појавата на концептот на еколошка безбедност стана нужно во моментот кога националната безбедност почна да се поврзува со „квалитетот на животот" во социо-економскиот контекст, кој во последните години беше обележан со воведување на еколошки аспекти во анализата на прашањата од општ национален и меѓународен интерес."[7] Исто така, и во зборовите на Ал Гор, еколошката деградација стана „прашање од значење за националната безбедност, затоа што таа е закана не само за квалитетот на животот, туку и за животот како таков."[8]
- Поврзаноста на националната, еколошката и хуманата безбедност е потенцирана во следната констатација: „Хуманата безбедност во најширока смисла на зборот се однесува не само на простото отсуство на насилен конфликт. Таа ги вклучува и човековите права, доброто управување (good governance), пристапот до образованието и здравствената заштита, обезбедувајќи секоја индивидуа да има можности и шанси да ги исполни своите сопствени потенцијали... Слободата од немаштија, слободата од стравот и слободата на идните генерации да наследат здрава животна средина - ова се меѓусебно поврзаните конститутивни елементи на хуманата, односно на националната безбедност."[9]

Имајќи ја во вид широчината на дефинициите, би можеле да го парафразираме Херолд Ласвел, кога вели: не постојат безбедносни експерти! Постојат само експерти за одредени аспекти на проблемот, или дури и такви кои владеат со способностите да конструираат едно прашање како безбедносно. Очигледно, многу позиции на теоријата и практиката на меѓународните односи се изменети, но останува фактот дека безбедноста е сé уште централна

---

[7] Frederick M., "A realist's conceptual definition of environmental security", in: *Contested Grounds: Security and Conflict in the New Environmental Politics,* D. H. Deudney and R. A. Matthew (eds.), Albany State University Press, New York, 1999
p. 94

[8] Gore A., "SEI: A strategic Environmental Initiative", *SAIS Review,* vol. 10, Winter/Spring 1990, p. 60

[9] Commission on Human Security, New York: Communications Development, 2003

точка на анализата. Единствената разлика се состои во тоа како се дефинира референтниот објект на безбедноста: понекогаш тоа е Државата, понекогаш човечките суштества, а друг пат тоа е животната околина/природата/животот. Кој од овие референтни објекти ќе биде во центарот на вниманието зависи од волјата и способноста на секуритизирачките агенти. Сепак, постои согласност дека во кој било случај фокусот е на *опстанокот* и заштитата на *суштинските вредности*, иако тие се дефинираат и приоритизираат на различен начин.

Во услови на ваква терминолошка и концепциска конфузија, идеално решение би било прифаќањето на т.н. холистички пристап кон безбедноста, кој би бил инклузивен кон сите референтни објекти на еден хармоничен и симултан начин. Сепак, ова е сосема невозможен пристап од една основна причина - постоењето на конфликтни и ривалски барања кои се пласираат од страна на агентите на секуритизацијата и засегнатите групи. На пример, некои автори откриваат и филозофски конфликт помеѓу екоцентричарите и хуманистите кога станува збор за природата на односите помеѓу човештвото и она што е надвор од човештвото (природата).[10] Според овие автори, постои една арогантна претпоставка дека само луѓето се важни, додека природата и сите останати суштества постојат само за наша полза.

За жал, во рамките на безбедносниот дискурс се среќаваат и уште поарогантни претпоставки, како онаа дека некои човечки животи вредат повеќе од некои други, а еколошките закани имаат значење само кога го загрозуваат животот на популацијата на развиените земји. Затоа, и не изненадува фактот дека концептот на еколошка безбедност доби на значење доста доцна, односно дури тогаш кога последиците од уништувањето на животната средина станаа реални за оние, кои, всушност, се и најодговорни за еколошката деградација, осиромашувањето на природните ресурси и климатските промени.

## 2. Светскиот центар и периферијата видени низ два теориски концепта

Безбедносната агенда за XXI век е далеку од тоа да биде резултат на создавањето на некаков похуман и пореспонзивен меѓународен поредок. Во отсуство на поширок научен консензус во врска со причините за комплексноста и широкиот спектар што го зафаќа оваа агенда, се фокусираме на два поинтересни академски пристапа. Всушност, станува збор за доста популарни концепти, кои ги употребуваме во контекст на замислениот дијалог помеѓу

[10] Humphrey M., Preservation Versus the People: Nature, Humanity, and Political Philosophy, (Oxford University Press, Oxford, 2002).

светскиот центар и неговата периферија. Концептот на секуритизација и концептот за ризично општество (risk society) имаат потенцијал да осветлат некои важни аспекти на овој дијалог, и особено да дадат можен одговор на прашањето зошто некои безбедносни прашања се сметаат за позначајни од други, како и кој е одговорен за справувањето со нив, подеднакво на национален или меѓународен план.

Според Копенхашката школа, безбедноста не е само социјална конструкција, туку уште повеќе таа е говорен чин.[11] Според Вивер, безбедноста не е само објект, зададена нужност, туку и интерсубјективна конструкција. Со други зборови, кој било проблем може да се конструира како безбедносно прашање, односно како прашање од егзистенцијално значење. Секуритизацијата не е ништо, освен намерен говорен чин (illocutionary speech act), низ кој секуритизирачките агенти проблемот го поместуваат од политичката во безбедносната сфера. Чинејќи го тоа, тие стекнуваат легитимно право на некакви вонредни овластувања, средства за акција и методи за справување со „безбедносното прашање“. Претпоставка е дека успешните секуритизирачки агенти се во состојба да дефинираат прашања и да свртат поголемо внимание, а такви се, на пример, политичарите, етничките или религиозните лидери, научниците, екологистите или новинарите. Исто така, тие можат да обезбедат поддршка за своите повици и барања, додека аудиториумот го чинат оние кои носат одлуки (т.е. оние до кои јавните повици се упатени), вклучувајќи ги тука и граѓаните. Овој процес се смета за дел на т.н. политика на моќта, која може да биде присутна во сите политички системи, но и на глобален (меѓународен) план. Како типични примери на секуритизација обично се наведуваат хуманитарните интервенции и војната против тероризмот. Првиот концепт беше искористен за време на кампањата на НАТО против СР Југославија во 1999 година, кога акцијата беше оправдувана со тврдење дека воената акција е нужна заради спасување на човечки животи во Косово. Секуритизацијата на терористичките закани има двоен ефект: внатрешно-политички, каде постои видлива тенденција за редукција на либералните слободи и права за сметка на т.н. татковинска безбедност (homeland security) и меѓународен, преку создавање на јавна поддршка за војните во Авганистан и Ирак, а зад кои се кријат други геополитички и геостратегиски цели.

Секуритизацијата има моќ да даде легитимитет на акции кои во други (редовни) услови би биле сметани за нелегитимни. Таа ги прави морално при-

[11] Wæver O., “Securitization and desecuritization”, in *On security* R. D. Lipschutz (ed.), Columbia University Press, New York, 1995: 46-86; Buzan B. et al, *Security: A New Framework for Analysis*, Lynne Rienner Publishers, Boulder, 1998).

фатливи преземените радикални политики, бидејќи тие се сметаат за нужни во обезбедувањето на егзистенцијата на она што треба да се заштити. Гледано низ оваа призма, воопшто не е важно дали безбедносната политика и преземената акција се навистина неопходни, соодветни или ефикасни; битни се вонредните овластувања на актерите и јавната поддршка за нивните акции (вклучувајќи ги тука и акциите преземени во минатото). Сосема е јасно дека секуритизацијата се спроведува на различни начини, а во зависност од политичкиот систем (демократски или недемократски), општествените и културните фактори (што, всушност, претпоставува користење на специфични јазички вештини и форми, адекватни за соодветната општествена средина).

Најважно, концептот на секуритизација дава можност да се објасни зошто и како јавноста може да биде успешно изманипулирана од секуритизирачките агенти, дури и во демократските општества. Оттука, сосема со право некои автори ја дефинираат хуманата безбедност како политички моќен концепт кој мобилизира бројни актери, кои ги фокусираат своите напори кон заштита на човечки животи. Хуманата безбедност е ефективен апел со обединувачка моќ да собере различни групи и актери и да го сврти светското внимание кон некои ургентни (хуманитарни) прашања.[12] Широчината на концептот е неговата силна страна, особено во контекст на настојувањето да се обединат напорите и да се координираат акциите. Но, од друга страна, хуманата безбедност може да значи било што, и така да го изгуби своето значење. Ваквиот феномен, кој не е поврзан само со хуманата безбедност, туку и со многу други, се нарекува концептуално растегнување (conceptual stretching), а потекнува од критиката на Ѓовани Сартори во однос на концептот на демократијата. Следствено, каква било акција може да се преземе во име на хуманата безбедност, дури и кога одговорот на хуманата небезбедност е од таков вид што генерира нови безбедносни дилеми или создава маѓепсан круг на небезбедност, која се прелева од една сфера во друга. На пример, воениот хуманитаријанизам (т.е. хуманитарните интервенции со воени средства) се повикува на спасување на човечки животи, истовремено загрозувајќи го животот на други недолжни човечки суштества, нанесувајќи штета на животната средина со употребата на осиромашен ураниум, касетни бомби и сл., и конечно - јакнејќи ја спиралата на насилство во конфликтот во кој се интервенирало (на пример, во косовскиот случај). Обично се заборава дека самото појавување на некој сериозен облик на хумана небезбедност може да е последица токму на неуспехот на т.н. нормална политика, на национално или меѓународно ниво. Неуспехот води кон

---

[12] Paris R., "Human security: Paradigm shift or hot air?", *International Security*, vol. 26, no. 2 (Fall 2001)

секуритизација на човечките животи и бара брза акција, но сепак, на крајот на краиштата единственото решение е десекуритизацијата, т.е. враќањето на безбедносното прашање во сферата на политиката.

Кога станува збор за животната средина како референтен објект на безбедноста (во вид на еколошка безбедност), и тука подеднакво се соочуваме со еластичноста и амбивалентноста на концептот. Загрозувањата на животната средина можат да бидат сосема потценети и запоставени, или пак, обратно, приоритетни и драматизирани - зависно од ситуацијата. Според овој теориски пристап, начинот на кој се сфаќаат и третираат животната средина и природата е, во основа, социјална конструкција, која потоа е лесно да се прикажува во контекест на одредена политизација и/или секуритизација. Лонерган укажува дека нашите перцепции за животната средина и на начинот на кој ја искористуваме природата се историски, општествено и политички конструирани.[13] Оттука, еколошката безбедност има различно значење за различни популации, во различни времиња.[14]

Поткрепено со аргументацијата која произлегува од сфаќањето за биополитиката (и биомоќта, bio-power), се доаѓа до заклучокот дека целта на моќта е да менаџира со човечките суштества на ниво на популација заради обезбедување на соодветен баланс со ресурсите кои се на располагање. Во ваков контекст, животната средина се дефинира како количество на физички ресурси од кои зависи популацијата, која е можно да се одржува и менаџира во едно општество.[15] Вернер укажува дека секуритизацијата на животната околина помага за добивање легитимитет на државните интервенции во еколошката сфера, а тоа помага и во сéвкупната легитимација на државата. Со други зборови, ваквото државно интервенирање ја јакне улогата на државата во уредувањето на сите општествени работи. Според него, јакнењето на јавниот дискурс за значењето на еколошката безбедност е само средство преку кое државата ја оправдува својата интервенција во еколошките и политичките прашања, што не е ништо друго туку наметнување на нејзиното политичко влијание.[16]

---

[13] Lonergan S., “Human security, environmental security, and sustainable development”, in: *Environment and Security* edited by *M.* Lowi and B. Shaw (St. Martin’s Press, New York, 2000): 70

[14] Matthew R., “Introduction: mapping contested grounds” in: *Contested Grounds; Security and Conflict in the New Environmental Politics*, D. Deudney and R. Matthew (eds.), State University of New York Press, Albany, NY, 1999

[15] Rutherford P., “The entry of life into history”, in: *Discourses of the Environment* Eric Darier (ed.), Blackwell, Massachusetts, 1999

[16] Warner J., “Global environmental security; an emerging ‘concept of control’?” in: *Political Ecology: Science, Myth and Power* P. Stott and S. Sullivan (eds.), Arnold Publishers, London, 2000

Истата аргументација може да се примени и во однос на хуманата безбедност: безбедносниот дискурс и помага на меѓународната заедница да ја оправда својата интервенционистичка агенда и да ги затскрие своите геополитички интереси. Гледано низ оваа призма, може да се заклучи дека безбедноста навистина станува многу повеќе политички десидератум отколку што се користи како аналитичка категорија. Таа обезбедува наративи за наводни опасности како стимуланси за преземање на посакувана колективна акција.[17]

Вториот концепт е оној на Урлих Бек за ризичното општество, кое од своето појавување привлекува големо внимание и кај научната јавност, но и покренува низа прагматични прашања. На почетокот на новиот милениум изгледа дека зборовите на Бек дури и добиваат на актуелност: "Опасностите се продуцираат од страна на индустријата, се екстернализираат од страна на економијата, се индивидуализираат низ правниот систем, се легитимираат од страна на науката, а се претставуваат како безопасни од страна на политиката."[18] Според ова становиште, прашањата за дистрибуцијата на богатството како фундаментална база на политичката борба денес се заменува со дистрибуција на ризиците по човековото здравје и благосостојба. Така, централна точка станува прашањето како да се минимизираат постојните ризици и како истите да бидат што поправично дистрибуирани. Бек, вината ја става врз науката и технологијата не само затоа што тие ги создаваат новите ризици, туку затоа што нивната моќ и авторитет се надвор од каква било јавна контрола и проверка. Оние кои ги носат одлуките стануваат сé понекомпетентни во смисла на пронаоѓање на решенија за модерните проблеми, па немаат друг избор освен да им веруваат на советите на оние кои се компетентни за прашања од високо-стручна и комплексна природа.

Во либералните општества одговорноста за прашањата поврзани со искористувањето на природните ресурси, загадувањето и технолошките иновации треба да се разгледува низ призмата на растечката приватизација и комерцијализација (која продира и во сферата на јавните услуги). Така, при појавата на акциденти и слични проблеми, се очекува владините претставници да ја преземат одговорноста за одлуки кои се донесуваат на друго место, а под директно влијание на експертскиот совет. И обратно, многу прашања стануваат дполитичкие, особено ако инволвираат ризици за популацијата, животната околина и општеството. На тој начин се создава маѓепсан круг или

---

[17] Dalby S., *Environmental Security*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 2002

[18] Beck U., "Politics of risk society", in: *The Politics of Risk Society*, J. Franklin (ed.), Polity Press, Cambridge, 1998, p. 16

неизбежна синергија помеѓу политичките и неполитички актери (научници, бизнисмени и сл.), кои едни на други се мешаат во областите. Сепак, секој од овие актери има различни интереси, ниту, пак, демонстрира подготвеност да преземе целосна одговорност за она што го презема. Оваа ситуација Бек ја нарекува модерна состојба на организирана неодговорност, која тој ја споредува со ничијата власт (nobody's rule) за која Хана Арент вели дека е најтиранскиот од сите облици на власт, затоа што од никого не може да се бара одговорност.[19] Очигледно, Бековото ризично општество денес може да се најде само во развиените и најиндустријализирани земји, но дури и таму научниците и технологијата не може да се сметаат за единствени виновници за создавањето на растечките ризици и неизвесности. Од една страна, точно е дека т.н. индустриско општество не е целосно надминато, а од друга - нужно е да се земе предвид фактот дека и капиталистичката политичка економија придонесува на свој начин, затоа што слободните пазарни економии водат кон пролиферација на ризиците, особено во еколошката сфера.[20]

Двата теориски пристапа кои ги разгледавме во контекст на еколошките закани се, очигледно, западно ориентирани. Секуритизацијата е широко користена и во незападните и неразвиени општество, но скоро никогаш во контекст на еколошкиот сектор. Сиромашните земји и државите во распад (failing states), дури и кога се соочуваат со конфликти кои се тесно поврзани со животната средина (или поточно, ресурсите), ретко кога успеваат да ја воочат таа врска. Социоекономските поделби, отсуството на социјална правда и нееднаквиот пристап до националното богатство и ресурсите многу полесно се изразуваат како етничка нетолеранција и фрустрации, отколку што се воочува дека станува збор за нешто што извира во лошото управување или осиромашеност на животната околина. На прв поглед изгледа дека т.н. војни од трет вид се случуваат затоа што воинствените сиромашни луѓе од различно етничко или религиско потекло едноставно се мразат едни со други. Хаосот кој се случува во ваквите општества претставува добра платформа за загрижената меѓународна заедница, која е многу поподготвена да ги секуритизира загрозените групи или поединци (низ хуманата безбедност), отколку да се активира оправдан аларм за глобалната економска и еколошка детериоризација, која најмногу ги погодува најсиромашните и чиј цех ќе биде платен токму од страна на оние кои се референтни објекти на нивните хуманитарни интервенции или асистенција.

---

[19] Beck U., "When experiments go wrong", *Independent*, 26 March 1996

[20] Benton T., "Beyond Left and Right? Ecological politics, capitalism and modernity" in: *Greening the Millennium? The New Politics of the Environment*, M. Jacobs (ed.), Blackwell, Oxford, 1997

Хипокризијата на глобалните сили (односно, оние кои имаат капацитет да го сменат светот, затоа што во нивни раце е целосната контрола врз светските ресурси) може да се илустрира преку празните ветувања на земјите познати како Г-8. Од самит до самит, ниту едно единствено ветување дадено до најсиромашните од Африка не е исполнето. Всушност, аналитичарите покажуваат дека ветувањата не се ништо друго, туку измама - програмите кои тие ги препорачуваат дури и ја зголемуваат сиромаштијата. Така, се смета дека програмите од пакетот препорачан од Светската банка и ММФ, кои беа дел на препораките на Самитот во 2005-та, беа не само дадени под целосна кондиционалност, туку дури и обезбедија одредени земји уште повеќе да се слизнат во сиромаштија.[21] Така се случува истите оние земји кои се најгласни во барањата за повеќе демократија, човекови права и хумана безбедност да наметнуваат неправедни меѓународни трговски правила, како што се високи царини за увезена храна, облека и други стоки, така оневозможувајќи ги сиромашните земји да ги развојат своите економии. Асистенцијата е најчесто во вид на заеми и со увоз на производи кои доаѓаат од земји донатори, или се условени со приватизација на јавните услуги. Голем број од најнеразвиените земји се наоѓаат во огромни долгови кои им биле наметнати однадвор. Мултинационалните компании ги експлоатираат нивните природни богатства, додека за локалната популација скоро и да нема бенефит во социјална смисла, додека еколошкиот импакт на бескрупулозната експлоатација е ненадоместлив.[22]

## 3. Спасување на човечките суштества или нивната животна средина: суштина на биополитиката

Во еден момент се чинеше дека концептот на национална безбедност го губи својот примат, особено затоа што се создаде доминантна претстава за светот низ судирот меѓу Западот и остатокот на светот (“West and the Rest”). Всушност, таквата слика преовладуваше до 11 септември 2001-та година. Се

[21] „Во моментов, за секој долар помош за Африка, веднаш три долари одат кај западните банки, институции и власти, а тука воопшто и не е вклучен профитот кој оди кај мултинационалните корпорации. Земете го, на пример, Конго. Триесет и две корпорации, сите со седиште во земјите од Г-8, доминираат во сферата на експлоатацијата на оваа длабоко осиромашена, а со минерали богата, земја во која милиони умреа во текот на 200 години империјализам. Во Брегот на Слоновата Коска, пак, три компании од земјите на Г-8 контролираат дури 95% од производството и извозот на какото, главниот ресурс на оваа земја. Профитот на Унилевер, британска компанија со дејност во Африка, е за една третина повисок од вкупниот бруто национален доход на Мозамбик.” John Pilger, “The G8 Summit: A Fraud and a Circus”, June 24, 2005, www.newstatesman.co.uk

[22] Chris Abbott, Paul Rogers and John Sloboda, “Global Responses to Global Threats. Sustainable Security for 21st Century”, Oxford Research Group, Briefing Paper June 2006, стр. 20.

чинеше дека западните демократии беа создале стабилна и хармонична безбедносна заедница, како зона на мир, додека остатокот на светот помалку се грижеше за својата национална безбедност (т.е. закани однадвор), а беше преокупиран со својот внатрешен колапс и хаос. Статистиката покажуваше пад на бројот на меѓудржавни војни при истовремен пораст на бројот на внатрешни судири.[23] Развиениот дел на светот сé повеќе се фокусираше на т.н. држави во распад (или пропаднати држави, failed states) и, консеквентното ширење на небезбедноста од тие делови на светот кон развиените земји. Како логично се наметна барањето на решенија in situ, односно на местото од кое извираат проблемите. Ваквото справување со проблемите, меѓутоа, често добиваше дубиозни форми, и од правен и од етички аспект. Во име на човековите права и хуманата безбедност, се јавија нови концепти и акции, како на пример хуманитарни интервенции и одговорност да се заштити (responsibility to protect), или помеката варијанта во вид на т.н. развојна безбедност (developmental security).

На прв поглед, овие концепти изгледаат извонредно алтруистички, подеднакво од аспект на нивното вклучување во рамки на надворешната политика на одделни држави (Канада, Јапонија, Норвешка), но и од глобална перспектива. Тие требаше да претставуваат потврда за наводно растечкиот хуманизам во меѓународниот систем. Сепак, како што некои автори со право потенцираат, набргу се покажа дека ова беа или концепти со ограничен опфат или дури и претставуваа неологизми. Она што на едно прашање му ја дава безбедносната аура е ургтентноста, сериозноста и интензитетот на заканите, така што се смета дека тие имаат директен импакт на опстанокот на референтните објекти. На пример, хуманата безбедност се состои од две заемно поврзани димензии. Прво, таа не ги опфаќа сите неопходни и суштински аспекти на човековотот живеење.[24] Второ, таа се однесува само на *некои* човечки суштества, односно на оние кои се перципираат како позагрозени од некои други луѓе. Задачата да се определи кои човечки животи имаат приоритет во пружањето заштита и хуманитарна помош се базира врз доста арбитрарна проценка, која понекогаш е и многу тешко да се направи, а да не

---

[23] Wallensteen P.and Sollenberg M., “Armed conflicts, 1989-98”, *Journal of Peace Research*, vol. 36, no. 5, 1999 ; Scherrer C., *Structural Prevention of Ethnic Violence,* Palgrave Macmillan, New York, 2002; Wimmer A. (ed.), *Facing Ethnic Conflicts: Toward a New Realism*, Rowman and Littlefield, Oxford, 2004

[24] Alkire S., A conceptual framework for human security, Centre for Research on Inequality, Human Security and Ethnicity (CRISE), *Working Paper 2*, 2003, (accessed on 26 April, 2007, http://www.crise.ox.ac.uk/pubs/workingpaper2.pdf)

изгледа неправедна. Проценката, всушност, повеќе зависи од активностите, а понекогаш и интересите на секуритизирачките агенти, кои не се директно загрозени и засегнати, а многу ретко од загрозените луѓе кои се предмет на заштита. Како најзначајни и најмоќни агенти, во таа смисла, се токму мѓународните агенции и невладини организации, а многу ретко домашните политички институции. Со други зборови, хуманата безбедност почесто се пласира како дел на надворешната и безбедносна политика на одделни држави или на агендата на меѓународните донатори, отколку што може да се идентификува како инхерентен дел на внатрешната политичка агенда.[25] Во овој контекст, она што се суштински (витални) вредности и базичните човекови потреби вообичаено се дефинираат од други, а најчесто кога националната држава за која станува збор е премногу слаба да ги обезбеди човековите потреби или дури и се јавува како закана за сопствените граѓани.

Практиката покажува дека дури е можно и да се зборува за самоназначени секуритизирачки агенти, кои де фацто поседуваат вонредни овластувања, кои одат далеку над она што е „нормална (меѓународна) политика". И покрај напорите да ги претстават своите акции како неполитички, непристрасни или како резултат на сопствениот несебичен самоинтерес (enlightened self-interest), досегашните примери покажуваат евидентно присуство на призмените стратегиски и политички интереси на давателите на хумана безбедност. Во тој контекст доволно е да се споменат двојните стандарди кои меѓународната заедница ги примени во случаите на поранешна Југославија и Руанда, подеднакво во однос на нејзината одлука да (не)интервенира и во однос на нивото на хуманитарна и развојна помош инвестирана во секоја од овие земји. Некои автори со право нагласуваат дека хуманата безбедност може дури и да се перцепира низ призмата на биополитиката, односно како суштина на една нова форма на глобално управување која прави разлика помеѓу популацијата на центарот (homeland population) и онаа на границите или периферијата (borderland population), како и помеѓу т.н. развоен живот (developmental life) и хуманитарен живот (humanitarian life).[26] Всушност, интервенциите (воени или поинакви, сеедно) се прикажуваат како неполитички обоени, а западните носители на акциите како надполитички, односно

---

[25] Vankovska B., Human Security Doctrine for Europe: A view from below, *International Peacekeeping,* vol. 14, no. 2, April 2007, pp. 264-281

[26] Duffield M. and Waddell N., "Securing humans in a dangerous world", *International Politics*, vol.43, 2006, pp.1–23; Duffield M., "Carry on killing: Global governance, humanitarianism and terror", *DIIS Working Paper*, No.23, 2004.

загрижени само за хуманитарниот аспект на случувањата.[27] Меѓутоа, истовремено е сосема евидентно дека постои растечка стратешка небалансираност кога станува збор за дистрибуцијата на хуманитарната помош или за различните форми на одговор на хуманитарните кризи, што зборува за тоа дека одлуката да се интеревенира или не најчесто зависи од политичката волја на најмоќните актери на глобален план.[28]

## 6. Наместо заклучок

Спротивно од манифестираната идеја дека хуманата безбедност претставува фузија меѓу развојот и безбедноста, денешната ситуација дава сосема поинаква слика во смисла на избор или-или, но никако заедно. Дополнителен проблем се јавува кога безбедносните потреби на популацијата на светскиот центар (homeland population) превагнува над развојните потреби на оние од светската периферија. Во вештачки создадениот судир меѓу двете верзии на хуманата безбедност, слободата од страв е онаа која ја носи победата. Дефинирачка карактеристика на т.н. хуманитарен живот е неговата крајна ранливост, па така слободата од стравот и насилството значи заштита на оние чиј живот е најсериозно и директно загрозен од ваков вид закани.[29] Западните влади тргнуваат од претпоставката дека кога еднаш овие луѓе ќе бидат ослободени од стравот (физичката вулнерабилност), дури тогаш врз нив ќе се стави акцентот на ослободувањето од сиромаштијата, а тие ќе можат да ги свртат своите општествени напори кон елиминација на сиромаштијата и кон социо-економски развој. Таквиот аргумент на итност, всушност, значи дека како резултат на физичка сила и опресија животите, можат да бидат ставени под сериозен ризик, додека небезбедноста која произлегува од сиромаштијата и депривацијата е помалку ургентна, а е повеќе посредна. Оттука, прагот на прифатливост на бројот на жртви од директно или структурно насилство (во Галтунгова смисла), а кој може да се толерира (за извесно време), никогаш не зависи од оние кои се загрозени, туку од оние кај кои лежи моќта и средствата за интервенција и спасување на животи. Биополитиката на богатите нужно води кон политизација на хуманитарната или развојната асистенција. Преку прифаќање на официјалната верзија за наводно аполитичната хуманитарна помош, а наспроти нивните најдобри намери, хуманитарците „ја одржуваат тајната солидарност токму со силите против кои треба да се борат“ и се вклучуваат во играта во која хуманитаријанизмот ја репродуцира изолацијата на „голиот живот“.[30]

Глобалните предрасуди вообичаено претставуваат црно-бела слика за наводно примитивните и воинствени луѓе, кои се мразат едни со други, а особено го мразат Западот. Вистината е, меѓутоа, далеку покомплексна од таа поедноставена слика.

---

[27] Chandler D., *Empire in Denial: The Politics of State-Building*, Pluto Press, London, 2006

[28] Macrae J. et al., Uncertain power: the changing role of official donors in humanitarian actions, *HPG Report 12*, (Humanitarian Policy Group, Overseas Development Institute, London, December 2002).

[29] Suhrke A., “Human security and the interests of states”, *Security Dialogue*, vol. 30, no. 3, 1999, pp. 265-276

[30] Agamben G., *Homo Sacer: Sovereign Power and Bare Life*, Stanford University Press, Stanford, 1998)

Глобалните, а особено финансиските, институции остануваат глуви и слепи за глобалната неправда и растечкиот јаз меѓу развиениот Север и сиромашниот Југ. Уште полошо, токму тие институции го олицетворуваат структуралното насилство на глобален план, односно ја носат најголемата одговорност за смртта на милиони луѓе, а без ниту еден куршум да биде истрелан. Медиумските извештаи индицираат дека загрозените луѓе стануваат уште позагрозени, па дури и осудени на смрт, заради бизнис интреесите на мултинационалните корпорации и заштитата на националните (економски) интереси на најмоќните држави во светот.

Најновите дебати за еколошките закани, или уште поточно за климатските промени, резултираат и во една нова идеја за агресија, а која експлицитно се изразува во обвинувањата на Југот во однос на Северот. Така, на пример, на Самитот на Афричката Унија одржан во февруари 2007-та, претседателот на Уганда Мусевени изјави: „Имаме важна порака да им пренесеме на овие (развиени - заб. на Б.В.) земји, дека вршат агресија врз нас преку предизвикување глобалното затоплување”.[31] Експертите на ООН, собрани на Меѓувладиниот панел за климатски промени (Intergovernmental Panel on Climate Change, IPCC) се согласуваат со оценката дека првата и најмногу погодена жртва од еколошката детериоризација ќе биде токму најсиромашната популација на светот, т.е. жителите на земјите кои најмалку или воопшто не придонесуваат за состојбата.[32] Според Катерина Пирс, активист на организацијата Меѓународни пријатели на Земјата, „климатските промени не се само еколошко прашање. Станува збор за надоаѓачка хуманитарна катастрофа”.[33] Мнозина веруваат дека ситуацијата би можела да се ублажи релативно лесно доколку постои добра политичка волја кај владите на развиените држави. Притоа се заборава еден „мал детаљ“: “Како што покажа и потонувањето на Титаник, катастрофите не се демократски” (во зборовите на Хенри Милер, соработник на престижната Hoover Institution).

Следењето на вжештената дебата на најпознатите безбедносни експерти го наметнува логичното прашање: дали дебатираат за објективната или за субјективната безбедност - или за двете? Дали хуманата и еколошката безбедност претставуваат најнови секуритизирани прашања? Дали се тие комплементарни, или како што велат некои автори: еколошката дебата е намерно анимирана за да го искриви и сврти фокусот од вистинскиот корен на проблемите - меѓународната социјална неправда и потребата од демократска контрола над глобализацијата? Дебатите остануваат празни ако не се проследени со соодветни акции и позитивни резултати. Науката добива извонредно важна задача, но за жал растат поплаките за отсуството на кредибилитет

---

[31] Revkin A. C., Poor Nations to Bear Brunt as World Warms, *New York Times*, 1 April 2007, www.nytimes.com/2007/04/01/science/earth/01climate.html?ex=1178510400&en=b9bc91b7c10d2300&ei=5070

[32] IPCC, *Climate Change 2007: Impacts, Adaptation and Vulnerability, Summary for Policymakers*, http://www.ipcc.ch/SPM13apr07.pdf

[33] McCarthy M. and Castle S.**,** How the worst effects of climate change will be felt by the poorest, *Independent*, 7 April 2007, http://news.independent.co.uk/environment/climate_change/article2430118.ece

или дури и за политизација на академските средини, кои продуцираат резултати кои нудат оправдување на постапките на оние кои даваат наредби и плаќаат.

Експертите и научниците од неразвиенитре земји не се исклучок. Сепак, нивната фактичка моќ да ги (де)секуритизираат човечките суштества или животната околина е многу ограничена заради тоа што државниот буџет во нивните земји не поддржува фундаментални истражувања и иновации. Препознавањето на ризиците или предлагањето на солуции многу често претставува само академско прашање без реално влијание врз стварните процеси на локално или национално ниво. Кога станува збор за големата (глобалната) дебата, луѓето и општествата кои се најзагрозени се аутсајдери и посматрачи на својата судбина. Самопомошта и локалните иницијативи се речиси и непознати појави, а генералното чувство на беспомошност само ги парализира субјектите. Истовремено, владејачките елити се оние кои го имаат луксузот да располагаат со целосни информации, меѓународна комуникација и учество на разно-разни самити.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Abbott Chris et al, *Global Responses to Global Threats: Sustainable Security for 21st Century,* (Oxford: Oxford Research Group, 2006)
2. Agamben G., *Homo Sacer: Sovereign Power and Bare Life*, Stanford University Press, Stanford, 1998)
3. Alkire S., “A conceptual framework for human security”, Centre for Research on Inequality, Human Security and Ethnicity (CRISE), *Working Paper 2*, 2003, (accessed on 26 April, 2007, http://www.crise.ox.ac.uk/pubs/workingpaper2.pdf)
4. Annan K, “Towards a Culture of Peace”, www.unesco.org/opi2/lettres/TextAnglais/AnnanE.html
5. Beck U., “Politics of risk society”, in: *The Politics of Risk Society*, J. Franklin (ed.), Polity Press, Cambridge, 1998
6. Benton T., “Beyond Left and Right? Ecological politics, capitalism and modernity” in: *Greening the Millennium? The New Politics of the Environment*, M. Jacobs (ed.), Blackwell, Oxford, 1997
7. Buzan B. et al, *Security: A New Framework for Analysis*, Lynne Rienner Publishers, Boulder, 1998
8. Chandler D., *Empire in Denial: The Politics of State-Building*, Pluto Press, London, 2006
9. Commission on Human Security, New York: Communications Development, 2003
10. Dalby S., *Environmental Security*, University of Minnesota Press, Minneapolis, 2002
11. Duffield M. and Waddell N., “Securing humans in a dangerous world”, *International Politics*, vol.43, 2006, pp.1–23;
12. Duffield M., “Carry on killing: Global governance, humanitarianism and terror”, *DIIS Working Paper*, No.23, 2004
13. Florini A. and Simmons P.J., “The new security thinking: A review of the North American literature”, in: *Project on World Security*, Rockefeller Brothers Fund, New York, 1998
14. Frederick M., “A realist’s conceptual definition of environmental security”, in: *Contested Grounds: Security and Conflict in the New Environmental Politics,* D. H. Deudney and R. A. Matthew (eds.), Albany State University Press, New York, 1999

15. Gore A., “SEI: A strategic Environmental Initiative”, *SAIS Review*, vol. 10, Winter/Spring 1990
16. Hammerstad A., “Whose security? UNHCR, refugee protection and state security after the Cold War”, *Security Dialogue* 31.4 (2000)
17. Humphrey M., *Preservation Versus the People: Nature, Humanity, and Political Philosophy*, (Oxford University Press, Oxford, 2002).
18. IPCC, *Climate Change 2007: Impacts, Adaptation and Vulnerability, Summary for Policymakers*, http://www.ipcc.ch/SPM13apr07.pdf
19. Lonergan S., “Human security, environmental security, and sustainable development”, in: *Environment and Security* edited by *M.* Lowi and B. Shaw (St. Martin’s Press, New York, 2000)
20. Lonergan S. et al., “The index of human insecurity”, *AVISO Bulletin*, no. 6 (January 2000), http://www.gechs.org/aviso/06/index.html
21. Macrae J. et al., “Uncertain power: the changing role of official donors in humanitarian actions”, *HPG Report 12*, (Humanitarian Policy Group, Overseas Development Institute, London, December 2002).
22. Mathews J. T., “Redefining security”, *Foreign Affairs*, (Spring 1989): 162-177;
23. McCarthy M. and Castle S., How the worst effects of climate change will be felt by the poorest, *Independent*, 7 April 2007, http://news.independent.co.uk/environment/climate_change/article2430118.ece
24. Ogata S., “Human security: a refugee perspective”, Keynote speech at the Ministerial Meeting on Human Security Issues of the “Lysoen Process” Group of Governments, Bergen, Norway, 19 May 1999, www.unhcr.ch/refworld/unhcr/hcspeech/990519.htm
25. Paris R., “Human security: Paradigm shift or hot air?”, *International Security*, vol. 26, no. 2 (Fall 2001)
26. Revkin A. C., “Poor Nations to Bear Brunt as World Warms”, *New York Times*, 1 April 2007, www.nytimes.com/2007/04/01/science/earth/01climate.html?ex=1178510400&en=b9bc91b7c10d2300&ei=5070
27. Rutherford P., “The entry of life into history”, in: *Discourses of the Environment* Eric Darier (ed.), Blackwell, Massachusetts, 1999
28. Scherrer C., *Structural Prevention of Ethnic Violence*, Palgrave Macmillan, New York, 2002
29. Suhrke A., “Human security and the interests of states”, *Security Dialogue*, vol. 30, no. 3, 1999, pp. 265-276
30. Ullman R. H., “Redefining security”, *International Security*, (Summer 1983): 129-153
31. Vankovska B., “Human Security Doctrine for Europe: A view from below”, *International Peacekeeping*, vol. 14, no. 2, April 2007, pp. 264-281
32. Wallensteen P.and Sollenberg M., “Armed conflicts, 1989-98”, *Journal of Peace Research*, vol. 36, no. 5, 1999
33. Warner J., Global environmental security; an emerging ‘concept of control’? in: *Political Ecology: Science, Myth and Power* P. Stott and S. Sullivan (eds.), Arnold Publishers, London, 2000
34. Wæver O., Securitization and desecuritization, in *On security* R. D. Lipschutz (ed.), Columbia University Press, New York, 1995: 46-86
35. Wimmer A. (ed.), *Facing Ethnic Conflicts: Toward a New Realism*, Rowman and Littlefield, Oxford, 2004

# НОВ И УСПЕШЕН ПАТ ВО СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА „МЕКА СИЛА”

**Илјаз ХАЛИМИ,**
Заменик-министер во Министерството за одбрана

**Апстракт**: *Целта на овој труд е да се определи поимот ”мека сила” и нејзината влијание и улога во меѓународните односи.*
*Дефиницијата на “меката сила” за прв пат ја дал* ***Joseph S. Nye*** *во 1990 година во неговата книга “ Bound to Lead: The Changing Nature of American Power” (Отскокнувај за да водиш: природната трансформација на американската сила). Во своето дело, конкретно за САД наведува дека покрај огромната воена сила и економска моќ што ја поседуваат САД тие располагаат и со извори на “мека сила” , кои доколку се користат правилно би можеле да претставуваат суперсила.*
*J.S.Nye во 2004 година во списанието “* ***Soft Power, The Means to Success in World Politics*** *” и во книгата “* ***Power in the Global Information Age: From Realizm to Globalization*** *” ја има образложено целта на “меката сила” и според направените анализи е дојдено до следните заклучоци за “меката сила”. Според Nye, ”јака” сила (hard power) е сила чија што цел е да ги контролира силните функции, да применува јако убедување и закана. Додека ,пак, “меката сила” наместо да употребува сила, применува тактика на привлекување кон себе. “Меката сила” не врши само притисок за промена на воената и економската политика туку целта е да ја постави светска политика на “мека сила” со цел не да ги заострува односите со другите сили туку да ги привлече кон себе и да соработува со тие за да се постигне заедничката цел.*
**Клучни зборови:** *мека сила, јака сила, воена сила, економска сила.*

# NEW AND SUCCESSFUL WAY IN WORLD POLICY "SOFT POWER"

**Abstract**: *Definition of a soft force. For the first time this definition was presented by Joseph S. Nye in his book “Bound To Lead: The Changing Nature of American Power”. As example he explains that the USA besides the economical and military power, they possess the cultural and political sources of soft power, and with their proper integration, the prerogative of super power is inevitable.*

*J.S. Nye in 2004 in the article "Soft Power, the Means to Success in World Politics" as well as in the book "Power in the Global Information Age: From Realism to Globalization" elaborates the aim of soft power. According to Nye, if the aim of the hard power is to control the powerful functions, it incorporates strong persuasion and threats. On the other hand the soft power instead of using force, relies on engrossed tactics. The soft power does not influence just the economical and military policy but the primary aim is to establish favorable world policy. The soft power does not by definition taper the relationship with other powers, but it aims to engross them in order to achieve common goals.*

**Key words:** *soft force, hard power, military strength, economical power*

## Вовед

Во текот на 20 век, со напредокот на технологијата, паралелно се создаваат и услови за појава и масовна употреба на нуклеарната индустрија. САД и Советскиот Сојуз почнаа да изработуваат и поседуваат нуклеарни ракети. Во последните години од истиот век со сé поголемиот напредок на технологијата почнаа да се појавуваат и пософистицирани оружја и орудија. Исто така, во овој период со распаѓањето на Советскиот Сојуз, САД остануваат како единствена воена сила, која во исто време е приморана да го намали бојот на своите вооружени сили поради улогата што ја има во меѓународната политика. Со намалувањето на вооружените сили, поради влијанието на меѓународната политика, светот се претвори во едно поле за натпревар во интерес на развојот и проширување на знаењата: „меката сила" „soft power", во најмала рака ги има обезбедено оружјата од напредната технологија.

Од историјата е познато дека империите уште од најстарите времиња, како на пример Хунската и Монголската кои се базирале само на бројноста на војската наеднаш се распаднале и ја изгубиле својата моќ

Така и во XX век, предводејќи две големи воени сили Хитлер и Сталин се претпоставува дека је доживеале истата судбина, и од сите е прифатено дека ако се нема поддршка од страна на „меката сила" и ако не се создадат сигурни услови и бази, ниту една сила нема да претставува сила што ќе постои засекогаш.

Деновиве, со проширената политика на САД кон Средниот Исток, со меѓусебните влошени односи и со постојаните конфликти повторно се актуелизира влијанието и улогата на „меката сила".

## Функции на „меката сила"

Според проф. д-р.Октај Синаноглу „меката сила" има за цел во една држава да ги поправи односите и да се направат напори самите граѓани на таа држава самоволно да ги применуваат промените. Со други зборови „меката сила" со убедувања и со културни активности, како и со дипломатското убедување се обидува да си ја постигне целта без употреба на воена сила.

Потпретседателот на институтот за меѓународни односи на Шангај, Мажије Жу, „меката сила“ ја претставува како културна сила. Жу, симболично, „меката сила“ ја претставува како локомотива која ја води идеолошката организација на меѓународните односи, социјалниот систем, базата на соработка, животниот однос, напредниот модел, културното наследство, етничките особини, верските вредности и убедувања, изворот на знаење, заемната доверба и целта за бранење на тие ставови. Според Nye, „меката сила“ на една земја е тесно поврзана со нејзината култура, политичките вредности и надворешната политика.

Културата, општествениот систем и идеологијата на владејачките земји може да ги натераат останатите земји своеволно да одат по нејзините стапки, што доведува до зајакнување на овие владејачки држави. Со таквата постапка, како прво, владејачките држави ќе ја глобализираат и засилат својата економијата и ќе создадат услови за побрз напредок. Со брзиот напредок се создаваат и услови за засилување на медиумите, а заедничката и добро координирана работа на медиумските органи доведува до зголемување на влијанието во меѓународните односи.

Во овој контекст ќе укажеме на можноста за користење на „меката сила“ не само од страна на хегемонистичките држави туки и од страна на сите други држави и тоа со помош на медиумите, интернетот, разноразнитње културни трансфери како филмот, музиката, модата, кујната, танцот, отворањето училишта во другите држави, примена на наставните методи, учењето странски јазици, разноразните мисионерски проекти, меѓународните претпријатија, ИМФ, светската банка, организациите со програми за зачувување на мирот, НГО (невладени организации ) и СТО (цивилните организации).

## Односот помеѓу „меката“ и „јаката“ сила

Меката и јаката сила се заемно поврзани. Секоја држава за да може да ја засили својата позиција во меѓународни рамки треба да ги зајакне и двете сили истовремено. Доколку во една земја се зголемува матријалната страна, треба да се засили и идеолошката страна. Доколку од овие два аспекта, едната не е добра и другата страна не може да биде стабилна и влијателна. Ако се одбегнува да се зајакне „меката сила“ тоа е знак на опаѓање и на јаката сила и се појавуваат одредени компликации за продолжување на развојот. Со политиката што Буш ја води во Азија, и појавата на одредени грешки во овој поглед, поддршката што Америка ја имаше во Јужна Кореа забележа опаѓање од 89% на 56%. Оваа опаѓање на поддршката може да влијае и врз политиката на Америка над Северна Кореа. Овој пример покажува дека и „меката“ и „јаката“ сила на Средниот Исток и Средна Азија нема да можат да функционираат одвоени.

Nye смета дека во земјата во која треба да се употребува„меката сила", државата што планира да применува „мека сила" треба да биде културно понапредна од другата држава, но истата нема да може да се примени врз потиснатата култура туку треба да се изнајде најсоодветен начин и решение за успешно влијание врз политиката на државата што е нападната.

Nye смета дека, во едно општество каде што значајно место во демократијата зафаќаат народното мислење и собранието, наместо со политичките лидери да се водат разговори или со автократското општество за унапредување на тактиката и склучување на договори кои што немаат доволна слобода за одлучување, употребата на „меката сила" треба да се подели на целата територија на државата. Nye тоа го покажува со следниот пример: „2003 год.турската влада на американските сили не им дозволи премин преку нивната земја, бидејки влијанието на САД, поради нивната политика што ја водат во парламентот немаше доволна поддршка. Додека,пак,во Узбекистан, за истото прашање при Авганистанската војна, поради политиката на високиот член и високото раководство активноста беше олеснета.

Спред Nye, за добра одбрана задолжителна е јаката сила, но треба да се земе предвид дека и таа сама не може да има резултати и да издвојува победа. Nye смета, дека доколку се употреби „јаката" сила потребна е поширока коалиција и дека улогата на „меката сила" во овој поглед е да создаде услови за да има што е можно помалку загуби и да се доведе на виделина прашањето дека употребата на „јаката" сила е неопходна.

Со ова се гледа дека на „меката сила" и претстои динамичен процес.

За промена на меѓународната стратегија, меѓународните исправи, дипломатската сила, културната сила, силата врз основа на образованието и квалитетот на владата потребно е пократко време, но за промена на мировниот дух на луѓето и со овој елемент поврзаните работи потребно е повеќе време. Поради тоа, треба да се покаже хармоничност и прилагодување за да се олеснат условите за исполнување на условите за трансформација. Спуштањето на „меката сила" на ова ниво можеби би заземало повеќе време, но, сепак, е поисплатлива, попостојана и поекономична варијанта.

Разликата помеѓу военоекономскиот однос и „меката сила" е прикажана во табелата:

| | **Активности** | **Основни потреби** | **Владина политика** |
|---|---|---|---|
| **Воена сила** | Присилување<br>Отргнување<br>Одбрана | Закана<br>Сила | Присилна дипломатија<br>Војна<br>соединување |
| **Економска сила** | Присилување<br>Поттик | Давање пари<br>Вложување | Корупција<br>Помош |
| **"Мека сила"** | Поттикнување на фаворизација<br>Создавање дневен ред | Вредности<br>Култура<br>Политика<br>Организација | Државна дипломатија,<br>Двострана и<br>Повекенасочна<br>дипломатија |

## Финансискиот износ при основање на граѓанските организации како основна потреба на „меката сила"

Во последно време, во организациите на владејачките сили се појавува потреба за стандардизирање на нормите, општо помеѓу „јаката сила" и „меката сила" да се воспостави поцврста врска. Денес, државите им ја препуштаат бината на актерите кои се користат со секакви средства за да се направи притисок врз државата, како и да се создадат услови за зајакнување на „меката сила". Поради стандардизирањето, како и поради финансискиот трошок од кој што одреден дел паѓа врз товар на владејачките држави се јавува потребата за формирање на посебни цивилни организации (СТО).

Во САД финансирани од некои организации овие цивилни организации (СТО), во определени држави би изведувале истражувања за потребите на САД врз база на мирот и човековите права и би присобирале податоци за подобрување на политиката на САД. Ваквиот начин на работа на САД би придонесол за подолгорочно владеење и целосна контрола од страна на САД.

Во поглед на изнаоѓање извори за „меката сила" најблизок противник на САД е ЕУ, каде што отворено се гледа дека истите се користат за блиското окружување на ЕУ.

ЕУ, за трансформација на државите во својата околина ја користи својата огромна мирновремена моќ, како и способноста за привлекување широки маси. За да можат да бидат членки, одредени држави во ЕУ треба да исполнат одредени норми и стандарди. Откако ќе се исполнат основните критериуми, државите по своја желба и не се приморани да сменат одредени делови од својата култура и можат да ѝ се приклучат на ЕУ. Додека, пак, државите кои би сакале да им се приклучат на САД мора да извршат одредени измени во својата култура, како и да применуваат американската култура, и покрај тоа што ги имаат исполнети нормите.

Порастот на моќта на „меката сила" на ЕУ, како и поседувањето одредена сила за решавање на светските проблеми, Nye оваа појава ја објаснува со примерот дека после Ирачката војна како Западна Европа така и Р.Турција војуваат со терористички организации но, сепак, ЕУ има добиено поголеми оценки од страна на САД. Со потребата и желбата на Р.Турција за влез во ЕУ државата има преземено активности за намалување на влијанието на војската во политиката, како и преземени конкретни активности во донесувањето нови закони за човековите права.

И во Азија има одреден потенцијал на извори за „мека сила". Древната култура на азиските држави, модата, филмскиот сектор, како и азиската кујна имаат одредени влијаниа низ цел свет. Од овој регион со најмал потенцијал за „мека сила" е Јапонија. Иако Јапонија покажува дека е спремна да си ја сочува културата и во полето на технологијата покажува дека е рамноправна со западниот свет и дека е спремна да влезе во борба за модернизација, сепак, останува единствена држава која не е од западниот свет. За Кина и Индија вистинската ефективност е сè уште иднина, сепак, со видливиот брз економски напредок и во двете држави се претпоставува дека за брзо време и двете сили како „меката", така и „јаката" рапидно ќе почнат да се засилуваат.

**„Меката сила“ анализирана од гледна точка на Република Турција**

По Студената војна, промените што се случуваат во државата, како и потребата за водење успешна меѓународна политика за да се создадат услови за да се постигне една рамнотежа на воената сила и спроеведување на стратегијата, сепак, се појавуваат одредени потешкотии. Земјите како Турција,кои имаат силни меѓународни притисоци не се во можност да си ги остварат зацртаните цели и се доведуваат во ситуација да мораат помалку да ја користат јаката сила, со што се јавува потребата од поголемо користење на „меката сила“. Р.Турција во споредба со околните држави има подобра организација и ниво на војската, на економијата, како и на политиката. При ваквата ситуација Р.Турција полесно ќе може да ја применува својата „мека сила“ врз овие држави кои се цел на Р.Турција.

Со употребата на „меката сила“ Р.Турција:

- ќе привлекува раководство на одредената држава;
- ќе влијае врз политиката на одредената држава и ќе ги намали заканите од таа држава;
- ќе создаде посебни услови во економската политика на таа држава;
- полесно ќе ги оствари меѓународните цели и полесно ќе може да добие поддршка од таа држава.

Р.Турција има висок потенцијал и поддршката за употреба на мека сила врз земјите од окружувањето и врз други, без да се потпира на ниту една држава.

Денес, во САД учат приближно околу половина милион странски студенти на коишто се применуваат овие методи за сфаќањето на култу-рата, економијата и политиката. Со оваа примена во иднина, во јаките елитни кругови на одредени држави или ,пак, во раководството на тие држави САД автоматски ке има поддршка во остварувањето на своите зацртани цели. Поради оваа причина:

- Турција сè повеке прима студенти од странски држави за да се здобијат со знаења околу уметноста, литературата и историјата на Турција;
- студентите што ќе се здобијат со високо образование во Турција и по враќањето во своите држави ке бидат следени и ангажирани од страна на турските фирми;
- за ширење на турската култура и начинот на живеење ќе се отвораат училишта на турски јазик и курсеви кои ке бидат поддржани од Република Турција;
- заради зачувување на овој интелектуален потенцијал во границите на Р.Турција и недозволување на излив на таквиот потенцијал се размислува и на тоа да се создадат полесни услови за вработување во турските фирми, како и олеснување на законите за давачките кон државата;
- за студентите што стекнале високо образование во Турција или по која било друга основа присуствувале на некои курсеви во Турција, се прават напори да им се овозможат и постдипломски студии во Р.Турција;
- во земјите, каде што Р.Турција има потпомогнато со воена сила или има држано обука и настава се работи на тоа да се придобие народот;
- соработката на турските интелектуалци со интелектуалците од околните држави, основањето на заеднички друштва, одржување на разни симпозиуми, конференции и заемен превод на литература.

Многу културни и социјални организации ги земаат за пример САД, кои во секторот на спортот, музиката, и филмот, како и слободата на изразување, низ целиот свет станаа пример за слобода на движење и изразување и се стре-мат да се приближување до нивните норми и стандарди. Во овој поглед треба:

- да се емитуваат програми преку сателит со презентирање на Р.Турција како демократска и слободна држава;
- во одредените држави да се емитуваат емисии со кои се запознаваат младите и децата со турската култура;
- да се презентира турската култура преку фолклорни друштва, турските пејачи, изведување театарски престави, како и отворање саеми во странските држави;

- да се поддржи запознавањето на османлиската култура, особено во Средниот Исток, на Кафказ, како и на Балканот, со армиските оркестри и Мехтер - екипата, која има огромна популарност во тие краеви;
- треба да се организираат посебни пријателски фудбалски средби во регионот.

Треба да се следи примерот на трговските претпријатија во САД кои користат одредени методи како купопродажба која придонесува за безбедноста на фирмите, што претставува зголемување на „меката сила" на САД.

Целта на СТО е во поголеми групации да го зголеми влијанието врз културата и идеолошките предрасуди и со тоа да се создадат услови за демократија, мир и човекови права и да се приближат политичките цели кон целите на владејачките држави. За да се оствари оваа цел турските СТО организации со посебно значење се свртени кон Средниот Исток и Средна Азија, Балканот и Кафказ.

## Заклучок

По завршувањето на Студената војна се создаде еднополарен систем, со предвидувања дека во иднина тоа би можело се измени.Овие измени би создале услови за формирање на биполарни или мултиполарни системи. Со промените од овој вид државите ќе трпат огромни измени, а и стариот меѓународен систем ќе биде вон функција, меѓутоа целта на државите е да се извршат овие измени во насока на јакнење на меката сила за потребата од употреба на јаката сила да се намали. Со намалувањето на употребата на јаката сила и со користење на „меката сила" само во политички цели ќе се прошири и примената и во социјалниот поредок и економијата, од што државата би имала придобивки. Поради тоа Р.Македонија треба да биде понапредна од државите што ја опкружуваат и да ја шири својата мултиетничка историја, вера, јазик, и култура и да биде пример за достоинствена демократија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Joseph S. Nye: Soft Power, The Means to success in world politics – 2004
2. Joseph S. Nye: Power in the global information age: From realism to globalization
3. Silahli Kuvvetler Dergisi, Ocak 2007

# РАЗУЗНАВАЧКО БЕЗБЕДНОСНАТА ЗАЕДНИЦА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА (историски развој–1993–1998)

**Митко КОТОВЧЕВСКИ,**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии

**Апстракт:** *Разузнавачка заедница на Р.Хрватска има мошне динамичен историски развој, кој започна по спроведувањето на првите демократски повеќепартиски избори во 1990 година во самостојна Хрватска и започнувањето на периодот на најкрвава криза низ кои поминуваше Европа во втората половина на XX век.*
*Во составот на Разузнавачката заедница на Р.Хрватска во нејзиниот почетен период (1993–1998), централно место заземаше Хрватската разузнавачка служба, служба чиј развој неизбежно се поклопува со почетното формирање и развој на новите институции на хрватската држава. Разузнавачката заедница на Р. Хрватска имаше историска шанса своето значење и своите потенцијали да ги стави во функција во едно сериозно внатрешно и надворешно безбедносно опкружување (татковинската војна за ослободување на окупираните територии и мошне интезивен ангажман на меѓународен дипломатски план (Вашингтонскиот и Дејтонскиот договор).*

**Клучни зборови:** *разузнавачко–безбедносна заедница, разузнавање, контраразузнавање*

# INTELLIGENCE-SECURITY COMMUNITY OF R.CROATIA (historical development 1993-1998)

**Abstract:** *The Intelligence community of R.Croatia have exceptionally dynamic historical development, which started after realization of first democratic multi-party elections in 1990 in independent Croatia and the beginning of period with the bloodiest crises that Europe passed on the second half of XX century.*
*The central place in the structure of Intelligence community of R.Croatia was Croatian intelligence service, service which development inevitable identically matches with initially creation and development of Croatian new institutions.*
*The intelligence service of R.Croatia had historical possibility, own significance and own potentials to pose in function in one serious internal and external security surrounding*

*(homeland war for liberation of occupied territories and very intensified engagement on international diplomatic plan-Washington and Dayton agreement).*

**Key words:** *intelligence-security community, intelligence, counterintelligence, and intelligence service.*

## Разузнавачко–безбедносната заедница на Р.Хрватска (историски развој 1993–1998)

Р.Хрватска, како секоја сериозна држава, правовремено ја процени улогата, значењето и потребата од формирање на современа и ефикасна разузнавачко–безбедносна заедница. Уште пред нејзиното осамостојување и прогласување независност, Р.Хрватска релативно подготвено го дочека распадот на поранешна СФРЈ и во сферата на внатрешната безбедност, односно неколку години пред крвавиот распад на Југославија беа удрени темелите на новиот разузнавачко–безбедносен систем на Р.Хрватска. Од нормативно–правен аспект, карактеристично е да потенцираме дека хрватскиот разузнавачко– безбедносен систем почна да се моделира уште со донесувањето на Законот за внатрешни работи (21 декември 1985 година) и со неговите измени и дополнувања донесени во 1990 година.

По донесувањето на Уставот на Р.Хрватска (22 декември 1990 година), на 18 април 1991 година беше донесен и Законот за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи, кој содржеше одредби од суштинско значење и историски карактер за конципирањето на современиот разузнавачко–безбедносен систем на самостојна и суверена Хрватска. Со новиот закон беше формирано јадрото на цивилниот сегмент на новиот систем, чија генеза можеме да ја проследиме преку формирањето на „Службата за заштита на уставниот поредок (СЗУП), Службата за јавна безбедност (полиција) и „Зборот на народната гарда (ЗНГ).“[1]

Во воениот сегмент, значајно е формирањето на „Безбедносно–информативната служба“ со Законот за одбрана донесен 1991 година. Безбедносно–информативната служба на Р.Хрватска претставува воено– разузнавачка служба задолжена за извршување на „стручните работи на безбедноста на вооружените сили и Министерството за одбрана“. [2] Во 1996 година работите од воеморазузнавачка природа беа ставени под надлежност на ГШ на

---

[1] Zunec, O., Domisljanovic, D. (2000). Obavjestajno sigurnosne sluzbe Republike Hrvatske (stanje i nacela preustroja za razdoblje konsolidacije demokracije. Zagreb: Naklada jesenski i Turk. стр. 60.

[2] Ibid, стр. 88.

Хрватската војска, додека Министерството за одбрана со новата реорганизација ја основа „Управата за разузнавачко–безбедносни проценки“[3] со што беше заокружена првата фаза во изградбата на разузнавачко–безбедносната заедница на Р.Хрватска според искуствата, решенијата и примерот на американскиот модел.

Целокупниот историски развој на современиот разузнавачко– безбедносен систем на Р.Хрватска помина низ повеќе фази (1990–1992, 1993–1995, 1997, 2002 и најновата трансформација направена во 2006 година).[4]

Големиот број трансформации во овој релативно краток период говори и за цврстата решеност на Р.Хрватска во процесот на изнаоѓање современ и ефикасен модел за конституирање на нивната разузнавачко–безбедносна заедница.

Напорите на овој план се во целосна функција на зајакнување на нивната национална безбедност и неопходна трансформација според западните стандарди значајни за современите процеси на евроатлантска интеграција на Р.Хрватска.

**Уред за национална безбедност - УНС**
**(Ured za nacionalnu sigurnost -UNS)**

Со одлуката на Претседателот на Р.Хрватска, во почетокот на 1993 година беше формиран Уредот за национална безбедност, што претставува почеток на формулирањето и развојот на УНС, но и почеток на конституирањето на разузнавачката заедница на Хрватска.

Моделот на новата разузнавачката заедница на Хрватска беше изграден врз основа на искуствата на американскиот модел, кој е прифатен и од голем број западни држави, а во поново време, доминантен модел кој е инкорпориран и во голем број посткомунистички држави во Европа. Основното јадро на разузнавачката заедница на Хрватска го сочинуваа две цивилни и две воени служби.

УНС претставува извршно тело кое ги усогласува, насочува и врши надзор на работата на телата на државната управа во сферата на функционирањето на системот за национална безбедност.

Врз основа на членот 2 од Законот за УНС, Уредот ги има следниве надлежности:[5]

---

[3] Ibid, стр. 96-97.

[4] Забелешка: Во овј дел од текстот ќе биде анализиран периодот од 1990–1995 година со двете развојни фази: 1990–1992 и 1993–1995 година.

[5] Закон о Уреду за националну сигурност (NN 37/95)., чл.2.

– ја усогласува работата на државните министерства во остварувањето на работите на националната безбедност;

–ја насочува и надгледува работата на разузнавачките и контраразузнавачките служби;

–ги обединува, расчленува и проценува разузнавачките податоци и извештаи потребни за остварување на уставните овластувања на Претседателот на Републиката и Владата на Р. Хрватска (РХ)[6] ;

–се грижи (обезбедува) контраразузнавачка заштита и безбедност на Претседателот на Републиката, Хрватскиот државен собор и Владата на РХ, како и објектите кои ги користат.

Заради остварување на целите–делокругот на својата работа, во рамките на УНС беа формирани следниве служби[7] :

–Хрватска разузнавачка слуба
(Hrvatska izvestajna služba)-HIS;
–Надзорна служба
(Nadzorna služba);
–Штаб за обезбедување
(Stožer osiguranja).

Во функција на успешно остварување на поставените цели на РЗ, беа формирани и стручни служби со примарна задача остварување на стручните работи:

–Национална служба за електронско извидување (NSEI)
(Nacionalna sluzba elektronickog izvidanja)-НСЕИ и
–Разузнавачка академија
(Obavještajna akademija).

Со УНС управува директор, кој го именува и разрешува Претседателот на РХ, кој исто така, на предлог на директорот на УНС ги именува раководителите на поodelните служби на УНС. Директорот на УНС по функција е одговорен за работата на УНС и на другите служби на УНС на Претседателот на Републиката.

Сите уставни и законски овластувања го промовираа Претседателот на Хрватска во централна фигура со широки овластувања и целосна контрола

---

[6] Забелешка: УНС го наследи Уредот за заштита на уставниот поредок кој беше основан во 1991 година со одлука на Претседателот на Р.Хрватска.

[7] Види поопширно: Tudman. M."HIS: 1993-1998, Prvih pet godina Hrvatske izvestajne sluzbe" во Zbornik Nacionalna sigurnost i buducnost, Svezak 1, 2001. стр. 23-29.
*Според: Tudman, M., " The First Five Year on the Croatian Intelligence Service: 1993-1998". In: National Security and the Future, No 1 (Summer 2000), p.p 57-58.*

врз функционирањето на сите членки на РЗ во Република Хрватска. Овие решенија своите оправдувања во тие турбулентни времиња низ кои поминуваше Хрватска ги засновуваа врз неколкуте основни премиси: изградба на новите институции на хрватската држава; татковинската војна и ослободување на окупираните територии, интензивниот ангажман во меѓународните односи (Вашингтонскиот и Дејтонскиот договор), присуството на меѓународните сили (ОН, НАТО), но и од клучната историска улога на претседателот Фрањо Туѓман како создавач на новата хрватска држава после крвавиот распад на СФРЈ.

Во првите години на конституирањењето на разузнавачката заедница на Хрватска неминовно беше и формирањето на тело со основна функција–координација и сихронизирање на работата на Министерствата во остварувањето на функциите на националната безбедност. За таа цел беше конституиран Штабниот одбор за национална безбедност (Stožerni odbor za nacionalnu sigurnost)–СОНС. „Шефот“ на УНС претседава со седниците на СОНС, додека членови на СОНС се и заменикот –директор на УНС, раководителот на ХИС и државните министерства.

УНС беше обврзан редовно да му поднесува извештаи на Претседателот и на Владата на РХ за прашањата и работите од интерес за националната безбедност. Во суштина, УНСД претставува мешовита, воено–цивилна организација во чиј состав има и воени структури во јачина на бригада вооружена и со тешко вооружување (тенкови, оклопни транспортери, борбени возила).

**Хрватска разузнавачка слуба - ХИС**
**Hrvatska izvestajna služba- (HIS)**

Хрватската разузнавачка служба беше конституирана во 1993 година како врховно аналитичко тело со примарна задача обединување, анализа, интеграција и распределување на сите релевантни разузнавачки податоци од стратегиски карактер за националната безбедност на Р.Хрватска.

Хрватската разузнавачка служба претставува централна служба во рамките на УНС и единствена надворешна разузнавачка служба на РХ во тој период.

Основните функции на ХИС беа следните:

–собирање на разузнавачки податоци од национален интерес во странство;

–расчленување, обединување, проценување и доставување на разузнавачките податоци и известувања на Претседателот на Републиката, раководителот на УНС, претседателот на Владата, како и на државните и

ресорните министри во Владата на РХ;

–соработка со странските разузнавачки служби;

–насочување и усогласување на работата на службите на РЗ на РХ;

Во структурата на ХИС функционираат следните дирекции:

–Дирекција за аналитичка работа;

–Дирекција за операции;

–Дирекција за научно–технолошка работа и

–Дирекција за административни и логистички работи.

Покрај презентираните надлежности на ХИС спаѓа уште еден спектар на функции утврдени со законот и со други прописи.

Со работата на ХИС управува раководител. Тој е одговорен за целокупното функционирање на ХИС и за извршување на задачите добиени од Претседателот на РХ, директорот на ХИС и Штабниот одбор за национална безбедност.

Исто така, раководителот на ХИС ги свикува и претседава со седниците на Координативниот одбор на разузнавачката заедница, ја усогласува работата на разузнавачките и безбедносните служби, ја претставува и ја застапува РЗ и ХИС во нивната меѓународна соработка со претставниците на партнерските и пријателските служби.

**Надзорна служба**
**(Nadzorna služba)**

Основната функција на Надзорната служба е надгледување на уставноста и законитоста во работењето на разузнавачките служби. Во делокругот на нејзините надлежности спаѓа следењето, собирањето и анализата на податоците за работата на службите кои дејствуваат во рамките на РЗ на РХ, како и службите и поделните единици на УНС.

Надзорот на работата на овие служби се остварува преку непосреден увид, со истражување или со вонреден надзор, со претходно барање.

Со оваа служба управува раководител, а службата ја сочинуваат постојан персонал и именувани претставници на службите, членки на РЗ на РХ.

**Штаб за обезбедување**
**(Stožer osiguranja)**

Штабот за обезбедување, во суштина, не претставува служба туку тело кое има задача да ја координира, надгледува и насочува работата на службите кои ги остваруваат функциите за обезбедување и заштита на лицата и објектите утврдени со закон.

Штабот ги предлага целите, стратегијата и плановите за заштита на

највисоките државни претставници–носители на највисоки државни функции (раководството на РХ), претседателите на странските држави, влади, парламенти, амбасади и сите други високи личности при посетата на РХ со посебна важност за интересите на државата.

Штабот има посебни обврски околу заштитата и обезбедувањето на Претседателот на Републиката, Хрватскиот државен сабор, Владата на РХ и другите личности од највисок ранг во државната хиерархија, како и објектите од посебен безбедносен интерес кои ги користат највисоките претставници на државната власт.

Во составот на Штабот дејствува Одборот на Штабот за обезбедување, кој го сочинуваат следните членови: раководител на Штабот, заменик–раководител на Штабот, помошник на раководителот на ХИС, задолжен за контраразузнавачка работа, надлежен помошник на министерот за внатрешни работи, надлежен помошник на министерот за одбрана, главен советник на Претседателот на Републиката, командантот на 1. Хрватски гардиски[8] и раководителот на Државниот протокол.

Во составот на Штабот за обезбедување се наоѓа и 1.ХГЗ (Хрватско–гардиски здруг), кој функционира под директна команда на раководителот на Штабот за обезбедување[9]. За разлика од ХИС и Надзорната служба, Штабот за обезбедување има и извршни ингеренции.

**Национална служба за електронско извидување - НСЕИ (Nacionalna služba elektronickog izviđanja-NSEI)**

Националната служба за електронско извидување претставува агенција на РЗ на РХ од понов датум, која оперативно дејствуваше во рамките на Централната служба за разузнавачко снимање на ГШ ВС на РХ.

Националната служба за електронско извидување е задолжена за координација, насочување и контрола на електронското извидување на сите видови сигнали надвор од државните граници, додека на територијата на РХ во фокусот на нејзино дејствување примарно место заземаат диверзантско–терористичките врски и неодобрените сигнали наменети за разузнавачки работи.

НСЕИ во исто време е главен носител на истражувањето, развојот, нормирањето, обуката, изградбата, одржувањето и контролата на

---

[8] Забелешка: Според информациите на Озрен Жунец, Раководител на Штабот за обезбедување е командант на 1. ХГЗ (Хрватски гардиски збор).

[9] Види поопширно: Zunec, Ozren (u.r) Hrvatska vojska, 2000: Nacionalna sigurnost, oružane snage i demokratija, STRATA istraživanje i SDP Hrvatske, Zagreb, 1999., стр.190-198.

криптографскиот систем и методите и органите на државната власт. НСЕИ според природата на своите активности претставува мешовита цивилно–воена установа задолжена за реализирање на разузнавачките телекомуникациски активности.

Раководителот на НСЕИ за своето работење и за работењето на службата е одговорен пред Директорот на УНС и пред СОНС.

**Разузнавачка академија**
**(Obavještajna akademija)**

Разузнавачката академија како значаен сегмент на УНС претставува нејзина наставна истражувачка установа. Во делокругот на нејзината работа спаѓа обуката и образувањето на кадри за РЗ на РХ.

Разузнавачката академија преку своите програми за работа обезбедува основно и специјалистичко образование за припадниците на РЗ, но во исто време, развива и сопствена издавачка дејност неопходна за контунирана едукација на целокупниот персонал ангажиран во составот на РЗ и пошироко.

Наместо заклучок можеме да констатираме дека УНС во почетната историска фаза на конституирањето на РЗ на РХ одигра исклучителна важна улога како јадро од кое во наредниот период ќе се изградува современата разузнавачко–безбедносна заедница на РХ. Нејзиното дејствување ги одбележи првите пет години (1993–1998) и од настанувањето и создавањето на хрватската држава и нејзиниот систем за национална безбедност, РХ беше вклучена во крвавиот распад на СФРЈ, период во кој се пишуваше и дел од историјата на хрватската разузнавачка заедница.

Во овој период, во рамките на Разузнавачката заедница на Р. Хрватска, покрај ХИС дејствуваат и следните служби:

–Безбедносно–информативната служба (СИС) на Министерството за одбрана;

–Разузнавачката управа на Генералштабот на Вооружените сили и

–Службата за заштита на Уставниот поредок (СЗУП) во рамките на Министерството за внатрешни работи.

**Безбедносно–информативна служба - СИС**
**(Sigurnosno-informationa služba-SIS)**

Безбедносно–информативната (известувачка) служба на Р.Хрватска беше формирана во април 1991 година во рамките на Министерството за одбрана. Според законските овластувања СИС првенствено е надлежна за планирање, организација и реализација на контраразузнавачките активности од воена природа. Исто така, во нејзина надлежност спаѓаат и активностите поврзани со физичката заштита на Министерството за одбрана на Р.Хрватска.

За време на војната во Хрватска и во Босна и Херцеговина во почетокот на нејзиното формирање СИС дејствуваше како исклучителна офанзивна военоразузнавачка служба на територијата каде што дејствуваа хрватските вооружени формации. СИС беше задолжена за заштита на единиците и установите на хрватската војска и на ресорното министерство. Со службата раководеше командант врз основа на уредбите и актите што ги донесуваше министерот за одбрана. „Заповедникот“ на СИС директно му беше одговорен на претседателот на Р.Хрватска и на директорот на УНС.

Во нејзина надлежност беа и воените аташеа, како и соработката со разузнавачките органи и установи на НАТО преку размена на разузнавачки податоци.

СИС преку своите одделенија дејствуваше во трите вида на хрватската војска, во командите на оперативните зони. Од октомври 1997 година, СИС формира и одделенија за операции, истраги на криминалните активности, контраразузнавачки и безбедносни работи на ниво на централната служба.

СИС нема овластувања кон цивилните лица–државјани на Р.Хрватска освен во случај на изведување воени операции (со одлука на министерот за одбрана). Во рамките на нејзините овластувања спаѓа и контраразузнавачката и безбедносната заштита на военото производство без оглед на учесниците во тој процес.

**Известувачка управа на Генералштабот на вооружените сили (Izveštajna uprava Glavnog stožera oružanin snaga - IZU-GS-OS)**

Во Министерството за одбрана на Р.Хрватска оваа управа беше позната и како Петта управа која дејствуваше како воено разузнавачка служба. Службата беше формирана во 1991 година со цел да спроведува разузнавачка координација на разузнавачките органи на сите три видови на хрватската војска, како и обезбедување на стратегиската разузнавачка поддршка на ГШ на ВС на Р. Хрватска. Во делокругот на нејзините надлежности значајно место зазема и собирањето на разузнавачки информации и сознанија од стратегиски и оперативен карактер за ВС на соседните држави и за другите држави кои би можеле воено да ја загрозат националната безбедност.

Во остварувањето на овие задачи на оваа служба не и беше дозволено да формира соработничка мрежа и да спроведува оперативни акции надвор од територијата на Р.Хрватска, освен во случај на војна.

Надвор од Р.Хрватска може само да разменува разузнавачки податоци со војските на државите со кои државата има воспоставено пријателска–партнерска соработка.

ИЗУ–ГС–ОС во суштина претставува разузнавачка управа на Генералштабот која во својот состав има четири одделенија:

1. Аналитичко одделение;
2. Одделение за прибирање разузнавачки податоци, посебно од човечки извори (ХУМИНТ);
3. Одделение за извидување и електронска разузнавачка работа (ЕЛИНТ, СИГИНТ/КОМИНТ), и
4. Одделение за безбедност на електронските комуникации на електронски контрамерки.

**Управа за разузнавачко–аналитички проценки (Uprava za izveštajno-analitičke prosudbe)**

Управата за разузнавачко–аналитички проценки претставува аналитичка воеразузнавачка установа која што функционира во рамките на Министерството за одбрана на Р.Хрватска од септември 1997 година. Оваа управа се наоѓаше под надзор на помошникот на министерот за одбрана за разузнавачка аналитичка дејност.

**Управа за меѓународна воена соработка**

Управата за меѓународна воена соработка на Министерството за одбрана на Р.Хрватска е должна да прибира податоци до кои доаѓаат воените аташеа во странство по пат на службена соработка со установите и институциите во кои се акредитирани.

Добиените информации служат за информирање на министерот за одбрана и на ХИС. Оваа управа нема законски надлежности за опративно дејствување во странство, ниту на територијата на Р.Хрватска.

**Служба за заштита на уставниот поредок (Služba za zaštitu ustavnog poretka-SZUP)**

Службата за заштита на уставниот поредок беше основана со „Законот за внатрешни работи од 17 април 1991 година, Законот за измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи од 1994 година, како и со измените и дополнувањата на истиот Закон од 1998 година“.[10]

Врз основа на одредбите на овој закон во составот на Министерството за внатрешни работи беа формирани следните служби и установи:

–Служба за заштита на уставниот поредок–СЗУП;

---

[10] “Zakon o unutarnjim poslovima”. Во: Narodne novine, Sluzbeni List Republike Hrvatske, God. XLVIII (CLIII) br. 29, Zagreb, 17.04.1991 god. стр. 800-810; “Zakon o izmenama i dopunama Zakona o unutarnjim poslovima”. Во: Narodne novine, Službeni List Republike Hrvatske, br. 76/94, Zagreb, 06.11.1994 godina.

–Служба за јавна безбедност (Полиција, основна, гранична, сообраќајна, поморска и др.);
–Криминалистичка полиција и
–Специјална полиција.

Службата за заштита на уставниот поредок беше конципирана како контраразузнавачка служба во функција на заштита на уставниот поредок на државата, посебно реализација на задачите за контраразузнавачка заштита на целокупната територија на Р.Хрватска.

За таа цел, таа имаше законска обврска да прибира податоци и информации и да презема други потребни мерки и активности во функција на спречување на активностите насочени кон насилно загрозување и рушење на уставниот поредок и загрозување на националната безбедност.

Исто така, во нејзиниот делокруг на работење спаѓа и заштитата од тероризам и организиран криминал на територијата на Р.Хрватска.

Според одредбите на член 13 од Законот за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи, внатрешната организација на оваа служба ја определува Владата на предлог на министерот за внатрешни работи.

Според определени сознанија СЗУП ја има следната организација:

- Централа;
- регионални центри, и
- испостави (во помалите места).

Централата на СЗУП се наоѓа во Загреб, а најзината внатрешна организација ја сочинуваа четири проблемски сектори:[11]

А. Сектор за оперативни работи со одделенија за противтероризам и контраразузнавачки работи;

Б. Сектор за аналитички и известувачки работи, организиран во одделенија за аналитички, известувачки работи и за документација;

В. Сектор за оперативно–технички работи, организиран во одделенија за електронски комуникации, специјална техника и информатика, и

А. Сектор за внатрешна заштита и правни работи, со две одделенија (за правни работи и избор на кадри и внатрешна заштита и безбедносни проверки). Второто оддление се делеше на два отсека (за внатрешна заштита на безбедносни работи).

[11] Савиќ, А., Делиќ, М., Бајагиќ, М. (2002). Безбедност света–од тајности до јавности. Београд: Институт безбедности. стр. 454.

„Првиот сектор беше ангажиран на работите кои се однесуваат на следење и истражување на сите дејности кои претставуваат закана или со кои се поткопува и руши уставниот поредок на Р.Хрватска, како и преземање на мерки и работа на попречување на сите облици на такви загрозувачки дејности. Покрај тоа, Секторот ги истражуваше активностите на терористичките организации и групи, како и другите екстремни групации на територијата на Хрватска, насочени кон поткопување на суверенитетот и интегритетот на Р.Хрватска. Вториот сектор за извршување контраразузнавачки работи, ги истражуваше и документираше активностите на странските разузнавачки служби, како и спречување на странските разузнавачки продори на територијата на СР Хрватска.

Третиот сектор се занимаваше со развој на електронските, односно оперативно–техничките средства за прислушкување и нивната оперативна примена.

Конечно, четвртиот сектор ги извршува работите и задачите на планот на безбедносната заштита (контраразузнавачка заштита на објектите и службениците на СЗУП) и внатрешна контрола, физичка и друго.

Со оглед дека СЗУП е наследничка на Службата за државна безбедност на Р.Хрватска (Служба државне сигурности–СДС), може да се претпостави дека регионалните центри на службата беа лоцирани во истите места како во времето на СДС“.[12] СДС на СР. Хрватска имаше седум одделенија (управи) и тоа: за внатрешниот непријател, за политичка емиграција (веднаш беше укината со формирањето на СЗУП), за контраразузнавачка работа, за оперативна техника, документација и евиденција, заштита на безбедносно–заштитуваните лица и објекти и за одбранбени подготовки.

Контролата над законитоста во работењето на СЗУП ја спроведуваше Одборот за внатрешна политика и национална безбедност во Претставничкиот дом на Собранието на Р.Хрватска. Одборот го известуваше Собранието за спроведувањето на сите законски овластувања на службата. Врз основа на презентираните извештаи, Претседателот на Р.Хрватска имаше право и обврска да утврдува и да дава насоки и да покренува иницијативи за преземање нови мерки во областа на целокупната безбедност на државата,

СЗУП не може оперативно да дејствува надвор од територијата на Р.Хрватска, освен кон своите државјани.

---

[12] Zunec, O., Domisljanović, D. (2000). Obavještajno sigurnosne službe Republike Hrvatske (stanje i načela preustroja za razdoblje konsolidacije demokracije. Zagreb: Naklada jesenski i Turk. str. 56.

Во драматичниот период на нејзиното формирање кој кореспондира со распадот на Југославија, СЗУП одигра значајна улога во зачувувањето и остварувањето на националните и државните интереси на Р. Хрватска и во голема мерка помогна во нејзиното конституирање како самостојна држава, како и во консолидацијата на демократијата во периодот од огромна историска важност за создавањето на модерната хрватска држава.

**VII управа на Министерството за надворешни работи**

Седмата управа на Министерството за надворешни работи на Р.Хрватска иако не претставува членка на нејзината разузнавачка заедница, во овој контекст ќе биде елаборирана со оглед на природата на активностите кои ги спроведува на разузнавачки план. Формирана е со Законот за надворешни работи од 1991 год, како и со Законот за надворешни работи од 1996 година. Според својот карактер и делокругот на работа претставува ресорна цивилна разузнавачка служба–еквивалент на поранешната југословенска Служба за истражување и документација (СИД), која дејствуваше во рамките на Сојузниот секретаријат за надворешни работи на СФРЈ.

Седмата управа–безбедност и комуникациски системи (VII Uprava-Sigurnost i komunikacijski sustavi) имаше за цел заштита на сопствените телекомуникациски системи, работните простории и персоналот, прибирање на разузнавачки информации од безбедносен карактер, како и значајни разузнавачки информации од странство.

Управата спроведуваше надворешни разузнавачки активности преку своите дипломатско–конзуларни претставништва во странство–активности кои не се „забранети со законите и другите прописи“ на земјите на нивниот прием.[13]

Исто така, Седмата управа беше задолжена и за анализа, класификација, обединување и доставување на значајните разузнавачки сознанија на раководните структури на Министерството за надворешни работи, а преку него и до останатите членки на разузнавачката заедница на Р.Хрватска.

Во овој контекст логично се наметнува и прашањето дали постоеше дуплирање на нејзините активности со спектарот на разузнавачки активности на ХИС, или определено ривалство.

Според потенцијалите на двете служби можеме да констатираме дека ХИС претставува служба за стратегиско разузнавање и служба со централно

[13] Види поопширно: “Zakon o vanjskim poslovima” Republike Hrvatske, Narodne novine od 08.10.1991 godina.

разузнавачко значење во рамките на разузнавачката заедница на Р.Хрватска, додека Седмата управа претставува ресорна разузнавачка и безбедносна служба–установа во функција на успешно остварување на дипломатските активности на хрватската држава.

## Заклучок

Разузнавачка заедница на Р.Хрватска има мошне динамичен историски развој, кој започна по спроведувањето на првите демократски повеќепартиски избори во 1990 година во самостојна Хрватска. Историските настани во тој период на сериозна воена криза што ја зафати Југоисточна Европа (посебно териториите на републиките и покраините на поранешна СФРЈ) се сменуваа со филмска брзина. Тоа беше период на најкрвава криза низ кој поминуваше Европа во втората половина на XX век.

Во составот на Разузнавачката заедница на Р.Хрватска централно место заземаше ХИС (како средишна служба на УНС), служба чиј развој неизбежно се поклопува со почетното формирање и развој на новите институции на хрватската држава. Разузнавачката заедница на Р. Хрватска имаше историска шанса своето значење и своите потенцијали да ги стави во функција во едно сериозно внатрешно и надворешно безбедносно опкружување (татковинската војна за ослободување на окупираните територии и мошне интезивен ангажман на меѓународен дипломатски план (Вашингтонскиот и Дејтонскиот договор).

Од своите активности во голем број разузнавачки и контраразузнавачки операции, членките на РЗ на Р. Хрватска оставија силен печат и огромен придонес во сите историски и воени промени на независна Хрватска во почетните години на нејзиното самостојно функционирање (меѓународно признавање, ослободување на окупираните територии и имиграција во меѓународните организации и институции). Историјата на РЗ на Р.Хрватска е во тесна корелација со создавањето и развојот на Република Хрватска и на нејзините државни институции, со духовната и моралната сила на хрватскиот народ и на неговото водство да ги остварат проектираните витални национални и државни интереси и цели.

Во овој контекст, мошне е поучно да се потенцира и нивното визионерство и навремените подготовки и формирање на сите неопходни државни институции со цел подготвени да ги дочекаат и елиминираат сите историски и политички стапици и сериозни безбедносни ризици и предизвици.

Значајна улога во сите овие историски пресвртни моменти им припаѓа и на сите членки на разузнавачката заедница кои некогаш имаа и определени слабости и грешки, но никогаш не ја испуштија од вид крајната национална и историска цел.

„Sapere aude", претставуваше геслото на ХИС, кое беше запишано на нејзиниот грб. Смислата на оваа латинска поговорка е „Осмели се да бидеш мудар (Хорацие), и „Имај сила да се послужиш со сопствениот разум“ (Кант). Во суштина, односно буквално оваа поговорка значи „Со слушање до мудрост“, а нејзиното основно значење е: „Биди интелигентен“.

Историските настани потврдија дека овие служби и другите институции на хрватската држава мошне интелигентно ги пресретнаа сите нови историски предизвици и Р.Хрватска ја донесоа пред портите на НАТО и на ЕУ.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Закон о Уреду за националну сигурност (НН 37/95)., чл.2.
2. Zunec, Ozren (u.r) Hrvatska vojska, 2000: Nacionalna sigurnost, oružane snage i demokratija, STRATA istraživanje i SDP Hrvatske, Zagreb, 1999.
3. „Zakon o unutarnjim poslovima”. Vo: Narodne novine, Službeni List Republike Hrvatske, God. XLVIII (CLIII) br. 29, Zagreb, 17.04.1991 god.
4. „Zakon o izmenama i dopunama Zakona o unutarnjim poslovima”. Vo: Narodne novine, Službeni List Republike Hrvatske, br. 76/94, Zagreb, 06.11.1994 godina.
5. Савиќ, А., Делиќ, М., Бајагиќ, М. (2002). Безбедност света–од тајности до јавности. Београд: Институт безбедности.
6. Zunec, O., Domisljanović, D. (2000). Obavještajno sigurnosne službe Republike Hrvatske (stanje i načela preustroja za razdoblje konsolidacije demokracije. Zagreb: Naklada jesenski i Turk.
7. „Zakon o vanjskim poslovima” Republike Hrvatske, Narodne novine od 08.10.1991 godina.
8. Tuđman. M."HIS: 1993-1998, Prvih pet godina Hrvatske izveštajne službe" vo Zbornik Nacionalna sigurnost i budučnost, Svezak 1, 2001. Tuđman, M., „The First Five Year on the Croatian Intelligence Service: 1993-1998". In: National Security and the Future, No 1 (Summer 2000).

# КООРДИНАЦИЈАТА КАКО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ МЕНАЏМЕНТ

**Оливер БАКРЕСКИ,**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии – Скопје

**Апстракт:** *Во трудот е направена анализа на координацијата како една од поважните функции на безбедносниот менаџмент. Одделните елементи и субјекти на безбедносниот сектор за рационално и успешно остварување на безбедносната функција меѓусебно ги координираат своите активности. Координацијата е основа за опстанокот и за успешното функционирање на секоја држава. Координацијата ја обезбедува динамичката рамнотежа меѓу субјектите во безбедносниот сектор преку заемното поврзување на нејзините компоненти и таа се одвива во сите дејности на одделните делови или поединци. Најчесто, координативната улога припаѓа на врвниот менаџмент во соодветните институции и претставува една од најважните улоги.*

**Клучни зборови**: *координација, менаџмент, безбедносен менаџмент, институции, национална безбедност*

# COORDINATION AS FUNCTION OF THE SECURITY MANAGEMENT

**Abstract:** *The paper presents an analysis of coordination as an important function of the security management. Certain elements and subjects of the security sector coordinate their activities interchangeably, in order to gain rational and successful execution of security function. Coordination is the foundation for viability and successful functioning of every state. Coordination provides the dynamic equilibrium among the subjects in the security sector through mutual interrelation of its components and it is executed by separate parts or individuals throughout their activities. In most cases coordination role belongs to the top management in respective institutions and represents one of the most important roles.*

**Key words:** *coordination, management, security management, institutions, national security.*

## 1. Општо за координацијата

Силните промени што се евидентни во сите сегменти на општеството можат да се следат и да се осмислат само преку институциите на системот во чии рамки треба да се остварува и основната функција што се однесува на обезбедување на мирот и стабилноста на државата. Извршувањето на таа функција подразбира да се наметне потребата од концентрација на материјален и човечки потенцијал, потреба од координација, поврзување и насочување на многубројните знаења и способности, ефикасна употреба и распоред на времето во однос на човековите активности и особено потребата од организирано реализирање на поставените цели.

Потребата за организација и координација на планираните активности меѓу извршителите на определени функции е повеќе од евидентна, зашто, отсекогаш од развојот на најмалите човекови заедници во кои се одвивал секојдневниот живот, па сѐ до најмоќните институции во современата цивилизација, феноменот на организацијата и координацијата е основна рационална претпоставка за нивно постоење.

Координацијата произлегува од меѓузависноста на компонентите на институцијата и од степенот на меѓузависност на луѓето во самата институција или орган. Кога за реализација на задачите е потребна комуникација помеѓу институцијата или органот, тогаш е потребен висок степен на координација. Кога размената на информации е од помало значење, задачата може поефикасно да се реализира со помали интеракции, односно координации. Исто така, висок степен на координација е од голема корист за работа која не е рутинска и која е непредвидлива, за работа кај која се менуваат факторите на опкружување и за работа кај која има голема меѓузависност.

Во некои институции координација се постигнува преку стандардизација што воспоставува рутина и правила што секоја организациона единица и секој поединец во него ги присилува на дејност да функционираат на ист и постојан начин. Координација преку стандарди нема потреба од чести комуникации, од голем број решенија за време на специфичен период на операциите.[1] Таа повеќе или помалку ги елиминира и разните конфликти што на разни нивоа искрснуваат во организацијата. Од многубројните конфликти, природно присутни во сложената структура на организацијата, три особено се однесуваат на координативниот процес, а тоа се: конфликт на лични интереси и на интересите на организацијата,

---

[1] Thomson J., *Organization in Action*, McGraw Hill, New York, 1967, p.5.

односно делот на организацијата, второ, конфликт на интересите на разните делови од структурата и трето, конфликт на интересите на целата организација. Координацијата не може да ги реши конфликтните состојби што имаат подлабока социјална заднина, туку до извесен степен ги ублажува и поуспешно ги разрешува оние што произлегуваат од сложеноста на организационата активност.[2]

Менаџерите ја остваруваат координацијата на два начина: прво, тие добро го потпомагаат координирањето преку адекватна организациона структура и избирање способни и извежбани поединци, понатаму преку објаснување на интегралните планови и програми кои подредените ќе ги извршуваат, како и воспоставување средства за определување дали плановите и програмите се извршени адекватно. Второ, тие треба да се убедени дека нивните подредени ги разбираат принципите на координирање и важноста на дејствување во согласност со нив.[3]

Потребата за координација произлегува од разликата во ставовите меѓу членовите на самата организација. Денес, најчесто зборуваме за четири извори на разлики во ставовите помеѓу членовите на соодветната организација[4].

Прво, разлики во однос на целите. Ваквите разлики се резултат на настојувањето на секој дел на организацијата или секој поединец на организацијата да наметнат цели на својата организациона единица или на своите струки како доминантна организациона цел. На пример, менаџерите во безбедносниот сектор секогаш ќе даваат предност на безбедносните работи над останатите сегменти во работата, додека финансиските стручњаци инсистираат на смалување на трошоците во производството и сл.

Втората разлика произлегува од различниот однос спрема времето. Некои менаџери во организацијата се залагаат за моментално решавање на проблемите, додека другите инсистираат на долгорочни решенија. Ваквата разлика е последица на природата на работите со кои се занимаваат одделни менаџери. На пример, менаџерите во безбедносниот сектор кои се занимаваат со оперативна работа или старешини од полициските единици кои решаваат некои конкретни проблеми мора решението да го имаат во истиот момент, затоа што во спротивно во некои ситуации како на пр. справување со некој голем неред или обезбедување на некој важен настан ако нема брзо решение

---

[2] Види: Чокрески Т., *Организационо општество,* НИО Студентски збор, Скопје, 1995, стр.109-110.

[3] Petit T., *Fundamentals of Management Coordination,* New York, 1975, p.52.

[4] Овие разлики на ставови и ваквата градација ги застапуваат повеќе автори (Ј. Тодоровиќ, Лоранс, Лорч итн.).

ситуацијата може да излезе од контрола. Ова е причина поради која овие менаџери оценуваат дека мора да има единствени решенија кои веднаш се применливи. За разлика од нив менаџерите, кои се занимаваат со развојни активности, планирање и проценување, своите активности ги насочува кон иднината и нивните ефекти се видливи после одредено време.

Третата разлика се однесува на разликите во интерперсоналните односи. На пример, кај извршувањето на одредени безбедносни задачи, посебно во војската и во полицијата, комуникацијата бара брза размена на информации и на автоматско донесување и извршување на одлуки. Од друга страна, кај планско-аналитичките и развојно-истражувачките работи комуникацијата е поспора и се бара интерактивен однос, поголема креативност и гледање на проблемите од различни агли.

Четвртата разлика произлегува од степенот на формализација. Секоја организирана единица има различни стандарди во оценувањето на степенот на достигнатите цели. Разликите се често последица на различни дејности кои се извршуваат во различните организациони единици. Некои организациони единици се занимаваат со лесно мерливи работи каде што не е тешко да се воспостават стандарди на квалитетот, врз основата на кои е можно да се објективизира контролата, додека другите се занимаваат со флуидни работи каде што објективизацијата често е невозможна. Во областа на безбедносниот менаџмент, објективната контрола често е невозможна поради тоа што работите кои ги извршуваат делови од организацијата задолжени за безбедност не можат да се измерат веднаш како кај останатите сектори во државата.

## 2. Дефинирање на координацијата

Во институциите секојдневно се вршат мноштво активности кои ги извршуваат организаторите, соработниците, управувачите, помошно-техничките кадри и други. Ефикасното извршување на овие активности зависи од тоа дали постои усогласеност и синхронизираност помеѓу вршењето бројни активности, како и помеѓу самите извршители, што во литературата е познато под поимот **координација**.

Поимот координација потекнува од латинскиот збор coordinare и означува усогласување на повеќе дејности за поуспешно работење и остварување одредени цели.[5]

---

[5] Микуновиќ Љ., *Современ лексикон на странски зборови и изрази*, Наша книга, Скопје, 1990, стр.330.

Координацијата е дефинирана на различни начини.

Така, Џ. Мајнер смета дека координацијата значи синхронизирање на акциите на луѓето во организацијата, а една од главните цели на секој менаџмент е да оствари таква синхронизација. Координирањето се дефинира и како процес на управување со конфликтите со цел да ги спречи да станат жестоки и да го прекинат остварувањето на задачите.[6]

Според Џ.Муни, координирањето се смета како посебна функција на менаџментот и тоа може да се дефинира како точно доведување во ред на напорот на групата за да се обезбеди единство на акцијата следејќи ја општата цел.[7]

Во аргументацијата на Џ. Морган стои дека координацијата е процес на комуницирање со другите, внатре и надвор од менаџерската контрола, за да се постигне нивна кооперативност, било тие да влијаат или да се под влијание на менаџерските активности.[8]

П. Лоренс и Џ. Лорч координацијата ја дефинираат како процес на обединување на напорот помеѓу различни потсистеми во остварувањето на задачите на организацијата.[9]

Според И.Симеонов, координирањето е онаа постојана осмислена дејност во управувањето во институцијата, преку која се внесува хармонија, паралелност, пропорционалност и ритмичност во работата на извршителите, со цел да се постигне посакуваниот резултат во строго определено време.[10]

Според О. Стевановиќ, координацијата е процес со кој се интегрираат активностите на одделни сектори за да може ефикасно да се реализираат поставените цели. Без координација луѓето губат претстава за улогата што ја имаат во целокупната организација и доаѓаат до искушение да тргнат по патот на интересите на сопствените сектори на штета на организациските цели. [11]

Проф.Т. Чокрески, координацијата ја подведува како општ организационен процес, фундаментален за успешно и рационално функционирање на секоја организација. Координацијата за основна цел го

---

[6] Miner J., *Management Theory*, The Macmillan Company, New York, 1971, p.392.

[7] James D. Mooney: *The Principles of Oorganization*, Harper and Row publishers, New York, 1947, p.5.

[8] Morgan J., *Principles of Administrative and supervisory Management*, Prentice-Hall, Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1973, p. 26.

[9] Paul R.Lawrence, Jay W. Lorsch: *Differentiation and Integration in Complex Organizations*, Administrative Seience Quarterly, vol.12, No.I, june 1967, p.45.

[10] Симеонов И, *Основи на организацията и управлението во училището в прехода към пазарна икономия*, Университетко издателство, София, 1995, стр. 35-89.

[11] Стевановић О., *Руковођење и командовање*, Полицијска академија, Београд 1999, стр. 122.

има усогласувањето на повеќе компоненти и фактори во однапред замислено дејствување. Во исто време, таа ги елиминира можните пречки што искрснуваат во нејзината активност. Исто така, таа повеќе или помалку ги елиминира и разните конфликти што се појавуваат на разни нивоа во институцијата.[12] За разлика од координацијата, според истиот автор, координативниот процес ги опфаќа активностите во организацијата со чија помош се усогласуваат специјализираните улоги и елементи меѓу себе со намера да се остварат целите на организацијата или координативниот процес претставува усогласување на активностите на поединците, на деловите и на целата организација, според однапред определен план, програма или постапка, со намера смислено да се поврзе определен труд.

Според професорот Т. Гоцевски, координацијата претставува функција на современиот менаџмент што подразбира постапки за остварување на формулираните цели, комуницирање со сите, со цел да се обезбеди синхронизираност, усогласеност и кооперативност, да обезбеди добри работни односи, единство во активностите и сл.[13]

Според тоа, ако се направи обид да се дефинира координацијата може да се каже дека *таа е неопходност при што во извршувањето на определени задачи се ангажираат голем број извршители кои се појавуваат и кои практикуваат различни мислења за идентични прашања. Координацијата е неопходна заради приближување на мислењата со цел да се обезбеди остварување на поставените цели.*

Координацијата е тесно поврзана со безбедноста и одбраната. Различни автори различно ја интерпретираат оваа меѓузависност. Така, за некои автори, координицијата е заедничко поврзување на задачите на државните органи потребни за остварување на безбедноста и одбраната. Според други, координацијата е свесен процес на синхронизирање и составување различни активности за безбедност со цел органите на државната власт да можат да функционираат како една хармонична целина во процесот на остварување на безбедноста. Според трети, координацијата се дефинира како процес на управување со конфликтите со цел да се спречи нивната жестокост, а со тоа и стремежот за попречување на нормалното функционирање на системот. Ваквата компелација на размислувања има одлучувачко значење во непреченото функционирање на безбедносниот

---

[12] Т. Чокревски, *Организационо општество,* НИО Студентски збор, Скопје, 1995, стр. 109.

[13] Т.Гоцевски, *Образовен менаџмент*, Македонска ризница, Куманово, 2003, стр. 330.

систем во мирновременски услови, или, пак, за негово преживување во кризни ситуации.

**3. Видови координација**

Во современи услови координацијата претставува значаен процес што го практикуваат менаџерските кадри за да можат поуспешно да ги постигнат поставените цели на соодветната институција.

Координацијата е важна функција во самата организација. Таа во исто време е и дисперзирана по територијата на целата земја, со единствена примена на постојните прописи и регулативи во специфичен простор, климатски и други особености на локалитетите во кои се лоцирани нејзините потсистеми.

Суштината на координацијата е преку надминување на недостатокот и на грешките што се појавуваат во работата, да се надоградат проектираните цели. Тоа значи дека е невозможно да постои заедничка работа ако не постои координација, односно да се усогласат активностите по место, време и приоритети.

Во литературата постојат различни мислења за тоа колку видови координација постојат.

Најчесто координацијата може да биде[14]:

а) вертикална;

б) хоризонтална и

в) дијагонална.

*Вертикалната координација* се практикува во сите видови организации. Таа се одвива помеѓу различни нивоа на управување и на раководење. Нејзината суштина е да ги усогласува плановите, задачите, целите и интересите меѓу високото и ниското организациско ниво, односно интеграција кон целите кои се извршуваат меѓу претпоставените и потчинетите. Оваа координација доминира во воената и во полициската организација, па затоа таа има поголема специфична тежина во однос на другите видови координација.

*Хоризонталната координација* се одвива помеѓу единиците на исто организациско ниво и поставеност. Хоризонталната координација е усогласување на активностите на исто организациско ниво. Многумина сметаат дека оваа координација е вистинската што постои во воената организација, зошто се заснова по линија на исто хиерархиско ниво. Во оваа координација

[14] Пошироко види: Бакрески О., *Координација на безбедносната заедница во Република Македонија*, Филозофски факултет, Скопје, 2005, стр. 31.

извршителите од исто ниво или ранг, ги усогласуваат меѓусебните активности преку меѓусебното комуницирање. Се поаѓа од ставот дека со сите проблеми на функционирање на некој дел на воената или полициската организација не треба да се оптоварува „шефот", особено ако проблемите можат да се решат на исто ниво на хиерархија.

*Дијагоналната координација* се појавува и се остварува помеѓу различни нивоа на функции на институцијата. Оваа координација повеќе се однесува на информирањето, давањето поддршка, давањето идеи или соработката меѓу различни делови во организацијата кои не се хоризонтално или вертикално поврзани, но се наоѓаат во функционални односи.

Покрај овие критериуми координацијата може да се подели и според *организационите* и *формалните* карактеристики. Во организациска смисла координацијата може да биде интерна и екстерна. Интерната координација се остварува помеѓу внатрешните елементи на организацијата, додека екстерната координација се остварува помеѓу внатрешните елементи на организацијата и опкружувањето.

Според формалните карактеристики координацијата може да се појави како: насочување на работата, соработка, обединување на работата, заедничка работа, испомош и содејство. Обединување на работата и испомошта спаѓаат во вертикална димензија на координацијата, кој ја реализираат повисоките нивоа на менаџментот спрема ниските нивоа. Насочувањето на работата најчесто е во рамките на хоризонталната и литералната координација, додека соработката и заедничката работа спаѓаат во хоризонтална димензија на координацијата и покрај тоа што редовно произлегува од одлуките на повисоките нивоа на менаџментот.

Во согласност со карактеристиките, координацијата може да биде: *по место, по време* и *по задачи*. Координацијата во извршувањето на која било задача се врзува за простор и време, а се координираат процесите од материјален, енергетски или информациски карактер.

Според процесот во кој може да се остварува постои:[15] *координација во самата институција, координација со општественото опкружување, координација со надлежните органи и институции, координација со слични институции од странство.*

[15] Исто., стр. 32.

## 4. Внатрешна димензија на координацијата

### 4.1. Координирачките улоги на Владата како варијабли кои ги оцртуваат политичко - административните и безбедносните релации

Владата е автономна политичка институција на која ѝ е доверено да донесува одлуки во интерес на општеството и на неговите репрезентативни институции. Суштинско прашање за политичката димензија е како да се задржи единството на Владата или легитимитетот на нејзините одлуки.

Владата може да ја задржи својата легитимност само со политичка координација во одлучувањето. Од друга страна, Владата може да го организира функционирањето во државата со помош на администрацијата и со оптимални начини на организација на разните сектори во општеството. Владата мора да одговори на многу проблеми и да создаде услови за нивно ефективно решавање.

Политичката координација е дефинирана како хармонија од одлуки/активности, кои ќе овозможат легитимитет на Владата. Политичката координација се користи за развој на еден посебен вид врска помеѓу различни политички програми. Овој тип на координација мора да обезбеди сите учесници кои ја имплементираат политиката да ги усогласат своите активности и ресурси за да ја постигнат крајната цел на политиката – ова е хоризонталната димензија на координацијата. Во вертикалната димензија изложувањето на сопствената политика може да ја спречи координираната имплементација, особено на ниво на улична бирократија. Координацијата значи дека интересот на различни социјални сегменти мора да биде избалансиран во владините одлуки, за да не се предизвикуваат социјални тензии. Владините одлуки би промовирале политички конфликти, бидејќи тие можат да промовираат интереси на една заедница, на штета на друга.

Дејствувањето и ефективноста на одлучувањето – како административна димензија може да се постигне благодарение на структурите за поддршка на кабинетот: комисиите, советниците, и сл. За да може тоа успешно да се реализира, потребна е административна димензија на координирацијата на одлучувањето[16]. Постојат повеќе нивоа на координација, каде што политиката и администрацијата се комбинираат на различни начини и формираат различни

[16] Идејата за анализа на политичко-административната дихотомија низ проблемите на ниво на координација произлегува од Guy Peters, Managing *Horizontal Government. The Politics of Coordination,* Canadian Centre for Management Development, 1998.

конфигурации. Степенот и начините на координација ги балансира Владата, така што легитимитетот и ефикасноста претставуваат базични варијабли на политичко-административната дихотомија. Политичко-административната рамнотежа е осигурана во случај кога структурите и средствата за менаџмент во Владата ќе овозможат повеќе или помалку избалансирана координација на политиката во сите димензии.

Исто така, Владата има потреба од легитимен систем на координираност помеѓу владиниот кабинет, претседателскиот кабинет и посебните министерства, како и помеѓу министерствата и разните државни агенции. Ваквата поврзаност овозможува проблемите што се појавуваат во кој и да е дел од власта, да можат да бидат заедничка сопственост и заедничка одговорност.[17] Така, комплексноста на организационата територија се поедноставува, бидејќи внатрешната регулатива е така дизајнирана да ги ублажи последиците од евентуалните проблеми или потполно да ги анулира.

За да се надмине тоа најчесто се практикува Владата акцентот да го стави на координирана имплементација на секторските политичко-административни интереси преку формирање интерминистерско тело за координација. Ова тело би требало да се фокусира на детализирање и на воспоставување рамнотежа помеѓу интересите на повеќе сектори.[18]

Значи, телото само по себе се задржува како унифициран субјект во фокусирањето на стратегиските политички одлуки. Еден од индикаторите на ова политичко единство е улогата на генералните политички дискусии во

---

[17] Искуствата покажуваат дека по прашањето на координацијата најголема пречка се институции што не се формирани од Владата. Оттука, координацијата повеќе ќе биде потребна во децентрализираните, дисперзирани агенции и тела, отколку во централизираните, односно на структура која е лоцирана на едно место. Тоа е природно, бидејќи дисперзираните агенции и тела често функционираат во различни услови, одлуките се донесуваат на повеќе места, што ја зголемува потребата од координација, за да не се отстапи од основните поставки во функционирање на целокупниот систем. Во однос на нивната работа и самата нивна организација која е линеарно организирана, т.е. е составена од повеќе егзекутиви кои се на исто ниво и сите се задолжени за сопствената координација, секоја од нив мора да реши која од другите ќе биде информирана и каков квантитет и квалитет на информации тие ќе добијат. Во некои држави, вклучувајќи ја и Република Македонија постои практика сите подеднакво да се информираат, тогаш се создава маса од некорисни извештаи кои постојано циркулираат и не се интересни за секој предлог. Во вакви услови кога постојано се добиваат многу непотребни извештаи од сите и за сите, голема е веројатноста да се загубат или да се направи превид за важни информации за одлучувачки прашања. Од друга страна кога луѓето ќе се трудат да ги испраќаат своите извештаи само на оние што би биле заинтересирани за нив, можат да се направат големи грешки.

[18] Во многу држави, особено во оние со европска традиција, ваквите тела или самиот кабинет играат/игра централна улога во формулацијата на политиката и координацијата помеѓу министерствата. Ова тело е најодлучувачко тело на владата и сите главни прашања мора да добијат одобрување од ова тело.

извршната власт. Во случај на коалициона Влада, на пример неговиот кредибилитет ќе значи интервенција во секторската политика и тоа може да се најде во улога на посредник помеѓу раздвоената владина коалиција. Во овој случај координацијата најчесто се раководи на принципот на задолжителна одговорност, во кој сите владини министри се задолжени да ја поддржуваат одлуката која е донесена. Тука, терминот извршна власт се користи за да демонстрира дека постои фрагментарност и координација во центарот на власта.

Иако е јасен и широко прифатен фактот дека ефикасноста на институциите од јавен интерес е детерминирана и во голема мера зависи од јасно дефинирање на улогата и должностите на институциите вклучени во управувачкиот систем како впрочем и од процедурите на заемната соработка и координација, понекогаш се чини дека не е баш јасно како да се направи тоа. Во повеќето држави посебно тие формирани после 1990 година, тоа делумно се должи поради „условно отпорот“ за да се направи драстична промена во врска со одамна научените начини и навики за вршење на работите, па веројатно оваа е една од најтешко изводливите работи. Длабоко вкоренет строго хиерархискиот приод треба да се осовремени и да се поддржи со други помошни методи со цел да се овозможи ширење на различни гледишта, визии и идеи низ структурите, со крајната цел во изнаоѓање на најдобрите решенија за добробит на општеството, а не за индивидуални политички интереси или за интереси на одделни групи.

## 5. Надворешна димензија на координацијата

Координацијата на безбедносниот сектор во рамките на националните држави се смета дека може да се постигне многу лесно затоа што станува збор за цврсто структурирани безбедносни компоненти во државата кои дејствуваат врз основа на исти правни норми и се потчинети на исти политички авторитети, цели и вредности. Од друга страна, меѓународните организации дејствуваат на просторот на најмалку две држави, а често и на просторот на цел континент, што претставува сериозна потешкотија кога е во прашање координацијата. Меѓутоа ваквите организации најчесто се стремат за формирање модел на организација, кој овозможува големо ниво на самостојност на секоја организациона единица (држава), а координацијата се воспоставува само на ниво на исполнување на мисијата на организацијата на која и припаѓаат сите организациони единици кои помалку или повеќе самостојно извршуваат дејност на тероторијата на државата на која и припаѓаат.

Во меѓународните организации, како што се ООН, НАТО и ЕУ, потребата за координација е многу поголема поради потребата за

интероперативноста на силите кои учествуваат во заеднички безбедносни операции.

Силите на **Обединетите нации** кои учествуваат во мировните операции во светот, сѐ почесто се соочуваат со проблеми со координацијата. Ова се должи поради фактот што не постојат вооружени сили на ООН, туку мировните контигенти ги сочинуваат вооружени сили од земјите–членки на ООН, кои доброволно ставаат на располагање одредени воени единици заради учество во мировни операции.[19] Прашањето на координацијата за кои во колективните акции на ООН постои голема потреба се јавува како едно од клучните проблеми од чие решавање зависи успехот на мировните операции. Треба да се има предвид дека сите единици вклучени во мировните контигенти во извршување на потребните активности се раководат од своите национални правила на служба и дека ги почитуваат своите организациско-формациски структури. Обединетите нации се организација која собира суверени држави и нема можност на која било членка која ќе ангажира вооружени сили во мировните контигенти да и наметнува наредби во поглед на организацијата и функционирањето на единицата која се наоѓа во мировен контингент.

Современите операции на ООН, кои сѐ повеќе стануваат операции за наметнување на мир се сѐ посложени и бараат високо ниво на координација на сите учесници во операцијата. Просторната координација се постигнува со формирање на посебно тело за координација во кое влегуваат претставици од сите земји кои се ангажирани во самите операции, со јасно дефинирани задачи од секоја држава, пред нејзините вооружени сили да прифатат учество во мировните операции, поделба на зони и региони на одговорност кој и припаѓа на секоја земја која учествува во мировните операции и други начини за кои ќе се оцени дека се ефикасни.

Координацијата во рамките на **НАТО** се остварува во голем број тела во кои се артикулираат мислењата на сите претставници на државите членки на НАТО. НАТО е воено-политичка алијанса заснована на политичка и на воена соработка на независни земји-членки, воспоставена според член 51, од Повелбата на ООН. Во досегашното шестдецениско постоење оваа суправна-

---

[19] Заради зачувување и воспоставување на мирот во одделни региони или земји, ООН може да организира меѓународни вооружени сили. Тие се состојат од воени контингенти кои ги ставаат на располагање одделни земји-членки на ООН, во согласност со однапред постигната спогодба. Со спогодбата, особено, се уредуваат следните работи: јачината на меѓународните вооружени сили, нивниот состав и нивната структура, статусот, организацијата, задачите, времетраењето на мандатот и почетокот на употребата, начинот на командувањето, финансирањето, политичката контрола над нивното функционирање.

ционална организација минува низ неколку „условно“ развојни фази, но начинот на донесување одлуки не се менува.

Иако членките на НАТО се суверени земји што ја задржуваат својата независност во сите сегменти на општественото живеење, со различни историски, културни и други обележја, со различна големина и со различен број население, сите заедно, во рамките на НАТО, имаат еднакви права, односно тие имаат право на еден глас. Оттука, и одлуките на Советот на НАТО се донесуваат со заедничка согласност. Или, поинаку кажано, консензусот е правило на Организацијата. Во тој поглед, посебно значење има тесната политичка соработка меѓу членките. Во редот на најважна соработка, што се одвива во неа, спаѓаат: прво - целосна меѓусебна информираност на нивните влади за вкупната политика и, второ - постојано консултирање во врска со развојот на нивните размислувања и нивните ставови за повеќе специфични прашања.

Одлука донесена со консензус е договор постигнат со општа согласност и поддржан од секоја земја-членка и го имаат истиот статус и ја претставуваат договорената политика на земјите-членки, без разлика на кое ниво се тие донесени. Ова укажува на тоа дека кога ќе се донесе одлука во НАТО, тоа е израз на колективната волја на суверените држави кои се членки на Алијансата. Овој процес на донесување одлуки му дава на НАТО сила и кредибилитет.

Најважни институции за креирање на политиката и донесување одлуки во рамките на НАТО се следните: Северноатлантскиот совет; Комитетот за одбранбено планирање и Групата за нуклеарно планирање. На овие институции им се потчинети специјализирани комитети кои се состојат од официјални претставници на земјите-членки на Алијансата.

Секоја од овие институции игра витална улога во процесите на консултација и одлучување кои се основата на соработката, заедничкото планирање и заедничка безбедност помеѓу земјите-членки кои го претставуваат НАТО.

Структурите кои се креирани во рамките на НАТО им овозможуваат на земјите членки да ги координираат своите политики со цел да ги исполнат овие фундаментални задачи. Тие обезбедуваат континуирани консултации и соработка во политичкото, економското и други невоени полиња, како и формулација на заеднички планови за заедничка одбрана; воспоставување на инфраструктура и основни инсталации и установи кои се неопходни за да се овозможи воените структури да дејствуваат; и договори за заеднички програми за обука и извежбување.

Поддржувањето на овие активности е сложена задача за цивилната и за воената структура која вклучува административен, буџетски и планирачки штабови, како и агенции кои се воспоставени од страна на земјите членки на

Алијансата со цел да се координира работата во специјализираните полиња - на пример, комуникациите кои се потребни за да се помогне при политичките консултации и команда и контрола на воените сили и логистичката поддршка којашто е потребна за да се одржат воените сили.

**Европската унија** е ангажирана во различни кризни области, а многу од операциите се од цивилно-воена природа. Во недостаток на воени капацитети, Европската унија се обидува да ги избира „своите“ војни внимателно и да ја користи својата цивилна и воена моќ на координиран начин. Искуството на Балканот и во Авганистан покажуваат дека е потребно комбинација на цивилни и воени инструменти за да може операциите да бидат успешни. Интеракцијата помеѓу цивилната и воената димензија на Европската безбедносна и одбранбена политика - во услови на постојана еволуција - е веројатно една од најинтересните, но исто така и една од најконструктивните карактеристики на Европската унија.[20] Цивилно-воената координација е важна, но исто така може да биде доста комплексна.

Врз основа на веќе договорени концепти и процедури, цивилно-воената соработка ќе ја зголеми способноста на ЕУ да гарантира сеопфатен пристап. Ваквиот пристап може да се постигне преку сеопфатно планирање кое може да ѝ овозможи на Унијата да ги идентификува меѓузависностите помеѓу различни делови од нејзиниот одговор на криза, да обезбеди координација и транспарентност помеѓу телата на Европската унија. Исто така, сеопфатното планирање е систематски пристап дизајниран да ја задоволи потребата за ефикасна внатрестолбовска и меѓустолбовска координација на активностите од сите релевантни ЕУ актери во планирањето кризен менаџмент.

Традиционално, Европската комисија е одговорна за цивилните елементи на кризниот менаџмент, а Советот и Политичкиот и безбедносен комитет, со поддршка од Политичко-воената група се одговорни да се осигураат дека воениот и цивилниот персонал за планирање ја имаат предвид потребата за целосната планирачка кохерентност помеѓу нивните соодветни способности во сите нивоа на планирање за заеднички операции предводени од ЕУ.[21] Политичкиот и безбедносен комитет ја одржува оваа улога преку

---

[20] Ojanen H., *Theories at a Loss: EU-NATO Fusion and the 'Low Politicasion' of Security and Defence in European Integration,* Finnish Institute of International Affairs, UPI Working Papers 35, Helsinki, 2002.

[21] Институции на ЕУ задолжени за донесување одлуки и остварување на политиката на ЕУ во делот на Заедничката надворешна и безбедносна политика се: Европскиот совет, Советот на ЕУ, Политичкиот и безбедносен комитет Воениот комитет, Високиот претставник за ЗНБП, Воениот штаб, Европската комисија итн.

практицирање политичка контрола и стратегиска насока на операциите за кризен менаџмент.

За да се подобри координацијата во рамките на структурите на ЕУ беше воспоставен нов сегмент за координација изразен во форма на Цивилно-воената ќелија. Таа е клучниот алат во подобрување на ефикасноста на Европската безбедносна и одбранбена политика и развивање експертиза во цивилно-воен кризен менаџмент, гледајќи посебно во превенцијата на конфликти и постконфликтна реконструкција. Ќелијата го зајакна стратегиското планирање на Европската унија за заеднички воени и цивилни мисии, на тој начин што овозможува покохерентна и поефикасна акција. Цивилно-воената ќелија ги зајакнува способностите за кризен менаџмент на ЕУ и може да служи како зачеток на иден независен европски штаб за планирање на цивилни и воени операции.[22] Од 2006 година Цивилно-воената ќелија има способност брзо да воспоставува операциски центри, посебно каде е потребен заеднички цивилно-воен одговор. Операцискиот центар обезбедува значајна „ад хок" заедничка структура за преземање на заедничко цивилно-воено оперативно планирање.

## Заклучок

Ефикасноста на безбедносниот сектор е детерминирана и во голема мерка зависи од јасното дефинирање на улогата и должностите на институциите вклучени во управувачкиот систем, од обезбедување подобра координација на управување при донесувањето одлуки, од мотивацијата во рамките на секторот и од јавната поддршка. Ефикасен менаџмент на безбедносниот сектор бара исполнување на четири главни цели. Првата цел е интеграција на институциите и на телата во рамките на безбедносниот сектор. Втората цел е постигнување интеграција на безбедносниот сектор со другите институции, тела и организации на државата и општеството. Третата цел е постигнување интеграција во секоја институција и тело на секторот. Последната цел е интеграција на националниот безбедносен сектор со безбедносниот сектор на евроатлантската заедница.

Поделбата на работата е една од најважните фази во поставувањето на институцијата, но за тоа е неопходна координација. Примарно, координацијата се постигнува преку заедничките раководители. Во помалите органи и тела, ова плус неформалните консултации е најверојатно сè што е потребно. Во големите институции потребно е поголема формална координација. Тоа значи дека мора да се вклучат различни нивоа на координација и форми на одлучување. Главните раководители би

[22] The Sleeping Beauty Awakens: Rapid development of the European Union as a Global Player in the Face of New Threats by Wolf von Leipzig, article in the Luxemburger Wort, 4 December 2004.

требало да бидат одговорни за реализација на оваа цел. Така, на пример, многу често при реализација на одредени фази во работата се ангажираат координатори кои се задолжени за координирање на соодветната фаза или општо на фазите помеѓу себе.

Останува заклучокот дека координацијата во националните држави се смета дека се остварува без поголеми потешкотии, затоа што сите институции се раководени од исти политички актери, додека координацијата претставува голем проблем кај високо интегрираните организации, чии делови претставуваат посебни политички и функционални ентитети, кои имаат свои посебни интереси кои сакаат да ги остварат преку членството во организациите.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Бакрески О., Координација на безбедносната заедница во Република Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2005
2. Гоцевски Т., Образовен менаџмент, Македонска ризница, Куманово, 2003
3. Микуновиќ Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990
4. Miner B. J., Management Theory, The Macmillan Company, New York, 1971
5. Mooney D J., The Principles of Oorganization, Harper and Row publishers, New York, 1947
6. Morgan E. J., Principles of Administrative and supervisory Management, Prentice-Hall, Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1973
7. Ojanen H., Theories at a Loss: EU-NATO Fusion and the ‘Low Politicasion’ of Security and Defence in European Integration, Finnish Institute of International Affairs, UPI Working Papers 35, Helsinki, 2002.
8. Paul R.Lawrence, Jay W. Lorsch: Differentiation and Integration in Complex Organizations, Administrative Seience Quarterly, vol.12, No.I, june 1967
9. Petit T., Fundamentals of Management Coordination, New York, 1975
10. Симеонов И., Основи на организацията и управлението во училището в прехода към пазарна икономия, Университетко издателство, София, 1995
11. Стевановић О., Руковођење и командовање, Полицијска академија, Београд 1999
12. Thomson J., Organization in Action, McGraw Hill, New York, 1967
13. The Sleeping Beauty Awakens: Rapid development of the European Union as a Global Player in the Face of New Threats by Wolf von Leipzig, article in the Luxemburger Wort, 4 December 2004.
14. Guy Peters, Managing Horizontal Government. The Politics of Coordination, Canadian Centre for Management Development, 1998.
15. Чокревски Т., Организационо општество, НИО Студентски збор, Скопје, 1995
16. Lepgold, Joseph, Collective Conflict Management and Changing World Politics, Albany State University of New York Press, 1998
17. Miner John B.,: Management Theory, The MacMillan Company, New York, 1971

# ДЕМОГРАФСКИ АСПЕКТИ НА ЕКОЛОШКАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Тони МИЛЕСКИ,**
Институт за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет - Скопје

**Апстракт**: *Најголемиот број дебати околу еколошката безбедност ја менуваат сликата и заинтересираноста за еколошките проблеми од т.н. „ниско-политички“ проблеми на „високополитички” безбедносни проблеми. Во рамките на еколошките проблеми, свое место зазема и демографскиот расте на светското население и неговата просторна дистрибуција. Демографските аспекти на еколошката безбедност се инволвирани во сите нивоа на еколошко безбедносните проблеми (микро, мезо и макро ниво). Потребата од согледување на движењето на населението поаѓа од претпоставките дека човекот е главниот промотор на антропогеното влијание врз животната средина. Трудот обработува чувствителен проблем за кој прецизната предикција е дискутабилна категорија. Меѓутоа, претставува проблем кој ги надминува политичките граници на државите и влијае на создавањето еколошки небезбедни региони.*

**Клучни зборови:** *демографски растеж, еколошка безбедност, миграции, присилни миграции, стареење на населението, урбанизација.*

# POPULATION ASPECTS OF ENVIRONMENTAL SECURITY

**Abstract:** According to large number of discussion about environmental security, we can conclude that the image was changed and focuses of environmental problems were displacing from i.e. low-political problems to high-political security problems.
*Into the framework of environmental problems, demography growth of world population and its spatial distribution has crucial position.*
*Demography aspects on environmental security are involving to all level on environmental problems (micro, mezzo and macro level).*
*Exigency to sight a population movement starts from conjecture that men are main promoter on anthropogenic affect to environment. The paper included sensitive problem of which meticulous prediction was disputable category. However, it present problem which has surpass political border on states and impinge on creating environmental insecure regions.*

**Key words:** *Population growth, environmental security, migration, forced migration, ageing, urbanization.*

## Вовед

Повеќе од двестотини години наназад, влијанието на населението врз животната средина претставува субјект на силни и контрадикторни јавни дебати. Приказната започнува со Томас Малтус, кој во 1798 година објаснувал дека демографскиот пораст ќе биде ограничен од лимитираните природни ресурси и комплицираните односи помеѓу демографските промени и мноштвото аспекти на животната средина. Малтус потенцирал дека проблемите на релацијата население-животна средина своите корени ги имаат во диспропорцијата што настанува како резултат на прирастот на населението кој се зголемува со геометриска прогресија, а изворите за живот по аритметичка прогресија. Тргнувајќи од ставот дека еколошката безбедност претставува јавна безбедност од опасностите по животната средина предизвикани од природни или човекови процеси, евидентна е потребата, меѓу другото, за анализирање на демографските аспекти на еколошката безбедност.

Грижите околу населението и животната средина еволуирале со текот на времето. Започнувајќи од доцните 40-ти и 50-те години од дваесеттиот век, еколошките грижи биле фокусирани речиси единствено на тоа што претставува негативен аспект од порастот на населението на не-обновливите ресурси и производството на храна. Вториот бран на еколошки грижи во текот на 60-те и 70-те години од минатиот век беше проширен на загадувањето на воздухот и водата, управувањето со отпадот, пестицидите и радиоактивниот отпад. Овој период, особено во западните земји, се детерминира како период во кој се манифестира највисоката загриженост околу ефектите на рапидниот пораст на населението со одредени процени за колапс на еколошкиот систем и ширење на гладот и намаштијата. Во тој контекст, Конференцијата на Обединетите нации за светското население одржана во 1974 година, не ги усвои заклучоците околу влијанието на населението врз животната средина, меѓутоа, го призна демографскиот пораст, кој заедно со социјалните фактори и потрошувачката ја тангира животната средина и природните ресурси, и сугерира дека снабдувањето и карактеристиките на природните ресурси мора да бидат земени предвид при формулирањето на популационите политики[1]. Помеѓу 80-те и 90-те години од минатиот век, биле додадени нови димензии. Третиот бран ги опфатил глобалните еколошки промени, вклучувајќи ги глобалното затоплување и осиромашувањето на озонската обвивка. Многу значаен документ од тој период претставува извештајот на Националната академија на науките при Обединетите нации од 1986 година, кој опфаќа заклучоци кои се однесуваат на фактот дека порастот на населението придонесува за одредени типови на еколошки оштетувања.

Во последните години, како дел од четвртиот бран еколошки грижи, вклучени се проблемите со намалувањето на биодиверзитетот, обесшумувањето, миграциите

---

[1] Популационата политика претставува систем на мерки и прописи за планирање на семејството, инвестициите во здравството и образованието со цел насочување на популациските движења во правец на саканиот тип на репродукција и движење на населението. За реализација на ваква политика неопходно е да се создаде соодветен правен, економски, социјален и пропаганден инструментариум. Милески Т. (2005) *Македонија: Рубикова коцка на Балканот.* Скопје: Филозофски факултет, стр.259.

и одредени болести. Програмата за акција од меѓународната конференција за население и развој од 1994 година, ја признава комплексноста на меѓусебното влијание на населението и животната средина. Намалувањето на демографскиот растеж, може да ги подобри капацитетите на државите да ја совладаат сиромаштијата, едновремено заштитувајќи ја животната средина. Главниот консензус од заклучоците се однесуваат на констатацијата дека населението, развојните политики и политиката за животната средина не можат да бидат имплементирани поединечно, односно можат да бидат далеку поефикасни доколку во нивната примена се комбинираат меѓусебно.

Од безбедносен аспект, достигнувањето на критични врвови во демографскиот растеж кај одредени држави може да предизвика преземање радикални чекори во креирањето политики за освојување нов животен простор и ресурси за опстанок на сопственото население. Ваквите претпоставки, неретко се причинители на воени конфронтирања и долгорочни кризни состојби во одредени светски региони. Во трудот се потрудивме да презентираме и анализираме одредени прогнози кои ќе укажат на потребата за сериозно апсолвирање на демографските движења кога станува збор за правење одредени проекции и предвидување на можните насоки за развој или потенцијални конфронтирања во одредени региони.

## Каде се движи светското население

Проекциите на експертите од Обединетите нации од 2004 година укажуваат дека светското население до 2050 година ќе достигне 8,9 милијарди. Алтернативните сценарија даваат можност таа бројка да се зголеми до 10,6 милијарди (најголема вредност) или до 7,4 милијарди (најниска вредност). Веродостојноста на ваквите прогнози претставува имагинарна категорија која можеме да ја поистоветиме со кошаркарски натпревар за кој се обидуваме да го прогнозираме крајниот исход по само 5 одиграни минути. Оттука, евидентна е потребата од повикување „тајм аут“ на секои 5 минути, од причина што трендовите можат да станат неповолни и на тимот ќе му бидат потребни одредени промени или нова поставеност за да биде постојано во игра.




**Графикон 1. Светско население 1950 - 2000 и проекции 2000 - 2050**
(Извор: United Nations of Economic and Social Affairs/Population Division, World Population to 2300, p.5)

Оваа проекција на Обединетите нации, која се однесува на подолг временски интервал, претставува ревизија на претходно направените проекции во 2002 и 1998 година. Подетално во извештајот на Обединетите нации се укажува дека од 6,1 милијарда жители во 2000 година[2], бројот на населението до 2050 година ќе се зголеми за 47% и ќе ја достигне бројката од 8,9 милијарди луѓе. Просечната годишна стапка на пораст ќе изнесува 0,77%, што во основа е помала од онаа за периодот од 1950 до 2000 година, која изнесувала 1,76%. За периодот од 2000 до 2005 година, годишната стапка на пораст е позиционирана на 1,22%, а во периодот од 2045 до 2050 година таа ќе биде 0,33%.

[2] Според податокот на Обединетите нации, во 2005 година на планетата живееле 6,5 милијарди луѓе. http://www.un.org/Newes?Press?docs/2005/pop918.doc.htm (посетен на 10. 01. 2006 година)




**Графикон 2. Годишен прираст на населението по региони: 1950-2050**
(Извор: United Nations of Economic and Social Affairs/Population Division, World Population to 2300, p.6)

Најголемиот дел од демографските промени до 2050 година ќе се случуваат во помалку развиените региони. Меѓутоа, и во тие региони демографските процеси варираат. Имено, Африка, Азија, Латинска Америка и Карибите се разгледувани како помалку развиени региони, додека Северна Америка, Европа и Океанија како развиени региони. Демографскиот растеж во Азија е оценет како импресивно голем, односно се проценува на 1,5 милијарди за 50 години. Сепак, азиското учество во вкупното светско население незначително ќе се намали од 61% во 2000 година на 59% во 2050 година. Демографскиот растеж ќе биде многу побрз во Африка, која ќе придодаде нови 1 милијарда жители и ќе го зголеми своето учевство во вкупното светско население од 13 до 20%[3].

Различните стапки на демографскиот растеж за краток временски интервал можат да предизвикаат драматични промени на релативните големи-

[3] *World Population to 2300.* (2004) Department of Economic and Social Affairs. New York: United Nation.

ни на населението во државите и регионите. Сето тоа може да има демографски, економски и геополитички консеквенци. Како илустрација на ваквите можни промени, ќе ги разгледаме Европската унија и нејзиното непосредно окружување. Споредбата се однесува на Европската унија (нејзините 25 земји-членки[4] ) и нејзиното окружување составено од 25 држави од Западна Азија и Северна Африка почнувајќи од Пакистан на исток до Мароко на запад[5] .

Во 1950 година 25-те држави од денешната Европска унија имале 350 милиони жители. Од друга страна, окружувањето на ЕУ, односно наведените 25 држави од Западна Азија и Северна Африка имале за половина помалку население кое изнесувало 164 милиони. Веќе во 2000 година односот на населението во анализираните региони бил драстично изменет. Европската унија имала пораст на населението на 452 милиони жители или за 29,1%, додека 25-те држави од нејзиното окружување имале пораст на населението на 588 милиони жители или 2,5 пати повеќе. Се поставува прашањето кои се прогнозите за 2050 година? Според среднорочната проекција на Обединетите нации, ЕУ-25 ќе доживее значителен пораст на вкупниот степен на фертилитет[6] , од сегашното ниво од 1,45 деца по жена на 1,85 деца. Исто така, се проценува дека бројката на имигрантите надвор од ЕУ-25 ќе изнесува 33 милиони лица во првата половина од 21 век. Просечниот животен век на населението според проценките е предвидено да се зголеми на околу 83 години. И покрај овие претпоставки, проектираната бројка на населението во ЕУ-25 за 2050 година ќе се намали за околу 20 милиони и ќе изнесува 431 милион жители. Во централните држави годишниот број на умрени ќе ја надмине бројката на новородени за околу 2 милиони. Во 2050 година најбројна групација на луѓе ќе биде онаа помеѓу 65 и 69 години. Половина од населението ќе биде постаро од 50 години и заедно со населението над 65 години ќе биде двапати побројно од населението под 15 години или нивниот соодност ќе биде 30% спрема 15%.

Според проценките за 25-те држави од Западна Азија и Северна Африка ќе дојде до зголемување на просечниот животен век на 75 години до 2050 година. Се претпоставува рапидно намалување на фертилитетот, од сегашните 4 деца по жена на 2,1 дете. Надворешните мигрирања ќе опфатат околу 12 милиони луѓе во периодот до 2050 година. Со оглед на претходните напомени,

[4] Анализите се правени пред полноправното членство на Бугарија и Романија во Европската унија.

[5] Во 25 држави од Западна Азија и Северна Африка се вклучени: Авганистан, Алжир, Бахреин, Џибути, Египет, Еритреја, Иран, Ирак, Јордан, Кувајт, Либан, Либија, Мавританија, Мароко, Оман, Пакистан, Катар, Саудиска Арабија, Сомалија, Судан, Сирија, Тунис, Турција, Обединетите Арапски Емирати и Јемен.

[6] Фертилитет претставува број на женското население способно за биолошка репродукција.

се претпоставува дека населението во разгледуваниот регион ќе достигне бројка од 1260 милиони жители, што претставува трипати поголема бројка од онаа на ЕУ-25[7].




**Графикон 3. Вкупен фертилитет по региони: 1950 - 2050**

(Извор: United Nations of Economic and Social Affairs/Population Division, World Population to 2300, p.6)

## Фактори кои влијаат на глобалните демографски трендови

Претходно презентираните прогнози треба да се земат со одредени резерви, бидејќи постојат голем број фактори кои можат да ги променат трендовите во демографските движења. Како најзначајни би ги напомենале следните: *стареење на светското население, светските миграциони процеси, процесот на урбанизација, сидата, маларијата, туберкулозата и новите видови болести, глобалното затоплување и осиромашувањето на озонската обвивка.*

[7] Demeny, P. (2003) “Population Policy dilemmas in Europe at the Dawn of the Twenty-first Century”, *Population and Development Review* 29, March.

Според извештајот на Институтот за безбедносни студии на ЕУ од Париз[8] , во 2025 година, околу 1,2 милијарди жители ќе бидат постари од 60 години. Се проценува дека мнозинството од старо население ќе живее во земјите во развој, меѓутоа учевството на ова население во вкупното население ќе биде поголемо во развиените земји во кои ќе живее 30% старо население, додека во земјите во развој 13%.

На подолгорочен рок, стареењето на населението ќе предизвика намалување на работната сила во многу развиени држави. Сепак, целосните ефекти од ваквите трендови ќе бидат видливи после 2030 година. Најмногу погодени со ваквата состојба ќе бидат Европа и Јапонија. Од друга страна, државите во развој ќе се соочат со проблем за обезбедување доволно работни места за сопствената работна сила. Како резултат на тоа, се очекуваат миграциони бранови кои ја менуваат просторната дистрибуција на светското население. Се очекува околу 2 милиони луѓе, на годишно ниво, да мигрираат од државите во развој кон развиените држави. Од тоа само 10% од мигрантите отпаѓаат на регионите и државите кои имаат најниска стапка на развој[9] . Во 2005 година, Франција, Германија, Италија, Шпанија и Велика Британија згрижиле повеќе од 29 милиони мигранти. Бројот на доселениците во ЕУ на годишно ниво се движи помеѓу 600 000 до 1 000 000 што во споредба со САД (1,2 милиони годишно) е нешто помал.

Присилните миграции, предизвикани од природни катастрофи, воени конфликти и сл., исто така имаат влијание врз демографските движења. Според податоци на Обединетите нации, константно е намалувањето на бегалците, односно тој се движел од 12 милиони во 2000 година до 8,4 милиони во 2005 што воедно претставува најниска вредност од 1980 година. Од друга страна, од 2003 година, бројот на внатрешно расселениете лица константно расте од 4.3 милиони на 6.6 милиони во 2005 година. Високиот комесаријат за бегалци (UNHCR) во 2005 година регистрирал 20,8 милиони лица кои го конституираат терминот “население за грижа”. Во оваа бројка се вклучени бегалци, баратели на азил, повратници (бегалци кои се вратиле во текот на 2005 година), внатрешно расселени лица, внатрешно расселени лица кои повторни се вратиле на сопствените живеалишта во текот на 2005 година и др. за кои е неопходна грижа[10] .

Во поглед на урбанистичките показатели, се предвидува дека во 2030 година повеќе од 60% од вкупното светско население ќе живее во градовите.

---

[8] Gnessoto N. Grevi G. (2006) *The New Global Puzzle.* Paris: Institute for security Studies, p.16.
[9] Пошироко на сајтот на ООН: http://esa.un.org/unpp (посетен на 07.03.2007 година)
[10] 2005 GLOBAL REFUGEE TRENDS (UNHCR, 9 june 2006)

Степенот на урбанизација ќе биде поголем во развиените држави (81,7%) отколку во државите во развој (57%).

Во светски рамки, Токио со 35 милиони жители во 2005 година е најнаселен урбан регион. После Токио, следуваат Мексико Сити со 19,4 милиони, Њујорк со 18,7 милиони, Сао Паоло со 18,3 милиони, Бомбај со 18,2 милиони, Делхи со 15 милиони, Шангај со 14,5 милиони, Калкута со 14,3 милиони, Џакарта со 13,2 милиони, Буенос Аирес со 12,6 милиони, Дака со 12,4 милиони, Лос Анѓелес со 12,3 милиони, Карачи со 11,6 милиони, Рио де Жанеиро со 11,5 милиони, Осака со 11,3 милиони, Каиро со 11,1 милиони, Пекинг со 10,7 милиони, Манила со 10,7 милиони и Москва со 10,7 милиони жители[11].

Порастот на населението и степенот на урбанизација во комбинација со еколошката деградација и глобалното затоплување може да доведе до зголемен број на „нови” болести (нови видови вируси), повторно појавување на некои стари, како и проширување на областите погодени од одредени болести карактеристични за тие региони[12]. Во тој поглед, особено се погодени Африка и Азија. Главните проблеми доаѓаат од сидата и маларијата, а во последно време и од туберколозата и респираторните инфекции. Во светски размери, случаите на туберкулоза се зголемени за 20% во последните десет години. Од 1,7 милиони до 2 милиони луѓе умирале од туберкулоза во 2004 година, додека 8,8 милиони луѓе се инфицираат секоја година. Одредени прогнози укажуваат дека до 2025 година околу 35 милиони луѓе ќе умрат од туберкулоза, доколку нејзиниот тренд се задржи на денешните вредност. Маларијата и ХИВ вирусот, кои претставуваат едни од најсмртоносните, комбинирани со туберкулозата убиваат 6 милиони луѓе годишно или сидата од 1980 година усмртила повеќе од 25 милиони луѓе. Денес околу 40,3 милиони луѓе се инфицирани од ХИВ вирусот, додека во 2005 година починале 3,1 милиони луѓе. Проценките од САД укажуваат дека до 2010 година со ХИВ вирусот ќе бидат инфицирани преку 100 милиони луѓе. Според податоци на Светската здравствена организација, маларијата убива еден милион луѓе годишно[13].

Тргнувајќи од теоријата за „стаклената градина“ и научниот консензус за нејзиното предизвикување на климатските промени, можеме да констатираме дека демографскиот растеж ги зголемува човечките активности, како што

---

[11] World Urbanization Prospects: The 2005 Revision, *POPULATION Newsletter*, Number 81, June 2006, pp. 3-4.

[12] Пошироко на следните веб сајтови: http://www.fas.org/irp/threat/nie99-17d.htm; http://www.africa.upenn.edu/Urgent_Action/apic-050500b.html (посетени на 01.03.2007 година)

[13] Пошироко во: AIDS Epidemic Update (UNAID/World Health Organisation, 2005), Gallup L., Sachs J.D. *The Economic Burden of Malaria.* CDI Working Paper 52, Center for Internatonal Development, Harvard University, Boston, 2000.

се горењето на фосилните горива и зголемувањето на атмосферската концентрација на гасовите кои ја предизвикуваат „стаклената градина[14]“ (*greenhouse gases GHGs*[15]). Овие активноси се главните промотори на глобалното затоплување на Земјата.

Исто така, човековите активности доведуваат до разградување на озонската обвивка во стратосферата. Познато е дека нејзината функција е заштита на животот на Земјата од штетното зрачење на ултравиолетовото зрачење. Набљудувајќи ги трендовите на глобално затоплување и осиромашување на озонската обвивка кои во последните неколку декади добиваат на интензитет, можно е предизвикување масовни миграциони движење од причина што ќе се зголемат регионите каде што нормалниот живот на човекот нема да биде возможен.

Претходно наведените фактори кои влијаат на демографските движења ги потврдуваат изнесените констатации дека степенот на прецизноста на прогнозите за бројот на населението во одреден временски интервал е консеквентен на промената и влијанието на факторите.

[14] Доказите засновани на научни истражувања, покажуваат дека јаглен диоксидот има значителна улога во создавањето на ефектот на стаклената градина. Инаку, самиот ефект претставува природен феномен, односно е резултат на земјината апсорбција на краткобрановото сончево зрачење, кое потоа поради слојот на јаглен диоксид и другите отровни гасови не може да со пробие во вселената. Од тие причини, инфрацрвените зраци повторно се апсорбираат на Земјата и доаѓа до зголемување на температурата во атмосферата и на Земјата.

[15] Гасовите кои ја предизвикуваат стаклената градина (*GHGs*) ги вклучуваат јаглендиоксидот како и метанот, натриумоксидот и хлорофлуорокарбонатите (*CFCs*).

## Табела 1. Население по држави според средно сценарио за 2000, 2050, 2100, 2200 и 2300 годиа, максимално население и година во која ќе биде достигнат максимумот

| *Држави и области* | *Население во илјади* | | | | | *Година во која ќе се достигне максимален број на население* | *Максимален број население* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *2000* | *2050* | *2100* | *2200* | *2300* | | |
| **Авганистан** | 21.391 | 69.517 | 90.255 | 70.442 | 73.410 | 2095 | 90.433 |
| **Австралија** | 19.153 | 25.560 | 24.583 | 25.921 | 27.702 | 2300 | 27.702 |
| **Австрија** | 8.102 | 7.376 | 6.199 | 6.627 | 7.119 | 2005 | 8.120 |
| **Азербејџан** | 8.157 | 10.942 | 10.324 | 10.098 | 10.539 | 2055 | 10.978 |
| **Албанија** | 3.113 | 3.670 | 3.252 | 3.042 | 3.259 | 2040 | 3.719 |
| **Алжир** | 30.245 | 48.667 | 45.607 | 43.287 | 45.619 | 2060 | 49.231 |
| **Ангола** | 12.386 | 43.131 | 63.019 | 53.234 | 56.173 | 2105 | 63.227 |
| **Аргентина** | 37.074 | 52.805 | 51.002 | 47.650 | 50.983 | 2065 | 53.857 |
| **Бангладеш** | 137.952 | 254.599 | 259.946 | 232.414 | 242.696 | 2075 | 270.105 |
| **Барбадос** | 267 | 258 | 211 | 218 | 232 | 2025 | 283 |
| **Бахами** | 303 | 395 | 365 | 353 | 368 | 2050 | 395 |
| **Бахреин** | 677 | 1.270 | 1.183 | 1.097 | 1.166 | 2065 | 1.290 |
| **Белгија** | 10.251 | 10.221 | 9.543 | 10.299 | 11.015 | 2300 | 11.015 |
| **Белорусија** | 10.034 | 7.539 | 5.745 | 6.077 | 6.428 | 2000 | 10.034 |
| **Белизе** | 240 | 421 | 411 | 380 | 402 | 2070 | 437 |
| **Бенин** | 6.222 | 15.602 | 18.741 | 16.420 | 17.301 | 2095 | 18.785 |
| **Боливија** | 8.317 | 15.748 | 16.838 | 14.281 | 15.230 | 2080 | 17.262 |
| **Босна и Херцеговина** | 3.977 | 3.564 | 2.737 | 2.846 | 3.004 | 2015 | 4.284 |
| **Боцвана** | 1.725 | 1.380 | 1.369 | 1.418 | 1.522 | 2005 | 1.801 |
| **Бразил** | 171.796 | 233.140 | 212.450 | 208.831 | 222.609 | 2055 | 233.364 |
| **Брунеи** | 334 | 685 | 699 | 668 | 716 | 2075 | 730 |
| **Брег на Слонова Коска** | 15.827 | 27.572 | 30.123 | 26.491 | 28.017 | 2085 | 30.406 |
| **Бутан** | 2.063 | 5.288 | 6.417 | 5.512 | 5.759 | 2095 | 6.424 |
| **Бугарија** | 8.099 | 5.255 | 3.969 | 4.151 | 4.404 | 2000 | 8.099 |
| **Буркина Фасо** | 11.905 | 42.373 | 65.179 | 58.764 | 61.178 | 2115 | 66.221 |
| **Бурунди** | 6.267 | 19.459 | 27.614 | 24.781 | 26.066 | 2110 | 27.836 |
| **Вануату** | 197 | 435 | 481 | 404 | 425 | 2085 | 488 |
| **Велика Британија** | 58.689 | 66.166 | 64.375 | 68.895 | 73.239 | 2300 | 73.239 |
| **Венецуела** | 24.277 | 41.733 | 40.752 | 37.146 | 39.733 | 2070 | 43.119 |
| **Виетнам** | 78.137 | 117.693 | 110.152 | 107.501 | 113.585 | 2060 | 118.501 |
| **Габон** | 1.258 | 2.488 | 2.746 | 2.406 | 2.525 | 2085 | 2.778 |
| **Гамбија** | 1.312 | 2.905 | 3.322 | 2.876 | 3.017 | 2090 | 3.342 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гана** | 19.593 | 39.548 | 43.899 | 39.192 | 41.147 | 2090 | 44.188 |
| **Гваделупе** | 428 | 467 | 408 | 417 | 439 | 2035 | 489 |
| **Гвајана** | 759 | 507 | 360 | 340 | 360 | 2010 | 769 |
| **Гватемала** | 11.423 | 26.166 | 29.358 | 25.460 | 26.954 | 2085 | 29.881 |
| **Гвинеја** | 8.117 | 19.591 | 23.783 | 20.318 | 21.353 | 2095 | 23.833 |
| **Гвинеја-Бисао** | 1.367 | 4.719 | 6.969 | 6.022 | 6.305 | 2110 | 7.008 |
| **Германија** | 82.282 | 79.145 | 73.069 | 79.395 | 85.334 | 2300 | 85.334 |
| **Грузија** | 5.262 | 3.472 | 2.684 | 2.732 | 2.881 | 2000 | 5.262 |
| **Грција** | 10.903 | 9.814 | 7.519 | 7.818 | 8.303 | 2010 | 10.992 |
| **Гуам** | 155 | 248 | 249 | 218 | 234 | 2075 | 259 |
| **Данска** | 5.322 | 5.273 | 4.902 | 5.242 | 5.560 | 2300 | 5.560 |
| **Демократска Република Конго (екс Заир)** | 48.571 | 151.644 | 203.341 | 172.953 | 182.697 | 2100 | 203.341 |
| **Демократска Република Тимор** | 702 | 1.433 | 1.460 | 1.274 | 1.334 | 2080 | 1.496 |
| **Доминиканска Република** | 8.353 | 11.876 | 10.998 | 9.336 | 10.060 | 2060 | 11.982 |
| **Египет** | 67.784 | 127.407 | 131.819 | 117.851 | 124.715 | 2075 | 136.279 |
| **Еквадор** | 12.420 | 18.724 | 17.866 | 16.234 | 17.338 | 2065 | 19.076 |
| **Екваторијална Гвинеја** | 456 | 1.177 | 1.461 | 1.270 | 1.340 | 2095 | 1.464 |
| **Ел Салвадор** | 6.209 | 9.793 | 9.705 | 8.600 | 9.104 | 2070 | 10.168 |
| **Еритреја** | 3.712 | 10.539 | 12.910 | 11.262 | 11.876 | 2095 | 12.927 |
| **Ерменија** | 3.112 | 2.334 | 1.623 | 1.624 | 1.739 | 2000 | 3.112 |
| **Естонија** | 1.367 | 657 | 522 | 560 | 588 | 2000 | 1.367 |
| **Етиопија** | 65.590 | 170.987 | 222.214 | 196.592 | 206.512 | 2105 | 222.326 |
| **Замбија** | 10.419 | 18.528 | 22.106 | 20.123 | 21.421 | 2105 | 22.109 |
| **Западна Сахара** | 285 | 641 | 708 | 633 | 663 | 2085 | 715 |
| **Зеленортски острови** | 436 | 812 | 833 | 763 | 807 | 2075 | 861 |
| **Зимбабве** | 12.650 | 12.658 | 12.562 | 12.437 | 13.662 | 2300 | 13.662 |
| **Израел** | 6.042 | 9.989 | 9.833 | 8.817 | 9.370 | 2070 | 10.290 |
| **Индија** | 1.016.938 | 1.531.438 | 1.458.360 | 1.304.534 | 1.371.709 | 2065 | 1.557.300 |
| **Индонезија** | 211.559 | 293.797 | 272.807 | 263.036 | 276.190 | 2055 | 294.934 |
| **Ирак** | 23.224 | 57.932 | 68.042 | 60.072 | 63.066 | 2090 | 68.365 |
| **Иран** | 66.443 | 105.485 | 98.223 | 94.900 | 100.715 | 2060 | 106.884 |
| **Ирска** | 3.819 | 4.996 | 4.521 | 4.637 | 4.962 | 2050 | 4.996 |
| **Исланд** | 282 | 330 | 300 | 301 | 321 | 2040 | 333 |
| **Италија** | 57.536 | 44.875 | 33.806 | 35.442 | 37.801 | 2000 | 57.536 |
| **Јамајка** | 2.580 | 3.669 | 3.458 | 3.223 | 3.396 | 2060 | 3.716 |
| **Јапонија** | 127.034 | 109.722 | 89.886 | 94.547 | 100.562 | 2010 | 127.998 |
| **Јемен** | 18.017 | 84.385 | 144.206 | 126.633 | 129.861 | 2115 | 147.217 |
| **Јордан** | 5.035 | 10.154 | 10.664 | 9.659 | 10.077 | 2080 | 10.902 |
| **Јужна Африка** | 44.000 | 40.243 | 38.322 | 39.958 | 42.804 | 2005 | 45.323 |
| **Јужна Кореја** | 46.835 | 46.418 | 37.250 | 39.070 | 41.491 | 2025 | 50.165 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Казакстан** | 15.640 | 13.941 | 11.677 | 11.422 | 12.019 | 2000 | 15.640 |
| **Камбоџа** | 13.147 | 29.567 | 34.409 | 29.727 | 30.932 | 2090 | 34.504 |
| **Камерун** | 15.117 | 24.948 | 27.045 | 24.518 | 26.028 | 2085 | 27.218 |
| **Канада** | 30.769 | 39.085 | 36.234 | 38.539 | 40.876 | 2300 | 40.876 |
| **Катар** | 581 | 874 | 848 | 771 | 804 | 2075 | 891 |
| **Кенија** | 30.549 | 43.984 | 45.814 | 44.178 | 46.887 | 2300 | 46.887 |
| **Кина** | 1.275.215 | 1.395.182 | 1.181.496 | 1.200.725 | 1.285.238 | 2030 | 1.450.521 |
| **Кина, Хонг Конг** | 6.807 | 9.431 | 8.084 | 8.347 | 8.764 | 2050 | 9.431 |
| **Кина, Макао** | 450 | 578 | 487 | 507 | 537 | 2050 | 578 |
| **Кипар** | 783 | 892 | 787 | 777 | 822 | 2035 | 900 |
| **Киргистан** | 4.921 | 7.235 | 6.758 | 6.489 | 6.882 | 2060 | 7.310 |
| **Колумбија** | 42.120 | 67.491 | 67.519 | 58.903 | 62.254 | 2070 | 69.909 |
| **Комори** | 705 | 1.816 | 2.195 | 1.895 | 1.972 | 2095 | 2.198 |
| **Конго** | 3.447 | 10.643 | 14.561 | 12.916 | 13.435 | 2105 | 14.590 |
| **Коста Рика** | 3.929 | 6.512 | 6.190 | 5.916 | 6.176 | 2065 | 6.593 |
| **Куба** | 11.202 | 10.074 | 8.165 | 8.481 | 9.068 | 2020 | 11.539 |
| **Кувајт** | 2.247 | 4.926 | 4.559 | 4.158 | 4.393 | 2055 | 4.938 |
| **Лаос** | 5.279 | 11.448 | 12.782 | 11.155 | 11.737 | 2085 | 12.945 |
| **Лесото** | 1.785 | 1.377 | 1.648 | 1.677 | 1.755 | 2005 | 1.797 |
| **Летонија** | 2.373 | 1.331 | 1.031 | 1.109 | 1.172 | 2000 | 2.373 |
| **Либан** | 3.478 | 4.946 | 4.506 | 4.420 | 4.694 | 2055 | 4.951 |
| **Либерија** | 2.943 | 9.821 | 13.523 | 11.514 | 12.076 | 2100 | 13.523 |
| **Литванија** | 3.501 | 2.526 | 2.370 | 2.514 | 2.607 | 2000 | 3.501 |
| **Луксембург** | 435 | 716 | 711 | 766 | 822 | 2300 | 822 |
| **Мавританија** | 2.645 | 7.497 | 9.754 | 8.576 | 9.002 | 2100 | 9.754 |
| **Мадагаскар** | 15.970 | 46.292 | 61.608 | 54.770 | 57.367 | 2105 | 61.689 |
| **Македонија** | 2.024 | 2.156 | 1.912 | 1.919 | 2.032 | 2035 | 2.206 |
| **Малави** | 11.370 | 25.949 | 32.789 | 29.156 | 30.982 | 2100 | 32.789 |
| **Малезија** | 23.001 | 39.551 | 39.622 | 36.264 | 38.346 | 2070 | 41.152 |
| **Малдиви** | 291 | 819 | 1.011 | 900 | 944 | 2095 | 1.012 |
| **Мали** | 11.904 | 45.998 | 70.488 | 60.785 | 62.986 | 2110 | 70.823 |
| **Малта** | 389 | 402 | 376 | 407 | 437 | 2300 | 437 |
| **Мароко** | 29.108 | 47.064 | 46.505 | 43.184 | 45.781 | 2070 | 48.357 |
| **Мартиник** | 386 | 413 | 376 | 383 | 401 | 2030 | 427 |
| **Маурициус** | 1.186 | 1.461 | 1.336 | 1.353 | 1.428 | 2045 | 1.466 |
| **Мексико** | 98.933 | 140.228 | 128.093 | 120.600 | 126.875 | 2055 | 140.922 |
| **Микронезија** | 107 | 158 | 174 | 149 | 156 | 2085 | 176 |
| **Мјанмар** | 47.544 | 64.493 | 60.016 | 56.611 | 59.710 | 2055 | 64.711 |
| **Монголија** | 2.500 | 3.773 | 3.427 | 3.202 | 3.407 | 2055 | 3.795 |
| **Мозамбик** | 17.861 | 31.275 | 34.432 | 30.291 | 32.474 | 2090 | 34.660 |
| **Молдавија** | 4.283 | 3.580 | 2.756 | 2.751 | 2.943 | 2000 | 4.283 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Намибија** | 1.894 | 2.654 | 2.899 | 2.770 | 2.954 | 2300 | 2.954 |
| **Непал** | 23.518 | 50.810 | 58.289 | 49.738 | 51.789 | 2090 | 58.715 |
| **Нова Каледонија** | 215 | 382 | 365 | 338 | 356 | 2065 | 388 |
| **Нов Зеланд** | 3.784 | 4.512 | 4.245 | 4.441 | 4.726 | 2300 | 4.726 |
| **Никарагва** | 5.073 | 10.868 | 12.052 | 10.241 | 10.850 | 2085 | 12.245 |
| **Нигер** | 10.742 | 53.037 | 98.599 | 90.775 | 93.820 | 2120 | 103.241 |
| **Нигерија** | 114.746 | 258.478 | 302.459 | 268.436 | 282.809 | 2095 | 302.871 |
| **Норвешка** | 4.473 | 4.895 | 4.498 | 4.772 | 5.088 | 2300 | 5.088 |
| **Обединети Арапски Емирати** | 2.820 | 4.112 | 3.652 | 3.339 | 3.547 | 2040 | 4.146 |
| **Окупирани Палестински Територии** | 3.191 | 11.114 | 14.932 | 12.856 | 13.484 | 2105 | 14.933 |
| **Оман** | 2.609 | 6.812 | 8.198 | 7.042 | 7.421 | 2095 | 8.211 |
| **Пакистан** | 142.654 | 348.700 | 408.534 | 342.511 | 359.100 | 2090 | 411.991 |
| **Панама** | 2.950 | 5.140 | 5.137 | 4.610 | 4.936 | 2075 | 5.338 |
| **Папуа Нова Гвинеја** | 5.334 | 11.110 | 12.429 | 10.792 | 11.329 | 2085 | 12.517 |
| **Парагвај** | 5.470 | 12.111 | 13.558 | 11.556 | 12.286 | 2085 | 13.753 |
| **Перу** | 25.952 | 41.105 | 39.787 | 35.928 | 37.913 | 2065 | 42.208 |
| **Полска** | 38.671 | 33.004 | 26.094 | 26.626 | 28.051 | 2000 | 38.671 |
| **Португалија** | 10.016 | 9.027 | 7.335 | 7.729 | 8.302 | 2010 | 10.082 |
| **Порто Рико** | 3.816 | 3.723 | 3.073 | 3.084 | 3.210 | 2025 | 4.073 |
| **Романија** | 22.480 | 18.063 | 14.769 | 15.881 | 16.784 | 2000 | 22.480 |
| **Руанда** | 7.724 | 16.973 | 20.552 | 18.659 | 19.742 | 2100 | 20.552 |
| **Русија** | 145.612 | 101.456 | 79.537 | 86.743 | 91.647 | 2000 | 145.612 |
| **САД** | 285.003 | 408.695 | 437.155 | 470.045 | 493.038 | 2300 | 493.038 |
| **Санта Луција** | 146 | 163 | 150 | 142 | 149 | 2035 | 169 |
| **Св. Винсент и Гренандини** | 118 | 129 | 114 | 114 | 122 | 2035 | 132 |
| **Самоа** | 173 | 254 | 295 | 254 | 267 | 2095 | 296 |
| **Сао Томе и Принципе** | 149 | 349 | 406 | 360 | 380 | 2090 | 407 |
| **Саудиска Арабија** | 22.147 | 54.738 | 61.331 | 53.716 | 56.880 | 2085 | 62.427 |
| **Свазиленд** | 1.044 | 948 | 945 | 952 | 1.035 | 2005 | 1.087 |
| **Северна Кореја** | 22.268 | 24.966 | 22.515 | 22.812 | 24.056 | 2040 | 25.122 |
| **Сенегал** | 9.393 | 21.589 | 25.256 | 22.189 | 23.839 | 2090 | 25.382 |
| **Сиера Леоне** | 4.415 | 10.339 | 11.027 | 7.994 | 8.647 | 2080 | 11.515 |
| **Сингапур** | 4.016 | 4.538 | 3.586 | 3.783 | 4.014 | 2030 | 4.934 |
| **Сирија** | 16.560 | 34.174 | 35.012 | 31.530 | 33.413 | 2075 | 36.316 |
| **Словачка** | 5.391 | 4.948 | 3.998 | 4.104 | 4.346 | 2015 | 5.441 |
| **Словенија** | 1.990 | 1.569 | 1.159 | 1.199 | 1.268 | 2000 | 1.990 |
| **Соломонски Острови** | 437 | 1.071 | 1.188 | 1.002 | 1.063 | 2085 | 1.213 |
| **Сомалија** | 8.720 | 39.669 | 66.074 | 59.823 | 62.273 | 2115 | 67.690 |
| **Србија и Црна Гора** | 10.555 | 9.371 | 7.804 | 7.933 | 8.437 | 2000 | 10.555 |
| **Судан** | 31.437 | 60.133 | 65.157 | 56.372 | 59.292 | 2085 | 66.063 |
| **Суринам** | 425 | 459 | 428 | 399 | 415 | 2030 | 489 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тајланд** | 60.925 | 77.079 | 70.351 | 72.140 | 76.861 | 2045 | 77.309 |
| **Танзанија** | 34.837 | 69.112 | 76.662 | 67.890 | 71.534 | 2085 | 77.530 |
| **Таџикистан** | 6.089 | 9.552 | 8.941 | 8.099 | 8.427 | 2065 | 9.740 |
| **Того** | 4.562 | 10.005 | 11.493 | 10.341 | 10.928 | 2095 | 11.524 |
| **Тонга** | 101 | 122 | 123 | 106 | 112 | 2070 | 127 |
| **Тринидад и Тобаго** | 1.289 | 1.221 | 1.051 | 1.080 | 1.141 | 2020 | 1.346 |
| **Тунис** | 9.519 | 12.887 | 11.390 | 11.162 | 11.887 | 2050 | 12.887 |
| **Турција** | 68.281 | 97.759 | 90.323 | 87.452 | 91.583 | 2055 | 98.064 |
| **Туркменистан** | 4.643 | 7.541 | 7.185 | 6.680 | 7.051 | 2065 | 7.670 |
| **Узбекистан** | 24.913 | 37.818 | 34.369 | 32.552 | 34.146 | 2060 | 38.033 |
| **Уганда** | 23.487 | 103.248 | 167.099 | 149.004 | 154.511 | 2115 | 170.014 |
| **Украина** | 49.688 | 31.749 | 24.129 | 25.798 | 27.387 | 2000 | 49.688 |
| **Уругвај** | 3.342 | 4.128 | 3.926 | 3.596 | 3.782 | 2060 | 4.160 |
| **Унгарија** | 10.012 | 7.589 | 6.211 | 6.708 | 7.140 | 2000 | 10.012 |
| **Филиини** | 75.711 | 126.965 | 128.798 | 118.544 | 125.433 | 2075 | 133.446 |
| **Финска** | 5.177 | 4.941 | 4.597 | 4.955 | 5.314 | 2300 | 5.314 |
| **Фиџи** | 814 | 969 | 889 | 781 | 832 | 2040 | 992 |
| **Франција** | 59.296 | 64.230 | 60.172 | 63.897 | 68.502 | 2300 | 68.502 |
| **Француска Полинезија** | 233 | 355 | 339 | 324 | 343 | 2065 | 359 |
| **Хаити** | 8.005 | 12.429 | 12.723 | 10.442 | 11.134 | 2075 | 13.256 |
| **Холандија** | 15.898 | 16.954 | 15.945 | 17.042 | 18.172 | 2300 | 18.172 |
| **Холандски Антили** | 215 | 249 | 227 | 226 | 241 | 2035 | 253 |
| **Хондурас** | 6.457 | 12.630 | 13.263 | 11.431 | 12.117 | 2080 | 13.676 |
| **Хрватска** | 4.446 | 3.587 | 3.246 | 3.487 | 3.689 | 2000 | 4.446 |
| **Централно Афричка Република** | 3.715 | 6.563 | 7.517 | 6.777 | 7.215 | 2095 | 7.525 |
| **Чад** | 7.861 | 25.359 | 34.609 | 29.739 | 31.274 | 2105 | 34.619 |
| **Чешка** | 10.269 | 8.553 | 6.650 | 7.041 | 7.483 | 2000 | 10.269 |
| **Чиле** | 15.224 | 21.805 | 21.359 | 20.016 | 21.166 | 2070 | 22.161 |
| **Џибути** | 666 | 1.395 | 1.706 | 1.485 | 1.564 | 2095 | 1.706 |
| **Швајцарија** | 7.173 | 5.810 | 4.827 | 5.136 | 5.499 | 2000 | 7.173 |
| **Шпанија** | 40.752 | 37.336 | 29.122 | 30.491 | 32.787 | 2010 | 41.284 |
| **Шведска** | 8.856 | 8.700 | 8.112 | 8.709 | 9.355 | 2300 | 9.355 |
| **Шри Ланка** | 18.595 | 21.172 | 18.694 | 18.770 | 19.943 | 2035 | 21.743 |
| *Извор*: United Nations Population Division, World Population in 2300 (ESA/P/WP.187). | | | | | | | |

## Заклучок

Еколошката криза со која се соочува човештвото е доста сериозна од причини што демографската експлозија во изминатиот век нанесува штета на светскиот екосистем, што неминовно води кон негово загрозување. Околу 1900 година, светот претставувал живеалиште за околу 1,6 милијарди луѓе. До средината на дваесеттиот век, светското население пораснало на 2,5 милијарди. Во 2005 година Светот бил живеалиште на 6,5 милијарди жители. Забрзаниот девастирачки однос на човекот кон природата започнува со забрзаниот процес на индустријализацијата. Покрај огромната употреба на јаглен, се случува уште поспектакуларна употреба на нафтата. Издувните гасови од превозните средства, кои ги спојувале различните делови од светот и транспортирале сè повеќе луѓе, немилосрдно ја загадувале атмосферата. Со влегувањето во деведесеттите години од минатиот век, ваквите трендови добиле поголемо забрзување. Светското население расте за повеќе од два пати, додека светската економија дури за четири пати. Бранот на населението во земјите во развој зачекорува во џунглите, мочуриштата и големите пасишта. Истовремено расте искористувањето на природните ресурси од страна на човекот. Новите фабрики, монтажните производни линии, сообраќајниците, аеродромите, населбите не само што ги редуцирале површините кои дотогаш не биле допрени од човековата рака, туку ја зголемиле потребата за повеќе превозни средства, инфраструктура, храна, железо, руди, нафта и сл. Сите потреби ја зголемиле еколошката деградација тргнувајќи од повеќе загадени реки и мртви езера, градови обвиткани со смог, индустриски и нуклеарен отпад, ерозија на почвата, обесшумување и др. Според одредени процени, од средината на минатиот век па до 2000-та година, светот изгубил една петтина од површинскиот слој на земјиштето со своите обработливи површини, една петина од сопствените шумски комплекси, како и неколку десетини илјади растителни и животински видови.

Светскиот стопански и индустриски развој има големо влијание на квантитетот и квалитетот на водните резерви на Земјата. Порастот на населението несомнено предизвикува зголемување на потребите за вода. Без исклучок во секоја светска метропола во развој комбинацијата на пренаселеност, непланските чекори во процесот на индустријализацијата, недостатокот на канализациони мрежи и постројки за пречистување ја уништиле речиси во целост категоријата „чиста вода“.

Сите овие показатели јасно укажуваат каков притисок врз животната средина произведува порастот на светското население и во колкав степен придонесува кон нарушувањеже на балансот помеѓу човекот и животната средина. На тој начин се создава амбиент кој може да продуцира намалување на степенот на заштитита на животната средина и создаде небезбеден амбиент за понатамошен развој на човековата цивилизација.

Како завршна констатација, можеме да потенцираме дека меѓународната експертска заедница има релативно добра теоретска елаборација за тоа што треба да опфати и како да се постигне еколошката безбедност. Свеста за опасностите кои ги крие природата, во последниот период константно расте. Притоа, алката што недостасува е отсуството на конкретна практична акција. Насоките кон кои треба да се стреми целото човештво треба да бидат следните: користење на еколошки безбедна технологија, правилно менаџирање со природните ресурси, креирање на стратегии

базирани врз принципот на одржлив развој, подигнување на еколошката сензибилност на владите и меѓународните организации и разбирање на еколошката безбедност како сегмент на сеопфатната меѓународна безбедност.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. **Кенеди П.** (1997) *Припрема за двадесет први век.* Београд: Службени лист СРЈ;
2. **Милески Т.** (2005) *Македонија: Рубикова коцка на Балканот.* Скопје: Филозофски факултет;
3. **Милески Т.** (2006) *Еколошка безбедност.* Скопје: Филозофски факултет;
4. **Barnett J., Dovers S.** (2001) *Environmental Security, Sustainability and Policy.* Pacifica Review, Volume 13, Number 2.
5. **Demeny P.** (2003) "Population Policy dilemmas in Europe at the Dawn of the Twenty-first Century", *Population and Development Review* 29, March;
6. **Gnessoto N., Grevi G.** (2006) *The New Global Puzzle.* Paris: Institute for security Studies;
7. **Gallup L., Sachs J.D.** (2000) *The Economic Burden of Malaria.* CDI Working Paper 52, Boston: Center for Internatonal Development, Harvard University;
8. *AIDS Epidemic Update* (2005), UNAID/World Health Organisation;
9. *2005 GLOBAL REFUGEE TRENDS* (2006) UNHCR, 9 june;
10. *World Urbanization Prospects: The 2005 Revision*, *POPULATION Newsletter*, Number 81, June 2006;
11. *World Population to 2300.* (2004) Department of Economic and Social Affairs. New York: United Nation.

# ТРАНСАТЛАНТСКИТЕ ОДНОСИ: РЕЛАЦИЈА МЕЃУ МОЌ И СЛАБОСТ ИЛИ КОМПЛЕМЕНТАРНИ ОДНОСИ?

**Слаѓана БОЖИНОВСКА,**
Дирекција за безбедност на класифицирани информации

**Апстракт***: Во ерата на глобализацијата растојанието, помеѓу двете страни на Атлантикот изгледа многу помало отколку порано, а потребата за одржување блиски релации и меѓусебно разбирање станува сé поголема. Дебатите за различната стратегиска култура и силната реторика за потребата од споделување на одговорноста меѓу актерите на меѓународната сцена посочуваат на важни прашања коишто ги оптеретуваат трансатлантските односи. Овој текст преку анализа на тезите на истакнати теоретичари и политички критичари обработува некои од нив, со акцент на вредностите и принципите коишто го објаснуваат домашното и меѓународното однесување на САД и на Европа.*

**Клучни зборови:** *моќ, стратегиска култура, толерантност, заеднички вредности*

# TRANSATLANTIC RELATIONSHIP: RELATION BETWEEN POWER AND WEAKNESS OR COMPLEMENTARY RELATIONS?

**Abstract***: In the age of globalization the distance between the two sides of the Atlantic seems much smaller than before, and the necessity for keeping close relations and mutual understanding becomes much bigger. The debates on different strategic culture and the strong rhetorics for the need of sharing the responsibilities among the actors on the international stage, point at important issues that burden the transatlantic relationship.*
*This paper describes some of the, through an analysis of the thesis of some prominent theoreticians and political critics, with the emphasis on the values and principles that explain the domestic and international behaviour of the USA and Europe.*

**Key words***: power, strategic culture, tolerance, common values*

## Вовед

Кога се зборува за трансатлантските односи се имаат предвид односите меѓу НАТО и ЕУ. Сепак, влијанието и, пред сé, улогата на САД во Алијансата, сé повеќе ја наметнуваат дебатата за трансатлантските односи меѓу САД и Европа (претставена во ЕУ). Иако некои теоретичари можеби ја преценуваат природата на овие односи, несомнено е дека динамичноста на меѓународните односи и промените во безбедносното опкружување укажуваат на постоечка криза во трансатланските односи и на потребата за изнаоѓање решение за нејзино надминување. Решението што претендира на промени кои вклучуваат поголема флексибилност и соработка е познато од порано и затоа поновите дебати не се фокусираат на тоа што треба да се направи за да се надмине кризата, туку на прашањето зошто таа сé уште опстојува.

Еден дел од одговорот сигурно е содржан во структурата на меѓусебна зависност на двете страни на Атлантикот, но и тука постои асиметричност во односите. Иако и двете страни се заинтересирани за флексибилна соработка, сепак, улогата на САД врз случувањата во Европа е многу поголемо, отколку на Европа во САД. Токму заради оваа асиметричност, кризата во трансатланстките односи што започнала заради вистински несогласувања опстојува и вклучува реторики за „моќ", „легимитет", „владеење на правото", „лидерство", „разидување" и „приближување".

Друг дел од одговорот може да се побара во анализата на очекувањата на двете страни од Атлантикот од заемните односи. Иако, во тој контекст, реториката на двете страни укажува на разлики, сепак она што е карактеристично и за двете е заклучокот дека промени мора да има.

Со цел да посочиме некои од прашањата од коишто потекнува асиметричноста во трансатлантските односи, но и областите каде што се потребни промени за нејзино надминување, ќе ја анализираме тезата на Роберт Каган[1] за релацијата помеѓу силата и моќта и критичките ставови на некои негови современици.

## Кагановото сфаќање на трансатлантските односи

Видувањето на Роберт Каган за трансатлантските односи предизвикува многу полемики и подвоени мислења меѓу аналитичарите, кои го делат интересот за ова прашање. Сакајќи да покаже дека причината заради која опстојува кризата во односите меѓу САД и Европа се нивните меѓусебни спротивности, тој порачува дека „е крајно време да престанеме да се претвараме дека Европејците и Американците имаат исти погледи на светот, или дека дури и живеат во ист свет".[2]

Нивната најголемата спротивност е изразена во односот кон моќта и употребата на сила во меѓународните односи. Така, САД „живеат" во

---

[1] Американски неоконзервативен теоретичар и политички коментатор

[2] Kagan, Robert. *Power and Weakness*, Policy Review, No.113, June/July 2002

Хобсовиот анархичен свет, во кој довербата во меѓународните закони и правила е мала, а безбедноста и одбраната сè уште зависат од поседувањето и употребата на воена сила, додека Европа го „негува“ Кантовиот свет на постојан мир, релативен просперитет и верба во институциите и законите. Затоа и не изненадува заклучокот на Каган дека денес Американците и Европејците се како Марс и Венера: сè помалку се согласуваат и разбираат за главните стратегиски и меѓународни прашања. Всушност, позајмувајќи ја успешната метафора („Мажите се од Марс, жените се од Венера“), тој сликовито ја претставува јасната поделеност на двете страни на Атлантикот врз база на карактеристиките што ги манифестираат.

Прашањата за тоа колку тие страни се одделени една од друга и дали постојат шанси за нивно приближување можат да се разгледуваат од повеќе агли.

Европејците, се чини дека повеќе се свесни за растечките разлики и разидувања и сè повеќе се убедени дека Американците и Европејците повеќе немаат иста „стратегиска култура“. За разлика од Американците, коишто многу полесно прибегнуваат кон употреба на сила и нестрпливо се стремат кон постигнување на брзи резултати, со акцент на казнените постапки и санкции, Европејците на проблемите им приоѓаат суптилно и без директна конфронтација. Тие се потолерантни на неуспех, пострпливи кога не се постигнуваат брзи резултати и генерално претпочитаат мирен одговор на проблемите преку преговарање, дипломатија и убедување. Всушност, според Каган, Европејците го ставаат акцентот на процесот, а не на резултатите, верувајќи дека на крајот процесот ќе биде суштината што несомнено ќе доведе до позитивни резултати.

Она што Европејците денес го сметаат за своја „помирна стратегиска култура“, историски гледано, е релативно ново сфаќање. Каган тоа го објаснува како „промена на местата - и перспективите“, односно промена на моќта. Имено, она за што денес се обвинуваат Американците, демонстрацијата на сила и моќ во односите со другите земји, пред 200-300 години сè до периодот по Првата светска војна, било својствено за Европа. Тогаш САД практикувале стратегија на посредување, толеранција и убедување. Но, денес, со промената на моќта и на влијанието во корист на САД, Европа е таа што ја применува стратегија на „послабата страна“. Затоа оваа релација на слабиот наспроти силниот наметнува и спротивставени стратегиски култури што се карактеризираат со различна проценка за безбедносните закани и различно утврдување на соодветните средства за нивно спротивставување, па дури и со различни интереси.

Но, Каган посочува и на големо идеолошко разидување. Европа, заради своето уникатно историско искуство со двете светски војни на своето тло во

минатиот век и со формирањето на Европската унија, има развиено комплекс на идеали и принципи во однос на употребата и етиката на силата и моќта. Наспроти тоа САД, коишто немаат такви историски искуства, имаат поинакви принципи и се однесуваат надмоќно.

Последиците од двете светски војни биле пресудни за европските нации што дотогаш претставувале глобални моќници и колонијални сили. Периодот на Студената војна повторно ја ставил Европа во специфична улога, односно во улога на „геополитички пивот" што ѝ овозможило да го задржи своето меѓународно влијание и покрај сразмерно многу помалите воени способности со коишто можела да се пофали во тоа време.

Со завршување на Студената војна и распаѓањето на Варшавскиот пакт, за Европа повторно настанал период на значајни промени во нејзината геополитичка улога. Во текот на 1990-тите години, конфликтите на Балканот го обединиле фокусот на европските нации и на САД на стратегиската важност на контитетот и на значењето на НАТО, а со неговото проширување што опфатило дел од поранешниот спротивставен блок, Европа останала на врвот на стратегиските дискусии.

Токму во такви услови била создена „новата Европа". Со поврзувањето на европските нации во единствена политичка и економска заедница - историската придобивка од Договорот од Мастрихт во 1992 година - многумина се надевале дека Европа ќе стане следната суперсила, не само економска и политичка, туку и воена. Суперсила којашто ќе се справува со кризите на своето тло и ќе биде следниот „глобален играч" којшто ќе придонесе за враќање на мултиполарноста на светот.

Но, почетокот на конфликтите на Балканот, укажале на нешто сосема поинакво. Се покажал недостатокот на воен капацитет и политичка конфузија на европските нации за заедничко дејствување поради што не биле во состојба ефикасно да реагираат на новонастаната ситуација. Европа можела само да даде свој придонес во мировните сили распоредени на Балканот откако САД, во најголема мерка самостојно, преземале важни воени дејствија за стабилизација на состојбите. Оваа „поделба на трудот" многумина ја сфаќаат како ситуација во која Американците „ја подготвувале вечерата", а Европејците „ги миеле чиниите".

Оваа метафора јасно укажува на разликата во воените капацитети на двете страни од Атлантикот. Како и повеќемината други политички аналитичари и теретичари, и Каган смета дека главниот проблем е во тоа што европските нации не сакаат да издвојуваат повеќе средства за воените буџети. Овој тренд започнал уште од периодот по завршувањето на Студената војна. Со колапсот на Советскиот Сојуз европските земји ја увиделе можноста за „заработка од мировната дивиденда" и ги намалите своите воени буџети. Така,

и покрај реториката на обединета Европа за прераснување во суперсила, нејзините воени капацитети постојано заостанувале зад капацитетите на САД, коишто го задржале истиот воен буџет. Причината за тоа не е дека САД не сакале да имаат корист од мировната дивиденда, туку од различниот начин на сфаќање на крајот на Студената војна. Со исчезнувањето на главниот опонент за мерење на силите, САД биле оставени во свет без соодветна конкуренција. Тој „униполарен момент“ за Американците бил период на релаксирање и зајакнување на „глобалните мускули“ за следните предизвици. А тоа набрзо било докажано во пракса со интервенциите на САД во Панама, војната во Персискиот залив, Сомалија, Хаити, Босна и Херцеговина и во други делови на светот.

Токму тој унилатерален пристап кон решавањето на проблемите е едно од најспорните прашања во трансатлантските односи. Европа стравува дека унилатерализмот ќе го развие Хобсовиот свет во којшто нациите што се залагаат за постојан мир ќе бидат премногу ранливи. Затоа се залага за мултилатерализам и се обидува да ги „заузда“ интервенциите на САД повикувајќи се на нивната совест и почитувањето на меѓународно признатите норми и правила.

Иако надворешните политики и на двете страни од Атлантикот содржат општи идеали и аспирации што се заеднички, сепак, мора да се нагласат мошне различните перспективи од коишто Европејците и Американците гледаат на светот и на улогата на силата и моќта во меѓународните односи. Имено, според Каган, Европејците се спротивставуваат на унилатерализмот делумно од причина што немаат капацитет за унилатерализам, за разлика од САД кои може да дејствуваат унилатерално и тоа го имаат направено на повеќе наврати.

Тука се и постојаните дебати за тоа што претставува толерантна, а што нетолерантна закана. Некои Европејци сметаат дека нивото на толерантност на заканите на Европа е поголемо отколку на САД, токму заради искуствата од минатото и случувањата на европското тло.

Толерантноста на Европа Каган ја сфаќа како реалистичен одговор од причина што заради својата слабост Европа, всушност, и се соочува со помалку закани отколку САД коишто се далеку помоќни. Ова свое сфаќање Каган метафорично го објаснува со ножот и пушката. Оној што е вооружен само со нож може да одлучи да се прикрие и да се надева дека нема да биде нападнат, додека вооружениот со пушка поинаку гледа на опасноста и полесно се одлучува да нападне бидејќи така ризикот е помал, отколку постојано да живее во страв. Токму преку ваквото објаснување на различната психологијата на размислување меѓу слабиот и силниот, Каган ја објаснува и различната перцепција за заканата што ја претставуваше режимот на Садам Хусеин во Ирак.

Но, толерантноста на заканите не е единственото што може да произлезе од неспособноста за справување со нив. Таа може да доведе и до негирање или до поместување на фокусот на заканите. Така, Каган се согласува со тврдењето на Стивен Евертс[3] дека кога Американците зборуваат за „странски закани" мислат на „пролиферацијата на оружје за масовно уништување, тероризмот и пропаднатите држави", додека Европејците го користат терминот „предизвици" за „етнички конфликти, миграција, организиран криминал, сиромаштија и деградација на животната средина". Поинаку кажано, својот одговор и двете страни го фокусираат во оние области каде што нивната силна страна најмногу доаѓа до израз. Следствено на тоа може да се заклучи дека дел од причината што Европа става помал фокус на воената сила и повеќе се ангажира на полето на тнр. алатки за „мека сила" е токму заради тоа што економската страна ѝ е посилна.

Каган обрнува внимание и на тоа дека различната перцепција за заканите не може да се гледа единствено преку различната стратегиска култура и психологијата на размислување. Причините за тоа можат да се најдат и во практичната реалност. Европејците „уживаат" своевидна безбедносна гаранција од Американците коишто целосно го имаат понесено товарот за одржување на мирот во различни региони од светот. Така, од аспект на стратегиското планирање, и Европа и САД се согласни дека ниту Ирак, ниту Северна Кореја или Кина не претставуваат примарен европски проблем. Затоа и различната перцепција за заканата од Садам Хусеин не била премногу изненадувачка од причина што тоа било логична последица на трансатлантскиот диспаритет на моќта. Но, и потврда на фактот дека прашањата надвор од Европа не привлекуваат ни оддалеку толку интерес меѓу Европејците како што тоа го прават „чисто" европските прашања.

Дека безбедносната гаранција на Американците имала влијание врз создавањето на „нова Европа" Каган го објаснува со „ѕидот на безбедност" што со својата моќ САД го изградиле во рамките на воените структури на НАТО. Во услови на колективната одбрана, Европа можела да се посвети на градењето на својот нов поредок и на својата нова идеологија.

Но, тука доаѓа до израз иронијата на реалните состојби. Одбивањето на политиката за употреба на сила во меѓународните односи од страна на Европа било возможно само заради присуството на амриканските воени сили на

[3] Британски теоретичар, директор на Трансатлантската програма во Центарот за европски реформи во Лондон

европското тло. Така новиот Кантов свет на Европа можел да се развива само под заштитата на амриканската моќ, којашто се реализирала според правилата на стариот Хобсов свет на анархични односи. Иронијата е дури поголема во тоа што таа американска моќ придонела за решавање на еден од најголемите проблеми за создавањето на „новата Европа“, односно проблемот со Германија, а денес Европејците веруваат дека американската воена сила и нејзината „стратегиска култура“ се старомодни и опасни.

Се чини дека иако повеќето Европејци не го разбираат парадоксот дека Европа своето опстанување таква каква што е го должи на волјата на САД да ја игра улогата на „светски полицаец“, сепак, постојат теоретичари коишто ја разбираат мистеријата на овој заемен однос. Тука Каган го посочува Роберт Купер[4] којшто смета дека „најголемиот предизвик на постмодерниот свет е навикнувањето на идејата за двојни стандарди“. Според него, Европа може да функционира врз база на закони и кооперативна безбедност кога тоа го прави на својата територија, но “кога треба да функционира во џунгла, мора да ги користи и законите на џунглата”. Очигледно е дека САД веќе функционираат по принципот на двојните стандарди на Купер. Американските лидери веруваат дека глобалната безбедност и либералниот поредок „постмодерниот“ мир за кој се залага Европа - нема долго да опстанат доколку САД не ја употребуваат својата воена моќ во опасниот Хобсов свет што постои надвор од границите на Европа. Но, се поставува прашањето дали САД може да ја толерираат ваквата ситуација подолго време и дали може да го одржуваат мирот во светот без поддршка од Европа? Каган смета дека тие веќе го прават тоа, а како поткрепа на тој аргумент го посочува и фактот дека поддршката од Европа во Заливската војна и потоа во Авганистан повторно била сведена само на „миење на чиниите“.

Со оглед на тоа што не постои веројатност дека САД ќе ја намалат својата моќ, ниту, пак, дека Европа ќе ја зголеми својата воена сила или, пак, својата волја за употреба на силата што ја поседува, според Каган, иднината ќе донесе зголемена трансатлантска тензија. Одговорот на прашањето што понатаму да се стори, од една страна, тој го гледа во потребата Европа да ги надгради своите воени капацитети, макар и само маргинално, да го надмине стравот и лутината заради постоењето на моќниот колос-САД и да разбере дека неговото постоење е од клучно значење за светот и особено за Европа.

---

[4] Британски дипломат и политички аналитичар, генерален директор за надворешни и политичко-воени работи во Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ

Од друга страна, пак, САД не треба да ги сфаќаат обидите за соработка на Европа како обиди на Лилипутанците за „смирување на џинот - Гуливер“ бидејќи, всушност, Европа и нема капацитети за тоа. Но, доколку САД би можеле да покажат поголемо разбирање за сензибилитетот на другите, поголема почит за мултилатеризмот и за владеењето на меѓународните закони, би можеле да создадат политички капитал за моментите кога не е возможно да се дејствува мултилатерално и кога унилатералното дејствување е неизбежно.

Според Каган, тоа се мали чекори коишто нема да ги решат длабоките проблеми на трансатлантските односи. Сепак, САД и Европа делат подеднакви сфаќања за западните вредности, па дури и нивните аспирации за човештвото се прилично слични, иако огромната разлика во моќта ги поставува на различни позиции. И во таква ситуација, Каган порачува дека сепак не е премногу оптимистички да се верува дека и мало меѓусебно разбирање би можело да биде корисно.

**Критика на метафората за Марс и Венера**

Со тоа што Роберт Каган својот интерес не го фокусира на „мали прашања“, туку на прашања од „високата политика“, односно на принципите на големата стратегија, тој отвора сериозни дебати за поставената теорија за различната стратегиска култура врз основа на моќта. Според Даниел Биро[5], тезата на Каган е заснована на неколку едноставни аргументи коишто носат ризик од преголемо поедноставување и претерување[6]. Од таа причина, неговата критика е насочена кон генерализирањето на тезата врз основа на екстремностите. Теоријата за слабоста на Европејците се чини несоодветна ако се погледне колку изнесува комбинираниот БДП на европските нации. Иако несомнено постои голема разлика во воените капацитети на двете страни од Атлантикот, сепак, ако се погледнат одделно само капацитетите на Франција и на Британија, може да се заклучи дека Европејците сé уште поседуваат значаен воен капацитет и дека нивната воена традиција сé уште живее.

Даниел Биро го критикува Каган дека со својата теза се обидува да наметне лажни дихотомии и тоа првенствено во однос на поделбата меѓу моќта

---

[5] Аналитичар на меѓународни односи во Центарот за НАТО студии во Букурешт, Романија (NSPSPA).

[6] Biro Daniel, *Transatlantic Relations: How Useful is the Mars-Venus Metaphor?,* NATO Studies Centre, July 2003, p.9

и законот. Тоа најдобро го објаснил Хавиер Солана, којшто во едно свое предавање на Хардвардскиот факултет зборувал за моќта и законот како за две страни на една паричка, бидејќи за да се воспостави закон и владеење на правото потребна е моќ, а, пак, од друга страна, за да таа моќ има долготраен ефект, потребно е да се осигура нејзиниот легитимитет. А за тоа дали таа сила ќе се употреби унилатерално или мултилатерално, Биро смета дека е најважно да не се прифати макијавелистичкото сфаќање за едното или другото бидејќи тоа би му наштетило на ефикасното глобално менаџирање, и тоа особено на полето на безбедноста. Праксата покажува дека, зависно од околностите, и унилатерализмот и мултилатерализмот си имаат свое место. Така, силите за глобализација коишто се стремат за создавање на поголема меѓузависност ги јакнат и мултилатералните пристапи кон решавање на глобалните проблеми. Но, од друга страна, постојат предизвици за коишто мултилатералниот одговор не е секогаш ефикасен и коишто бараат унилатерално ангажирање со брзи и ефективни резултати.

Коментирајќи ја тезата на Каган дека „материјалните способности ги одредуваат вредностите и идеалите", Биро посочува дека Европејците и Американците и понатаму имат ист поглед на суштествените вредности коишто треба да се промовираат во светот и имаат силни врски меѓу себе. Едната од нив е тоа што и САД и европските држави имаат политички системи што се изградени на вредностите за демократија, индивидуална слобода и владеење на правото. Потоа, подеднакво ја промовираат идеологијата за човечки права како еден од основните принципи на новиот светски поредок и ги поддржуваат системите засновани на пазарна економија. Биро го критикува Каган дека токму овие заеднички вредности ги става во сенка, па дури и ги заборава во својата реторика. Затоа, тој заклучува дека „разликите на коишто укажува Каган не се однесуваат примарно на политиките што САД и Европа ги применуваат една кон друга, туку на нивните билатерални политики кон трети страни или кон глобалниот поредок". Поинаку кажано, суштината на проблемот не е во различните вредности, туку во процесот на имплементација на тие вредности и на инструментите што треба да се употребат притоа.

И покрај критичкиот осврт, Биро ја прифаќа идејата на Каган за различната перцепција на заканите и различните безбедносни агенди, како и за фокусот на дејствување на Европа и на САД. Така, Европа повеќе е загрижена за заканите по животната средина, сиромаштијата и за други безбедносни закани коишто ја сочинуваат тнр. „нова безбедносна агенда" на ерата на глобализацијата. Спротивно на тоа, САД е сконцентрирана на прашањата коишто се однесуваат на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и државите коишто генерираат закани по мирот и безбедноста во светот.

Поддржувајќи ја тезата на Каган за безбедносната гаранција на САД за создавањето на „нова Европа“, Биро посочува дека во услови на пацифицирана Русија и ненуклеарна Украина, постои тенденција на сé погласни изјави дека на Европа повеќе не ѝ е потребен „безбедносниот чадор“ од САД за остварување на нејзината политика за одбрана и безбедност.

Најголемата грешка во тезата на Каган, Даниел Биро ја гледа во силниот фокус на воената димензија и потенцирањето на „тврдата“ димензија на моќта (на воените капацитети) наспроти „меките“ аспекти за коишто смета дека претераниот акцент може само да наштети на објаснувањето на неговата хипотеза, но и на светот на лидерите што ги донесуваат суштествените одлуки. Тешко е да се заклучи дека во денешни услови безбедноста на Американците не е поврзана со безбедноста на Европејците, и обратно. Аргумент повеќе за тоа е зависноста на САД од европските бази и инфраструктурата, а како што се покажа при интервенциите во Авганистан и на Ирак, на САД навистина ѝ се потребни силите на Европа за градење на мирот и за постконфликтна изградба на институциите во кризните подрачја. А заемната ранливост од глобалните економски кризи, борбата против организираниот криминал, како и неможноста терористичките закани да се решаваат единствено со употреба на сила и унилатерално, ја наметнуваат потребата за соработка, заемно дејствување и зајакнување на сојузништвото.

Неспорно е дека постои тенденција за сé поголема разлика во воените капацитети на САД и Европа, како и во нивниот начин на сфаќање на светот. Стивен Евертс предупредува дека додека од една страна се наметнува потребата за европските земји да ги зајакнат своите воени капацитети, тие може да возвратат со реториката дека преголемото вооружување носи други проблеми. Односно, дека „ако единствениот инструмент што го имаме е чекан, тогаш сите проблеми ќе започнат да ни личат на клинци“[7].

Одговорот на прашањето која стратегија е подобра, Евертс го бара во дебатата за тоа колку е корисна „глобалната доминација“ и дали навистина помага во решавањето на проблемите на пропаднатите држави на Средниот Исток и во Централна Азија, во насочувањето на Русија кон Западот, или интегрирањето на Кина во глобалниот систем. Или, пак, за тоа дали употребата на „тврдата“ сила на Американците им донесе и добра репутација на меѓународен план. Според него, постигнатите резулатати не одат во корист на глобалната доминација, а дејствувањето на Американците само поттикнува непочитување и презир.

---

[7] Everts, Steven. *A Word of Advice from Europe: Soft Power Works* (www.inthenationalinterest.com)

Иако се согласува дека Каган има право што ги критикува Европејците дека се опседнати со процесот на сметка на резултатите, Евертс, сепак, предупредува дека тој пред себе разгледува погрешни резултати. Според него, не е важно колку авиони или ракети со прецизно наведување има некој, туку колку добро ги решава проблемите. Така, она од што ЕУ може да биде задоволна при реализација на својата надворешна политика е фактот што започна да дејствува обединето, не само на Балканот или во Медитеранот, туку и подлабоко, во структурна смисла. Најголемата вредност од нејзиниот пристап кон меѓународните односи се напорите што ги вложува за создавање силни мрежи на реципрочни обврски и размена со другите земји, за зголемување на капацитетот на меѓународните режими за решавање на нови прашања, како што се глобалното затоплување и почитувањето на Протоколот од Кјото, воените злосторства и Меѓународниот кривичен суд, биолошкото оружје и малото оружје, како и релевантните конвенции на ОН, итн., што покажува позитивни резултати наспроти незаинтересираноста, па дури и спротивставувањето на САД за некои прашања.

Од своја страна, иако неоконзервативците сакаат да ги напаѓаат Европејците што не ги развиваат своите воени капацитети и се обидуваат да ги натераат да ги зголемат своите воени буџети, тие не водат сметка за тоа колкав капацитет е потребен за решавање на глобалните проблеми. Затоа, Евертс порачува дека водечкиот принцип за разумна трансатлантска дебата за придонесите кон глобалната безбедност треба да биде: „прво редефинирај, потоа ребалансирај“.

## Иднината на Марс и Венера: брак или развод?

Принципот на кој повикува Евертс во целост одговара на изменетото безбедносно опкружување и на современите предизвици. Иако по завршување на Студената војна исчезна и биполаризмот, се чини дека постои тенденција денес светот повторно да се дели на два дела, на зони на мир и на зони на конфликти и војни. Во такви услови, перспективата на „мирната Венера“ - Европа некогаш може да се покаже недоволна, или, пак, краткорочниот пристап на „воинствениот Марс“ - САД да не биде соодветен за постигнување долгорочни решенија. Тоа укажува на потребата од балансирање на односите преку адаптирање на изменетите услови и на новите предизвици.

Многумина теоретичари се согласуваат дека за да се намалат, па дури и надминат разликите во трансатланските односи, и двете страни треба да се подготвени - и финансиски и политички да ги користат сите алатки што им ги нуди нивната надворешна политика. Така, според Евертс, Европејците не можат да очекуваат дека само преку критика и жалење ќе ги натераат Американците да го сменат својот начин на размислување. Најдобар начин за

тоа е да се фокусираат на своите напори да дејствуваат обединето и од стратегиски ирелевантен, да станат кредибилен партнер. Тоа значи дека мораат посериозно да ги прифатат своите меѓународни обврски и да размислуваат поглобално кога се разгледуваат „тврди“ безбедносни прашања. Последователно на тоа, треба да ги подобрат своите способности, вклучувајќи ги и воените, да ја подобрат ефикасноста на институционалната машинерија на ЕУ и да ја зајакнат димензијата на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Од друга страна, пак, Американците мора да сфатат дека нормите и мултилатералното дејствување не се само „минлива преокупација“ на Европејците, туку дека истите сé повеќе добиваат на важност[8]. Така, доколку сака да влезе во глобално партнерство со Европа, САД мора да го прифатат фактот дека промовирањето на меѓународен систем заснован врз правила и норми мора да биде интегрален дел на тоа партнерство. Воедно, треба да ги редефинираат своите финансиски приоритети и да ги насочат кон трошење помалку пари на воените капацитети, а повеќе на дипломатијата, да покажат поголемо разбирање за глобалните прашања од “новата безбедносна агенда”, како и повеќе почитување за меѓународните закони и конвенции коишто подеднакво ги засегаат сите актери на меѓународната сцена.

САД и Европа не можат и не смеат да си дозволат да не обрнуваат внимание една на друга и да не водат сметка за стратегиската култура на другата страна. Дали нивната иднина повеќе ќе наликува на „брак“ или на „развод“ меѓу две страни зависи од тоа како ќе ги дефинираат своите односи. И додека Каган од римската митологија ги позајмува ликовите на Марс и Венера за да ја поддржи својата теза дека односите меѓу Американците и Европејците водат кон „развод“, Даниел Биро потсетува на ликот на божицата Хармонија којашто Марс и Венера ги обединува во љубов и слога. Дали нејзината улога ќе биде успешна и во реалноста, или ќе надвладеат стравот и ривалитетот, останува допрва да се види.

## Заклучок

Несогласувањата и различните перцепции за начинот на решавање на проблемите во меѓународните односи што постојат помеѓу НАТО и ЕУ, или САД и Европа, постојат и меѓу самите земји-членки на двете организации. За тоа придонесуваат повеќе фактори, меѓу коишто се политичката волја, подготвеноста за преземање на поголем дел од товарот во една коалиција, односно да се „носи“ улогата на суперсила, како и можноста за поголемо инвестирање во безбедноста и одбраната.

---

[8] Everts, Steven. *A Question of Norms: Transatlantic Divergencies in Foreign Policy,* The International Spectator, Volume XXXVI, No. 2, April-June 2001, p.119

Очигледно е дека САД предначат во овој поглед и се подготвени да ја играат лидерската улога. Тоа нејм го оспоруваат ни европските нации на коишто во одредени моменти, колку и да не сакаат да признаат, им одговара кога некој друг ќе го понесе товарот на своите плеќи. Но, од друга страна, кога Европа се жали дека не е третирана како рамноправен партнер во донесувањето на важни одлуки, САД имаат право да ја запрашаат Европа дали таа е доволно кредибилен партнер за соработка. Дали има соодветни капацитети и дали е спремна истите да ги стави на располагање. Неспорно е дека ако Европа сака да ја сметаат за рамноправен играч, тогаш и таа мора да даде рамноправен придонес, а најдобар пример за „нерамноправноста“ во тој контекст е Ирак, едно од најчувствителните прашања во рамките на дебатите за трансатлантските односи. Разговорите за финалниот статус на Косово ќе бидат уште еден тест за трансатланската врска. Американците од една страна брзаат да го завршат процесот и доколку не се најде заеднички прифатливо решение за Србите и Косоварите унилатерално ќе го признаат Косово. Од друга страна Европејците се многу поскептични и тие би сакале да се постигне консензус помеѓу заинтересираните страни, плашејќи се дека ако до тоа не дојде ќе се наруши внатрешното единство на Унијата.

Затоа, не треба да се остава лажен впечаток дека земјите од двете страни на Атлантикот секогаш ќе се сложуваат за сé, како што и земјите во рамките на ЕУ нема да бидат во состојба да го сторат тоа. Најверојатно Американците ќе продолжат со своето убедување дека сé додека во војната на САД против тероризмот повеќето Европејци остануваат неуверени дека и тие се фокус на исламското насилство, американските и европските безбедносни интереси ќе продолжат да се движат во различни насоки. Па оттаму, САД ќе мора да се потпрат самите на себе и ќе мора да работат на затворањето на процепот помеѓу своите воени способности и определби. Од друга страна, бројните членови на европското семејство ќе мора да работат на усогласување на своите ставови и амбиции. И таму ќе се појават лидери и придружни играчи коишто ќе мораат да ги усогласат своите способности и определби, за потоа истите да се доведат во корелација со оние на САД. Се чини дека тука некаде Велика Британија ја гледа својата улога. Таа се труди да се најде на сретпат помеѓу Вашингтон и Брисел и да има една од водечките улоги во Европа којашто ќе придонесе за унапредување на трансатлантската врска.

И покрај фактот дека е потребно време за да се постигне сето ова, охрабрува сознанието дека земјите од двете страни на Атлантикот се насочени кон исти цели и вредности, кон поголема безбедност и меѓусебен дијалог. Кон еден сеопфатен политички концепт за заеднички определби и демонстрирана подготвеност за преземање заеднички акции. Но, за да се реализира оваа замисла, сите мора да се подготвени да го споделат товарот на одговорноста.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Kagan, Robert. *Power and Weakness*, Policy Review, No.113, June/July 2002
2. Biro, Daniel. *Transatlantic Relations: How Useful is the Mars-Venus Metaphor?*, NATO Studies Centre, July 2003
3. Everts, Steven. *A Word of Advice from Europe: Soft Power Works* (www.inthenationalinterest.com/Articles/Vol1issue6/Vol1Issue6Everts.html)
4. Everts, Steven. *Why should Bush take Europe seriously?*, Observer Worldview, February 17, 2002
5. Everts, Steven. *A Question of Norms: Transatlantic Divergencies in Foreign Policy*, The International Spectator, Volume XXXVI, No. 2, April-June 2001

# АНАЛИЗА НА РАСПРСКУВАЧКОТО ДЕЈСТВО И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА ГРАНАТАТА ОД 40 мм

**Росе СМИЛЕСКИ, Орце ПОПОВСКИ и Дарко СТОЈКОСКИ**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје

**Апстракт***: Трудот претставува споредбена анализа на распрскувачкото дејство и ефикасноста на оригинална експлозивна направа (граната од 40 мм) и нејзина хипотетичка варијанта. Фактички, со претходно одбран и експериментално докажан модел, трудот претставува обид на еден поедноставен начин да се прикаже реална можност за техничко-технолошко усовршување на веќе постојното убојно средство и подобрување на неговата ефикасност.*

**Клучни зборови:** *граната, распрскувачко дејство, ефикасност на граната*

# ANALYSES OF BURSTING EFFECT AND ENLARGING EFFICIENCY OF GRENADE 40 mm

**Abstract***: The article represents comparative analyses of bursting effect and efficiency of original explosive device (grenade 40 mm) and its hypothetyc variant. In fact, with previous determined and experimentaly improved model, this preview presents attempt on some simpler way to show a real possibility for technical-technological improvement of already existing murderous mean and upgrading its efficiency.*

**Key words:** *grenade, bursting effect, grenade efficiency*

## 1. Вовед

Вооружената борба постојано се менува под притисок на барањата и потребите да одговори на современите услови на војување и на генерираните загрозувања. Овие промени, секако, се проследени со засилен развој и усовршување на материјално-техничкиот фактор (вооружување, муниција, заштитни средства и др.). Така, во шеесеттите години од минатиот век, за потребите на Армијата на САД беше развиен системот *рачен фрлач на гранати М79- граната од 40 mm,* а петнаесетина години подоцна за потребите на Армијата на поранешниот Советски Сојуз беше развиен и воведен во употреба сличен систем [2].

Според видот на дејството, за ова оружје се развиени повеќе видови гранати, како што се: гранати со распрскувачко дејство, со двојно дејство (кумулативно и распрскувачко), со зачадувачко дејство, со осветлувачко дејство и гранати за хемиско дејство (контрола на демонстрации и сл.).

Предмет на истражување во овој труд е анализа на распрскувачкото дејство и зголемување на ефикасноста на гранатата од 40 mm ВОГ 25. Цел на истражувањето е добиените резултати да послужат при конструирањето нови експлозивни направи, како и за подобрување на нивната ефикасност, односно за определување на безбедносните растојанија во услови на дејство.

Проучувањето и анализата на фрагментацијата на проектилите, на нивното распрскувачко дејство и на ефикасноста побудуваат голем интерес, бидејќи сè уште не се откриени законитостите според кои се одвиваат овие појави кои би претставувале општа теориска основа за рационално проектирање на проектилите.

Ефикасноста на проектилите со распрскувачко дејство зависи од голем број фактори: од бројот на парчињата, нивната маса и форма, дострелот и карактеристиките на снопот на парчињата, како и од карактеристиките на целта. Овие величини се поврзани меѓу себе со сложени релации, а зависат и од други фактори, како што се: карактеристиките на металната облога (јакост и жилавост), карактеристиките на експлозивната материја (видот, брзина на детонација и др.), формата на облогата, начинот на иницирање итн. Бројот на влијателните фактори говори дека се работи за сложена појава која не може егзактно да се дефинира и да се опфати со единствена релација. Поради тоа, неопходно е да се анализираат, прво, главните влијателни величини и нивните меѓусебни зависности, а потоа да се формира единствена слика за севкупниот процес.

Предмет на интерес во претходните трудови [5, 7] беше испитување и анализа на распрскувачкото дејство и ефикасноста на гранатата од 40 mm ВОГ 25 (Сл. 1). Со оглед на тоа дека овој вид проектили пред сè е наменет за уништување на жива сила, добиените резултати покажаа дека, во услови на сè поинтензивниот развој и помасовната употреба на современите заштитни средства (шлем, заштитен елек и сл.), ефикасноста на овие проектили станува минорна. Од тие причини станува јасна потребата од унапредување на распрскувачкото дејство и зголемување на ефикасноста на овој вид проектили.




*Сл. 1. Гранати од 40 мм за рачен фрлач на гранати*

Во практиката се познати повеќе начини за подобрување на распрскувачкото дејство на проектилите. Тие имаат конструкциска природа, а првенствено се однесуваат на префрагментација на кошулката на проектилот или на зголемување на ефективната фрагментирана маса на проектилот. Во овој случај предмет на анализа ќе биде првиот начин за подобрување на распрскувачкото дејство и зголемување на ефикасноста на проектилот.

## 2. Префрагментација и карактеристики на гранатата

Префрагментацијата на кошулката на проектилот претставува посебно конструкциско-технолошко решение чија цел е однапред да се определи бројот на економичните парчиња, парчиња со приближно еднаква маса и форма. Тоа може да се постигне на повеќе начини, од кои најпознати се:

- внатрешно или надворешно нажлебување на кошулката;
- изработка на кошулката од челични прстени;
- изработка на кошулката со намотување на челична жица;
- вградување на челични куглички во ѕидовите на кошулката.

Внатрешното или надворешното нажлебување на кошулката со надожни или напречни канали е еден од најстарите методи за подобрување на распрскувачкото дејство и се применува најчесто кај проектилите коишто за време на движењето во цевката на оружјето или во текот на летот не трпат големи оптоварувања. За да биде доволно ефикасно нажлебувањето на каналите треба да биде со длабочина, често пати, и поголема од половината на дебелината на кошулката. Експериментално е докажано дека плитките канали немаат влијание поради големата брзина со каја се одвива процесот на распрскување на кошулката.

Префрагментацијата со изработка на кошулката од прстени или со намотување на профилирана челична жица се применува кај проектилите коишто не се изложени на големи оптоварувања, како што се ракетни проектили или авионските бомби со распрскувачко дејство. Првиот метод е многу ефикасен, но и многу скап, па се применува само кај скапите ракетните

проектили. Изработката на кошулка со намотување на челична жица е поевтин, но и помалку ефикасен метод.

Најефикасен метод на префрагментација е вградувањето на челични куглички со соодветна маса во ѕидовите на кошулката. Овој метод се применува кај проектилите наменети за дејство против живите цели на земја и за дејство против целите во воздух. Овој метод овозможува повеќекратно зголемување на распрскувачкото дејство во споредба со она на класичните проектили, бидејќи се намалуваат загубите, се зголемува густината на парчињата и нивниот досег на убиствено дејство.

Кај гранатата од 40 mm ВОГ 25 кошулката е изработена од челик во форма на цилиндар (Сл. 2), нажлебен од надворешната страна [3]. На предниот и на задниот дел се направени по четири идентични прстени, а

*Сл. 2. Приказ на надворешниот изглед на кошулката*

во средината се наоѓа нажлебен водечки прстен. На тој начин е извршена префрагментација со надворешно нажлебување на кошулката. Масата на кошулката изнесува 115 g и таа е нерамномерно распоредена по нејзината должина. На предниот дел кошулката е потенка во однос на задниот дел. Ваквата изведба е направена за да се постигне поуниформно фрагментирање на кошулката. Како експлозивно полнење во кошулката употребен е флегматизиран хексоген со маса од 48 g, со брзина на детонација од околу 8150 m/s и со специфична енергија од околу 1390 kJ/kg [3,4].

За оваа граната претходно беше експериментално утврдено дека при експлозија во стационарни услови нејзината кошулка се распркува на околу 110 парчиња (Сл. 3), со просечна маса од околу 1,045 g и просечна вкупна надворешна плоштина од 235,6 $mm^2$ [5]. Претходно наведените и овие податоци овозможија да се одбере математички модел којшто резултираше со определување на основните параметри што го карактеризираат

распрскувачкото дејство на гранатата и нејзината ефикасност (почетна брзина на парчињата, нивна специфична кинетичка енергија, веројатност на погодување на определена цел, радиус на смртоносно дејство, максимален досег на парчињата и др.). Така, за овој случај беше определено дека радиусот на смртоносно дејство врз жива изнесува околу 6,5 m.



***Сл. 3. Парчиња добиени со активирање на гранатата во јама***

Во Таб. 1 е прикажана веројатноста на погодување на условна цел со димензии 0,5 m x 2 m на различни растојанија, при што условот е да се добие барем еден погодок на 1 m$^2$.

**Табела 1.** Веројатности на погодување на целта на различнирастојанија

| **x [m]** | 0 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **b [m]** | 0 | 2,68 | 3,21 | 3,75 | 4,29 | 5,36 | 10,72 | 16,08 | 21,44 | 26,8 |
| **S [m$^2$]** | 0 | 84 | 121 | 165 | 215 | 336 | 1342 | 3030 | 5385 | 8415 |
| **$p_x$** | 1 | 1 | 0,909 | 0,667 | 0,511 | 0,327 | 0,081 | 0,036 | 0,02 | 0,013 |

каде што:

x – растојание од центарот на експлозијата;

b – висина на снопот на парчињата;

S – плоштина изложена на дејството на парчињата на растојание x

$p_x$ – веројатност на погодување на целта на растојание x.

Добените резултати јасно покажуваат дека секоја цел со наведените димензии ако се затекне во радиус до 5 m од центарот на експлозијата ќе биде и погодена. Меѓутоа дали истата ќе биде и уништена зависи од многу фактори, а пред сè од карактеристиките на целта. Кога целта е жив организам (човек)

тогаш, сознанијата говорат дека кога парчето минува низ ткивото, освен низ коските, кожата и дрскавицата, тогаш тоа се однесува како да се движи низ водена средина. При контактот на парчето со ткивото се создава ударен бран, кој радијално се шири пред парчето. При натамошната пенетрација парчето ја предава преостанатата енергија на околната средина, совладувајќи ги кохезионите и инерционите сили на честичките на ткивото, кинејќи ги и отфрлувајќи ги во насока на движењето. На тој начин зад парчето се создава времена шуплина чијашто форма зависи исклучиво од формата на парчето. Зад парчето што продолжува да се движи низ ткивото, шуплината постепено се намалува, а пулсирањета на околината престануваат кога парчето ќе го напушти ткивото.

Секако својствата на ткивото влијаат врз однесувањето на парчето и создавањето на повредите. Така, кожата е орган со голема еластичност, што ја прави отпорна на надворешни механички влијанија, додека мускулатурата се однесува различно во зависност од должината или од оптовареноста на мускулите. Коските се најмалку отпорни, а скршените делови на коските преземаат дел од кинетичката енергија на зрното и дејствуваат врз околното ткиво како секундарни проектили.

Поради овие причини, телото на човекот и на другите живи организми треба да се третира како нехомогена и сложена цел, така што не е сеедно кој дел од телото ќе биде погоден. Во денешни услови на оптимална заштита со современата пешадиска опрема сликата на ранливост значително се менува. Зоната на смртоносните повреди се намалува од 25% на помалку од 15% [6].

Согласно изнесеното, при дејствување врз жива сила, веројатноста на уништување со фрагменти се пресметува како производ од веројатноста на погодување $p_x$ и веројатноста за настанување на смртни повреди: $p_s$ - за незаштитен и $p_s$'- за заштитен војник.

Така, веројатностите за уништување на растојание од 5 m за незаштитен ($p_u$) и заштитен војник ($p_u'$) се определуваат на следниот начин:

$$p_u = p_x \cdot p_s = 0{,}25 \qquad (1)$$

$$p'_u = p_x \cdot p'_s = \qquad (2)$$

односно за различни растојанија вредностите на овие веројатности се прикажани во Таб. 2.

**Табела 2.** Веројатности на погодување и уништување на целта на различни растојанија

| x [m] | 0 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| $p_x$ | 1 | 1 | 0,909 | 0,667 | 0,511 | 0,327 | 0,081 | 0,036 | 0,02 | 0,013 |
| $p_u$ | 1 | 0,25 | 0,227 | 0,167 | 0,128 | 0,081 | 0,02 | 0,009 | 0,005 | 0,003 |
| $p_u$’ | 1 | 0,15 | 0,136 | 0,100 | 0,077 | 0,049 | 0,012 | 0,005 | 0,003 | 0,003 |

Овие резултати покажуваат дека иако верјатноста за погодување на целта на растојание до 5 m е многу висока, веројатноста за уништување на истата е многу мала, особено во услови на употреба на современи заштитни средства. Поради тоа неминовно се наметнува потребата од разгледување на можностите за зголемување на ефикасноста на овој вид гранати.

## 3. Зголемување на ефикасноста на гранатата од 40 мм ВОГ 25

Покрај постојното надворешно нажлебување на кошулката на гранатата, за понатамошно зголемување на нејзината ефикасност ќе го разгледаме случајот со вградување на 300 челични куглички во четирите жлебови што се наоѓаат на задниот крај на кошулката (Сл. 4). Кугличките би биле со радиус од 1,5 mm и со маса од 0,1 g. Со оглед на фактот дека на овој начин се додава маса од 30 g, со претходно димензионално прилагодување на жлебовите за сместување на кугличките исто толкава маса од кошулката ќе биде одземена, такашто вкупната маса на кошулката и кугличките повторно ќе изнесува 115 g.



*Сл. 4. Приказ на надворешниот изглед на кошулката со вградени челични куглички*

**3.1 Анализа на распрскувачкото дејство на гранатата со вградени челични куглички**

Основните параметри што го карактеризираат распрскувачкото дејство се: почетната брзина на парчињата, бројот на парчиња и досегот на смртоносно дејство.

Теоретските сознанија, дополнети со експериментални испитувања, покажуваат дека почетната брзина на парчињата при распрскувањето на кошулката со цилиндрична форма, главно зависи од калибарот на проектилот, односот на масата на кошулката и експлозивното полнење (m/Q), енергетските карактеристики на експлозивната материја и механичките својства на металот од кој е изработена кошулката (пред сѐ жилавоста) [7].

Според искуствата на институтот ЛРСЛ (Laboratoire de Recherches de Sain-Luis), почетната брзина на парчињата добиени при распрскувањето на кошулката може да се определи од следната емпириска релација:

$$v_0 = \frac{0{,}216 \cdot D}{1 + 0{,}5 \cdot \frac{m}{Q}} \qquad (3)$$

каде што:

D – брзина на детонација на експлозивната материја;

m – маса на кошулката на проектилот;

Q – маса на експлозивната материја.

Кај односот $m/Q > 2$, доаѓа до израз жилавоста на материјалот, така што кај нив за ист однос m/Q се добива помала почетна брзина на парчињата. Во овој случај односот m/Q изнесува 2,4, но поради нажлебеноста на кошулката, почетната брзина на парчињата и кугличките би можело да се определи од изразот (3), при што истата изнесува:

$$v_0 = 798{,}4\ m/s$$

Како што беше погоре наведено, експериментално беше утврдено дека кошулката на ова граната при експлозија се распрскува просечно на 110 парчиња. Така, во зададениов случај при распрскување на кошулката со вградените куглички се очекува да се добијат околу 400 парчиња, коишто радијално ќе се движат од центарот на експлозијата.

Понатаму треба да се определат досегот на смртоносно дејство и крајниот досег на парчињата и кугличките како важни параметри, како од конструкциски аспект на експлозивното тело така и од аспект на неговата употреба во реални услови. За определување на досегот на убивање потребно е да се знае специфичната кинетичка енергија ($E_{ksp}$) на парчето за тоа растоја-

ние. Доколку парчето поседува специфична кинетичка енергија од 150 J/cm$^2$ и доколку е целта погодена во пределот на смртоносните повреди, голема е веројатноста да предизвика смртоносни повреди [6]. Оваа енергија се определува со помош на релацијата:

$$, \text{ односно } E_{ksp} = \frac{m_{пар} \cdot v_{пар}^2}{2 \cdot P_{пар}} \qquad (4)$$

каде што:

$E_k$ – кинетичка енергија на парчето (J);

$m_{пар}$ – маса на парчето (kg);

$v_{пар}$ – брзина на парчето во која било точка од патеката (m/s);

$P_{пар}$ – плоштина на парчето со која продира низ целта (cm$^2$).

За пресметување на $E_{ksp}$ и досегот на смртоносно дејство, потребно е покрај масата да се познава и брзината на парчето во секоја точка од патеката, која може да се определи од изразот:

$$v_{пар} = v_0 \cdot e^{-\frac{c_x \cdot S}{2 \cdot m_{пар}} \cdot \rho \cdot x} \qquad (5)$$

$$E_{ksp} = \frac{E_k}{P_{пар}}$$

каде што:

$v_0$ – почетната брзина на парчето за дадените услови;

$c_x$ – коефициент на отпорот меѓу парчето и воздухот;

$\rho$ – густина на воздухот;

x – растојание од центарот на експлозијата до целта.

За надзвучните брзини на парчињата $c_x$ = const (1,25 – 1,3), а густината на воздухот $\rho$ = 1,204 kg/m$^3$.

Со примена на изразот (5) се добива дека парчињата од гранатата ќе предизвикуваат смртоносни рани ако нивната минимална брзина при судирот со целта изнесува 258 m/s, односно за кугличките ако таа изнесува 454 m/s.

Со логаритмирање на изразот (5) и решавање по x се добива максималното растојание на кое едно парче, односно една кугличка ќе поседува $E_{ksp}$ = 150 J/cm$^2$:

$x_{пар}$ = 6,7 m,

$x_{куг}$ = 6,35 m.

Ако се земат предвид претходните поедноставувања, тогаш може да се каже дека парчињата од кошулката и кугличките ќе поседуваат смртоносна енергија на растојание до околу 6 m од центарот на експлозијата.

Максималниот досег на едно парче, односно кугличка ќе се добие кога неговата брзина ќе биде еднаква на нула, односно кога тоа ќе престане да се

движи. Тогаш, максималниот досег на парчињата е 45 m, а максималниот досег на кугличките е 140 m.

### 3.2 Ефикасност на гранатата врз целта

Распрскувачкото дејство на гранатите се оценува со помош на координатниот закон за успешно дејство, кој воспоставува врска помеѓу уништувањето и растојанието од местото на експлозијата до целта. Аналитичката форма на овој закон се определува на пресметковно-експериментален начин. Експерименталниот начин се спроведува во т.н. обор. Во оборот гранатите се поставуваат со врвот нагоре, на висина од 1 m над земјата. Оборот се состои од четири или повеќе полукружни огради (Сл. 5) од штици на пропишани растојанија од средината ($x_1$, $x_2$, $x_3$, $x_4$, …). Висината на оградата е 2 m, а вкупната површина е 100 $m^2$. Оборот се дели на секции со широчина од 0,5 m. Секциите во овој експеримент претставуваат условна цел за човек во стоечки став, а се изработуваат од стандардизирани штици од ела со дебелина од 25 mm, односно од топола со дебелина од 41 mm.




*Сл. 5. Шематски приказ на „обор“*

Веројатноста дека при експлозија на испитуваниот проектил ќе биде погодена некоја секција (0,5m × 2m) на растојание x се пресметува според формулата:

$$p_x = \frac{f_x}{F_x} \qquad (6)$$

каде што:

$f_x$ – број на погодените секции

$F_x$ – број на секциите на делот од оградата на растојание x.

Од досега изнесеното, за пресметка на веројатноста на погодување и уништување на целта потребно е прво да се разгледаат можноста и начинот на распрскување на гранатата. Од теоријата на гаѓање е познато дека, при распрскувањето, парчињата од гранатата се распростираат под агол од 15° од нормалата на поставеноста на гранатата при падот (Сл. 6). Идеален случај за постигнување на најдобар ефект е кога падниот агол е 90°. Со намалувањето на падниот агол се намалува и бројот на убојни парчиња.




Од шематскиот приказ може да се пресмета површината што е покриена од распрснатите парчиња на растојание x. Површината што ќе биде изложена на дејството на парчињата и кугличките може да се пресмета од релацијата:

$$S = 2 \cdot x \cdot \pi \cdot b \qquad (7)$$

Веројатноста на погодување ќе се пресмета така што прво ќе се земе предвид реалниот број на парчињата добиени, од фрагментацијата (N=400). Од друга страна пак, кога зборуваме за веројатноста на погодување на површината (0,5 m × 2 m) се мисли на добивање барем еден погодок на $m^2$. Аналогно на тоа значи дека на растојание од 5 m и површина од 84,15 $м^2$ потребни се 85 погодоци, односно 85 парчиња.

Веројатноста на погодување ќе се пресметува како количник од поволните и сите можни настани, односно:

$$p_x = \frac{N}{N_m}, \qquad (8)$$

каде што:

N – број на парчиња добиени од распрскувањето

$N_m$ – потребен број на парчиња за сигурно погодување на површината S.

Со примена на релацијата (8), вредностите на веројатноста на погодување за оваа граната се прикажани во Таб. 3.

**Табела 3.** Веројатности на погодување на целта на различни растојанија

Понатаму, важен параметер за ефикасноста на гранатата е веројатноста на уништување, до која се доаѓа преку основната намена на добиените парчиња, а тоа е да се погоди и уништи целта. Ова е сложен настан кој се манифестира преку два елементарни настани: погодување и уништување на целта. Парчето мора прво да ја погоди целта, па дури потоа може да ја уништи.

Од теоријата на гаѓање, при дејствување врз жива сила, веројатноста на уништување со фрагменти може да се определи според релацијата [10, 11]:

$$p_u = 1 – (1 – p_s)^n \qquad (9)$$

каде што:

$p_u$ – веројатност да се постигне барем еден погодок со убиствено дејство;
$p_s$ – веројатност на погодување со едно парче (кугличка);
n – број на парчиња (куглички) по единица површина (во случајов 1 $m^2$).

| | |
|---|---|
| **x [m]** | 0 |
| **b [m]** | 0 |
| **S [$m^2$]** | 0 |
| **$p_x$** | 1 |

Во Таб. 4 се прикажани вредностите на веројатностите за уништување на незаштитена ($p_u$) и заштитена ($p_u^{'}$) жива сила добиени со примена на релацијата (9), односно на (Сл. 7) е даден грфички приказ на истите.

**Табела 4.** Веројатности на погодување и уништување на целта на различни растојанија

| **x [m]** | 0 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 20 | 30 | 40 | 50 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **$p_x$** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0,298 | 0,132 | 0,074 | 0,047 |
| **$p_u$** | 1 | 0,745 | 0,613 | 0,501 | 0,414 | 0,290 | 0,083 | 0,037 | 0,021 | 0,013 |
| **$p_u$'** | 1 | 0,539 | 0,415 | 0,325 | 0,261 | 0,176 | 0,047 | 0,021 | 0,012 | 0,008 |




*Сл. 7. Зависност на веројатноста на погодување и уништување на целта од растојанијаниeто*

## Заклучоци

1. Од резултатите презентирани во трудот може да се каже дека оваа анализа овозможува определување на основните параметри на фрагментација и ефикасноста на експлозивна направа со цилиндрична форма, како што се: почетната брзина на добиените парчиња, нивната форма, досегот на смртоносно дејство, нивниот краен досег и веројатностите за погодување и уништување на целта.
2. Презентираната споредбена анализа недвосмислено покажува дека е можно унапредувањето на ефикасноста на проектили чија ефикасност е релативно мала во услови на примена на современи заштитни средства. Во овој случај зголемувањето на веројатноста за уништување на целта се движи до три пати.
3. Резултатите од овие анализи може да послужат при конструирањето на нови експлозивни направи, како и за подобрување на нивната ефикасност.

## ЛИТЕРАТУРА

[1.] N. Kršić, *Bojne glave i upaljači raketnih projektila,* Tehnički školski centar, Zagreb, 1977
[2.] T. J. Gander and I. V. Hogg, *Jane's ammunition handbook,* Jane's Information Group Limited, Coulsdon, 1993
[3.] M. Hristovski, *Eksplozivne materije rečnik,* NIU „Vojska", Beograd, 1994
[4.] P. V. Maksimovič, *Eksplozivne materije,* Vojnoizdavački zavod, Beograd, 1985
[5.] Р. Смилески, О. Поповски, Д. Стојкоски, *Анализа на распрскувачкото дејство и ефикасноста на гранатата 40 мм,* Годишник број 2 на Полициска академија, Скопје, 2007
[6.] Р. Љ. Смилески, *Муниција и експлозивни материи - теоретски основи,* Маринг, Скопје, 1998
[7.] Р. Смилески, О. Поповски, Ј. Наумоски, Д. Стојкоски, *Анализа на распрскувачкото дејство на експлозивно тело со цилиндрична форма*, IV Симпозим од областа на рударството со меѓународно учество, Зборник на трудови, Охрид, 30.05.-02.06 (2006)
[8.] D. Pavlović, A. Duilo, *Osnovi konstrukcije artiljeriskog naoružanja,* SSNO, Beograd, 1983
[9.] A. Stamatović, *Konstrukcija projektila,* Silba, Beograd, 1995
[10.] Ž. Živanov, *Teorija gadjanja,* Vojnoizdavački zavod, Beograd, 1979
[11.] O. Dinić, *Teorija gadjanja sa pešadiskim naoružanjem,* SSNO, Beograd, 1985

# НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

**Ванчо КЕНКОВ,**
Институт за одбранбени и мировни студии

**Апстракт***: Брзиот научнотехнолошки развој, новите вооружени системи сé повеќе влијаат на развојот на воената вештина, начинот на војување во современи услови, на стратегиите и доктрината на современите држави. Имајки го предвид претходно искажаното, во текстот се обидовме да укажеме на импликациите од научно-техничкиот и технолошкиот развој, примената на оружја конципирани врз основа на новите технологии и нивното револуционерно влијание врз соверменото војување, воените доктрини и воената вештина. Во текстот се наведни научните откритија (нуклеарната енергија и информатичката технологија) од кои се развиени нови оружја и системи на оружја кои револуционерно влијаеле не само во промените во начинот на војување туку и во организацијата на вооружените сили, подготовките за војна. Покрај тоа влијаеле и на стратегиите и воените доктрини на земјите кои располагаат со вакви технологии и оружја. Оттука, произлегуваат и новите видови воени дејства како прецизниот удар, информатичката војна, доминантен маневар, вселенско војување и центарот на гравитација.*

**Клучни зборови***: научно-технички, технолошки, информатичка револуција, нукларно оружје, вселенско војување, информатичка технологија, центар на гравитација,*

# SCIENTIFIC, TECHNICAL AND TEHNOLOGICAL DEVELOPMENT AND ITS IMPACT ON CONTEMPORARY WARFARE AND MILITARY SKILL

**Abstract***: The fast scientific and technological development and the new armament systems rapidly influences the development of the military skills, the contemporary warfare and military strategy. Accordingly in this paper we tryied to point the inplications of the scientific*

*and technological development, the use of the contemporay weponary and their influence on the contemporary warfare and military strategy.*
*We also pointed that scientific results( nuclear energy and information technology) that contributed for the development of the contemporary weaponary also influenced contemporary strategy and zwarfare. They also influenced tha military strategy of the countries in posesion of such technologies and weaponary. This resuted in appearing of the new warfare activities as information warfare, domminant maneuvre, space warfare.*

**Key words:** *scientific-technical, technological, information revolution, nuclear weapons, space warfare, information technology, gravity center*

## Вовед

Човекот од постанокот на светот неизбежно го следат оружја и војни и тешко е да се претпостави кога човештвото ќе се ослободи од тоа најголемо зло кое се заканува, покрај сите добра што ги создал човекот, да ја уништи дури и планетата на која живееме. Денес планетата Земја во сите средини, на сите континенти, во атмосверата и  надвор од неа е исполнета со оружја со огромна деструктивна моќ.

Денешниот развој на вооружувањето, борбените средства, вооружените системи и воена опрема во светот, превенствено се резултат на технолошките достигнувања, кои се тесно поврзани со науката и техниката, но и од политички притисоци на моќниот воеоиндустриски комплекс на технолошки најразвиените земји, односно затворање на кругот  од фундаменталните, насочувани и развојни истражувања до производство. Имено,  денес практично не постои граница помеѓу фундаменталните истражувања и воените истражувања и развој. Каде се успеало во тоа постигани се добри резултати олицетворени во нови технологии и нови производи. За жал, на самиот врв на технолошкиот развој се наоѓаат воените истражувања и развој чии резултати се нови типови вооружени системи и воена опрема, како конвенционални така и ракетно-нуклеарни.

Воведувањето на високи технологии во воената техника и вооружувањето овозможува изработка (производство) на оружје со голема прецизност, огромна деструктивна моќ, оружје кое може да се употребува во сите борбени, временски и теренски услови со практично неограничен дострел. Поседувањето такво оружје, според мислењата на воените стручњаци, е најзначајна предност во однос на воената моќ на непријателот. Од друга страна, тоа овозможува успешно извршување не само на тактичките туку и на опративните и стратегиските задачи за кои во претходниот период беше предвидено нуклеарното оружје. Радикалните воено-политички промени, кои се случија во осумдесеттите години од минатиот век, сé поизразената регионализација на судирите и сé поприсутната технолошка способност на завојуваните страни да произведуваат и развиваат нови, современи вооружени системи, иницираат оживување и на конвенционалното вооружување.

Појавата на современите технологии придонела голем број држави кои што финансиски не се моќни да развијат одредена технологија за во случај на војна да бараат алтернативни начини да се бранат и да се спротивставаат.

Постојат бројни полемики помеѓу експертите за тоа во која насока ќе се движи развојот на современите технологии и нивната примена во воени цели, а со тоа и развојот на воената вештина. Со помош на компјутеризацијата и другите видови автоматизација значително е зголемен квалитетот на борбените средства што влијае на суштинските промени во стратегијата на воените доктрини, првенствено во технолошки високо развиените земји, како водечки земји на полето на развојот и примената на нови воени технологии. Оттука и фактот дека сé повеќе ќе се користи компјутерската технологија, наведувачки, самонаведувачки ракети, односно се помалку во идните војни ќе се користи живата сила или, доколку се користи, тоа ќе биде сведено на минимум. Сите овие аспекти на војувањето како феномен, кој за жал не згаснуваат, укажуваат на фактот дека големите сили секојдневно работат на создавање на некој нов тип вооружување со што ќе ја изразат својата надмоќ во меѓународната заедница.

## Научни откритија кои донесоа револуционерни промени во воувањето на крајот на 20 век

Во периодот од 1945 до 2000 година се остварени две револуционерни откритија: *нуклеарната енргија и информатичка технологија*.

Освојувањето на нуклеарната енергија и нејзината примена во воени цели доведе до револуционерни промени не само во размислувањата на воените стратези и начинот на војување на суперсилите, туку силно влијаело и на организацијата на вооружените сили и на гледиштата за нивната употреба во евентуална нуклеарна војна или војна со употреба или закана од употреба на нуклеарно оружје. Промените во однос на силита во светот и во геополитичките и во геостратегиските услови, како и развојот на нови воени технологии, придонеле нуклеарната стратегија да се потисне на страна, но не и опасностите од можната употреба на нуклеарно оружје во изменетите меѓународни услови.

Масовното воведување на средствата во воената техника на вооружените сили развиени врз основа на нови информатички технологии, доведе до уште една револуционерна промена во начинот на војување во последната четвртина на 20 век. Промените во поглед на војната и начинот на водење на војната, кои настанале под влијание на тие средства и во изменети меѓународни односи, објективно, се поголеми и подалекусежни од промените настанати под влијание на нуклеарното оружје. Развојот и примената на американската стратегија во информатичката војна прави суштински промени во односот на класичните војни од 19 и првата половина на 20 век. Таа стратегија во воените публикации, САД ја означувува како стратегија за 21 век. Западната терминологија овие револуционерни промени во начинот војувњето ги нарекуваат “воени револуции”( нуклеарна воена револуција, информатичка воена револуција). Имајќи го предвид значењето на зборот *револуција* сметаме дека е поадекватен

терминот *революционерни промени во начинот на војувањето*. Кога станува збор за револуција, обично се помислува на „преврат, пресврт, нагло и силно менување на постојната општествена состојба”[1]. Меѓутоа поимот револуција има и други значења на пример „потполно менување или преобразба на нешто”[2] или голема промена во начинот на чинење на нештата односно „радикална промена во мислењето, владеењето или однесувањето”[3] (Вебстер).

Во воената лексикографија поимот *воена револуција* не е јасно дефиниран, но најчесто се објаснува како голема промена во подготвувањето за војна и изведување воени дејства, како што на пример бил Наполеоновиот концепт за создавање масовна (народна) армија или германскиот концепт „молскавична војна. Воената револуција често се означува и како воведување во вооружените сили и користење во војна на поедини важни типови воена техника, на пример средства за жична и бежична врска, борбени авиони и сл. Меѓутоа тоа се само етапи во еволутивниот развој на средствата со кои се води војна и во вештината на нивната употреба. Воените историчари и теоретичари (Ф.Штренберг, Тофлерови и др.) стварната воена револуција ја сведуваат на неколку навистина големи, суштински промени во начинот на водење на војната настанати како резултат на новите технолошки достигнувања и воената примена на средствата развиени врз основа на тие достигнувања. Според нивните сфаќања, сé до средината на 20 век настанале две револуции: првата е со појавата на барутот односно со воведувањето во вооружените сили и воена примена на огнени оружја, а другата воена револуција со примената на моторизирани средства за транспорт. Во втората половина на 20 век настанале уште две воени револуции: нуклеарна и информатичка револуција.

## Нуклеарна оружје

Нуклеарното оружје е употребено само еднаш во две експлозии, и тоа на самиот крај на Втората светска војна. Меѓутоа поради својата исклучително голема убиствена и разурнувачка моќ, предизвика права револуција не само во мислите на воените стратези на суперсилите и многу други земји, туку и во подготовката и планирањето на вооружените сили во евентуална војна.

Во краток временски период помеѓу 1945 и 1950 година експлозивната сила на едно оружје е зголемена повеќе милиони пати, што јасно покажува

[1] Милан Вујаклија , Лексикон страних речи и израза, „Просвета”, Београд,1980, стр.782
[2] Милан Вујаклија , Лексикон страних речи и израза, „Просвета”, Београд, 1980, стр.782
[3] Webster’s new International Diktionary , Springfield, Massachusetts, USA. , p.1944

дека тие оружја се револиционерна новост кога станува збор за средствата за водење на војна и дека тоа навистина влијаело во мислењето за војната и начинот на водење војната.

Впрочем нуклеарните оружја, кои со количини и разновидност (вид и намена) непрекинато се зголемувани во арсеналот на суперсилите и блоковите, внесоа суштински промени во стратегиите и воените доктрини на суперсилите и блоковите па и во многу други земји[4] .

Во текот на шеесеттите и седумдесеттите години, а и во осумдесетите години, сите воени планови во кои е предвидена можноста на ангажирање на сили од страна на суперсилите и блоковите се работени под претпоставка на употреба на нуклеарно оружје.

Револуционерното влијание на нуклеарното оружје врз организацијата на вооружените сили и на начините водење војна може да се разгледува од две гледишта: а) развојот и можната употреба на стратегиски нуклеарни оружја, и б) евентуално користење на нуклеарно оружје во изведување на борбени дејства на копно.

Интензивниот развој и огромните количини стратегиско нуклеарно оружје во арсеналот на суперсилите условиле создавање нови воени формации и структури на нивните вооружени сили. Во САД, тоа прво била Стратегиската воздухопловната команда со стратегиските бомбардери носачи на нуклеарно оружје, а потоа стратегиски сили кои се состоеле од таканаречена нуклеарна тријада: стратегиска авијација, интерконтинентални балистички ракети и балистички ракети со голем дострел, кои се лансираат од подморници на нуклеарен погон. Во советската армија е формиран посебен вид во вооружените сили - *ракетни единици за стратегиска намена*, чија ударна сила претежно ја сочинувале интерконтинентални балистички ракети со нуклеарни боеви глави. Целокупните борбени (маневарски и огнени) можности на тие формации биле многу големи. Кон крајот на 60-тите тие располагале со по некоку илјади нуклеарни боеви глави поединечно со јачина од 150 килотони (КТ) до 10 или повеќе мегатони (МТ). Размислувањата за употребата на тие оружја иницираше нови видувања и размислувања за војната, а стратегијата, како најважен елемент на воената вештина, е издигната на највисоко ниво. Исто така не помало значење и влијание врз воената вештина на оперативно и тактичко ниво имале нуклеарните борбени средства од оперативно тактичка намена. Нивното влијание на изведувањето воени дејства на копно, според

[4] Виктор Бубањ, Савремени рат -избор објављених трудова „Народна армија”, 1959, стр.134

експертите на НАТО, е изразено преку предвидувањето на начинот на изведување борбени дејства и траењето на војната. Воените стратези и планери од НАТО и ВД, впрочем, не ја напуштале идејата за фронтален начин на војување, но предвидувале дека меѓублоковската војна, водена и со употреба на НБС (нуклеарни борбени средства), би бил многу динамична и начелно краткотрајна и во секој случај без рововска војна. За да го потврди своето видување за тактиката на атомската војна, францускиот воен теоретичар и публицист О.Ф.Микше, покрај останатото пишувал и за следново: „една обична атомска бомба од 20 КТ одговара по својата моќ колку количина од околу 400 000 артилериски зрна од среден калибар, а само еден атомски топ може да исфрли пет вакви проектили на час. За да се доби истиот резултат во истиот временски период би било потребно околу 35 000 полски топови од среден калибар”[5] . Исто така Ото Микше констатирал дека еден нуклеарен проектил од 20 КТ, дејствува во полупречник од 3 275 метри, што одговара на површина од 35, 65 квадратни метри. Таквата експлозија не само што би создала услови за брз маневар, туку би се оствариле и одредени психички ефекти врз припадниците на вооружените сили против кои би било употребено такво оружје.

Советскиот маршал Соколовски, пак, бил многу дециден кога станувало збор за можноста од комбинирање на нуклеарниот удар и маневарот. Тој пишувал дека „пробивот на одбраната веќе не претставува проблем”. Тој, според Соколовски, би се постигнал со нуклеарни удари по тактичките објекти на одбраните правци на напад, а уништувањето на преостанатата групација на непријателски единици би се постигнало со ракетни нуклеарни удари и брзо дејствување на тенковските единици и воздушни десанти во длабочина, исто така би се постигнало релативно брзо. Овие, но и другите фактори укажуваат дека нуклеарното оружје навистина доведе до нова револуција во начинот на војување, прво во сфаќањата на аналитичарите и планерите, а потоа и во подрачјето на организирањето на вооружените сили и предвидувањето на начинот на нивна употреба во борба[6].

За време на „студената војна” , нуклеарното оружје за среќа не е употребено во воени цели. Револуционерно влијаело главно воената мисла - на размислувањата, прво, за тоа како да се употреби и одбрани од него, потоа и како да се избегне неговата употреба. За тоа, познатиот геополитичар и воен аналитичар М.П.Галоа, пишувал:

[5] Микше, Тактика атомског рата, БИЗ, Београд, 1957, стр.123 - 124.
[6] Соколовски, Војна стратегија, ВИЗ, Београд, 1965, стр.431- 432.

„ Во 1945-та година фисијата, а подоцна и фузијата на атомите силно влијаела врз револуционерните промени во војувањето. Вооружените судири станаа не само прашање за подготвување за борба туку и повик кон разумност. На истокот како и на западот, воениот монолитизам сé повеќе и повеќе станува ризик. Сознанијата за можноста од употреба на нуклеарните арсенали добија меѓународна димензија и условија развој на стратегија за нивна неупотреба”[7]. Меѓутоа, фактот дека нуклеарното оружје не е употребено во меѓублоковските конфронтации и тоа што арсеналите од тоа оружје САД и СССР го редуцираа, иако е завршена „студената војна” помеѓу суперсилите, не ја елиминира опасноста од нивна употреба во дадена ситуација. Земјите - членки на Нуклеарниот клуб уште поседуваат големи количини на НБС, а во прашање е и нуклеарната пролиферација (Израел, Индија, Пакистан), оттука и идните генерации, веројатно ќе бидат оптоварени од опасностите за можната употреба на нуклеарното оружје.

**Информатичка револуција**

За разлика од нуклеарно-воената револуција, која настанала поради неочекувана појава на потполно нови, суштински различни и убиствени оружја, влезот на информатичката технологија бил постепен и релативно долготраен. Нуклеарното оружје иако не било извориште, сепак било силен иницијатор за развојот и настанокот на новата информатичка револуција. Имено, нуклеарната технологија имено употребена во воени цели не само што силно влијаела на воената мисла туку и станала водечка воена технологија .

Поради непрекинато усовршување на нуклеарното оружје за дејство од копно на далечина од неколку па до 10 000 и повеќе километри, од воздушниот простор на различни далечини и височини, од море и под морската површина, било неопходно освојување на нови технологии и нивно спојување со нуклеарната технологија. Како најприменливи се покажале електрониката, оптоелектрониката и сензорската техника, технологии кои обезбедуваат поголема прецизност на водените и наведуваните оружја и нивното погодување на целта, но и ефикасна заштита од нив.

Електрониката и сензорската техника пронашле широка примена за развојот и производството на конвенционалните борбани средства.

Со помош на компјутеризацијата и другите видови автоматизација значително е зголемен квалитетот на тие средства што влијаело на

[7] General Pierre Marri Galois , Nuklear Weapons and Strategy , „Military Review “ , Maj 1970,pp.59-70

суштинските промени во стратегиите и воените доктрини, првенствено во САД, како водечка светска сила на полето на развојот и примената на нови технологии.

Еволутивните промени во развојот на воената стратегија и воената доктрина под дејство на новите технолошки достигнувања значајно се забрзани во средината на 70-тите години на 20 век.

До тогаш производството на нуклеарни борбени средства од страна на двете суперсили, на кои на тоа поле им се придружиле и некои други земји (Велика Британија, Франција, Кина), добило такви размери што станало јасно дека нивната евентуална употреба не би водела кон постигнување победа или нанесување пораз, туку до општо страдање. Таквите сознанија довеле до потреба за изнаоѓање начини да се избегне нивната употреба и да се изнајдат други решенија во подготовките за војна и трката во вооружување.

Решение нашле САД во производство и масовното воведување во вооружувањето на средства на воената техника развиени врз основа на новите технологии. Советскиот Сојуз настојуваше на тоа поле да ги следи САД меѓутоа не успеа. Кога Роналд Реган 1981 година најави големо покачување на воените трошоци, а две години подоцна ја промовира својата *Стратегиска одбранбена иницијатива* позната како „*Војна на ѕвездите*", што подразбирало огромно вложување во освојување на новите воени технологии, советското раководство ја согледало неможноста за успешно да се натпреваруваат во сите воено-технолошки области кои ги наметнале САД.

Паралелно со развојот и воведувањето во вооружените сили на новите средства на воената техника, САД развиле и нови стратегиски и доктринарни концепции во кои се вградени новите достигнувања во развојот на новите воени технологии. Всушност, таа интеракција помеѓу развојот, производството и воведувањето во вооружувањето на новите средства на воената техника, од една страна и развојот на доктрината за нивната употреба во војната, од друга страна, која е спроведена низ повеќе еволутивни процеси, водела кон квалитативни промени во стратегијата и воената доктрина на САД и некои други земји. Таа промена се огледа во изменетите структури, техничката опременост и стручната оспособеност на вооружените сили и предвидениот начин за нивно ангажирање и изведување на воените дејства.

Информатичките средства овозможиле, според американските теоретичари на информатичката војна, демасификација на живата сила и борбените средства на бојното поле, т.е решенијата во воените судири да се бараат првенствево низ борба во „петтата димензија" (во електромагнетниот спектар) и дејствата од дистанца.

Врз основа на таквото стојалиште, планерите и воените стратези на САД и НАТО воведоа во теоријата и практиката нови доктринарни концепти

и нови стратегиски погледи, кои, всушност, произлегле од воведување во оперативна употреба на средства од информатичките технологии или кои функционираат на основа на тие технологии. Воздушно-копнена битка (ВКб) и ФОФА (Foffow-on Forces Attack), како и Стратегијата на информатичката војна, резултат се на тие гледишта и тие технологии. Докринарните концепти на ВКб и ФОФА биле развиени првенствено за евентуалната голема војна во Европа .

Според овие концепти во случај да избие таква војна НАТО -силите главните удари би ги насочиле кон воените објекти во длабочината на непријателските територии, силите во движење (сили на вториот и наредниот ешелон), поради спречувањето на нивното приближување на фронтот и воведување во борба.

За тоа првенствено треба да послужат ракетните борбени средства наведувачки и самонаведувачки ракети и касетни бомби. Изложените противнички сили на боиштето (првиот ешелон на армијата и фронтот) би биле, исто така, изложени на масовни удари со тие оружја и спречени евентуално да напредуваат во длабочината на територијата на НАТО, а притоа уништувани.

Таквите замисли објективно можеле да настанат само во случај на поседување на средства со кои може да се остварат. Изолирање на против-ничките сили на фронтот и во непосредна длабочина можело да се постигне и со употреба на нуклеарно оружје, но стратезите на САД и на НАТО сакале да ја избегнат нивната употреба.

Наместо со нуклеарно оружје, воените стратези и планери на САД и на НАТО во градење на своите визии за големата војна во Европа, се потпреле на конвенционални оружја кои можат масовно и истовремено, селективно да се лансираат во далечина од 30 до 200 км од линијата на фронтот.

Артилериско-ракетните удари според замислата на воените планети и стратези на САД и на НАТО, би се комбинирале средства за електронско војување поради неутрализирање или уништување на непријателскиот командно-информацискиот систем и системот за противвоздушна одбрана.

Така, паралелно со развојот на новите средства на воената техника, развиен е и концепт за информатичко војување, не само во европските геостратегиски услови, туку и секаде во светот.

Револуционарниот развој на воената стратегија и воената доктрина на САД е забрзан по големите геостратегиски и геополитички промени кои настанале кон крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од минатиот век.

Тие, всушност со постепена еволуција преминале во нов квалитет во промовирањето на стратегијата на информатичкото војување, која според начинот на водење е суштински различна од претходните стратегии на САД и

другите земји. Стратегијата и информатичкото војување заснована на новите техничко-технолошки достигнувања, практично е тестирана прво во војната во Персискиот залив 1991, потоа во војната во СРЈ 1999 година, со тоа што во првиот случај биле употребени силни копнени сили, што во другиот случај изостанало. Меѓутоа, и во едниот и во другиот случај, како и подоцна (2001) во антитерористичкиот поход во Авганистан и Ирак (2003) се демонстрирани нови суштински промени во начинот на војување.

## Нови видови воени дејства

Според новите техничко-технолошки достигнувања и развојот на воената мисла, соработниците од Воздухопловниот универзитет на Военото воздухопловство (ВВ) на САД дефинирале нови видови воени дејства или нови простори за војување, од кои некои, иако се поинаку интерпретирани, терминолошки одговараат на принципите на воената вештина[8] на КоВ на САД усвоени во 90-тите години и озваничени во новите борбени правила. Како нови видови воени дејства се промовирани: прецизен удар, информатичко војување, доминантен маневар и вселенско војување.

*Прецизен удар* (Precision strike), според формалното и суштинското интерпретирање, тој поим е многу повеќе од физички удар на проектилот во целта. Под поимот прцизен удар се подразбира способност на здружените воени состави да лоцираат, посматраат, разликуваат и ја следат целта, да извршат нивна селекција, да организираат употреба на адекватни системи, и да ги создадат ефектите што ги посакуваат, проценка на резултатите од дејствувањето и повторно да нападнат со одлучувачка брзина и надмоќно оперативно темпо, според потребите во еден циклус во текот на целокупната воена операција.[9]

Прецизен удар, всушност, се огледа во големите можности за набљудување, пронаоѓање и следење на целта; брзината на обработка на податоците и големата комуникација и постоењето и користењето на платформи за носење и лансирање на оружјата со прецизно дејство и систем за нивно наведување кон целта. Примената на тој вид дејства ја зголемува можноста на уништување на цели од стратегиско и оперативно-тактичко значење со минимално ангажирање на сили и средства. Како потврда на тоа се и анализите и укажувањата

---

[8] Во американската воена терминологија „принципи на војната" (principles of war). Во основното борбено правило на КоВ на САД ФМ 100-5, во еден од принципите се наведува и "прецизно дејство врз целта"

[9] Според публикацијата Joint vision 2020, US Government Printing Office, Washington, D.C , june 2000, p.12

на сопружниците Алвин и Хајди Тофлер кои велат: „Денес, еден авион Ф-117 во еден налет и со една бомба може да постигне она што и авионот Б-17 на кој би му требале 4500 полетувања и 9000 бомби во втората светска војна или 95 полетувања и 190 бомби во Виетнамската војна".[10]

Соработниците од Воздухопловниот универзитет на ВВ на САД исто така го согледуваат тој аспект, со нагласок дека осмата американска воздухопловна дивизија во текот на 1943 година нападнала околу 50 стратегиски цели, додека мултинационалните сили само во првите 24 часа во „Пустинската луња" нападнале 150 стратегиски цели што не се крајни можности.

„Во наредните 25 години можеби ќе можат да се нападнат 500 или 1000 цели во првите неколку минути и непријателот се доведе во стратегиска парализа, нагласуваат соработниците од наведениот универзитет".[11]

**Информатичко војување**

Во текот на деведесттите години од XX век во американската воена литература доминираа темите за инфотмативна (информатичка) војна (Information War) и информатичкото војување (Information Warfare). Тие прашања ги покрена група автори со своите трудови објавени во часописот СИГНАЛ (орган на службата за врски во КоВ на САД), што беше повод за проучувања во кои се вклучиле воени и политички теоретичари, социолози и политиколози, како и високи воени раководители. Како резултат на тие проучувања развиена е стратегија на информатичката војна која практично е применета најпрво во зоната на Персискиот Залив (Пустинска луња) 1991, а потоа на просторите на бившата СФРЈ (БиХ 1994-95), НАТО кампањата против СРЈ 1999 година, Авганистан 2001, Ирак 2003 година. Во литературата и трудовите можат да се сретнат два термини кои се однесуваат на овој проблем. Тоа се „информациска војна" и „информатичка војна". Сепак помеѓу овие два термини, поимовно и содржински, постојат разлики и тоа првиот е по својата содржина и значење потесен, а вториот поширок.

Информациската војна се води главно во сферата на медиумите. Неговото главно средство е *информацијата*, а објект на нападот е *човекот*. Во неа можат да бидат вклучени политичко-пропагандни, психолошки и слични дејства, но не и дејства со огнено оружје. Информатичката војна е војна во

---

[10] Alvin and Heidi tofler, War and Anti-War, Little, Brown and Co, Boston,1993, p.73

[11] Battlefield for the Future – 21st Century Warfare Issues , Air University Press , Maxwell air Force Base, September 1995 . p.15

која се користат средства развиени врз база на новите, информатички технологии, како борбени така и „помошни" (на пример во командно-информацискиот систем - КИС). Во информатичката војна информацијата е *средство* со кое се забрзува процесот на проценка на ситуацијата, донесувањето на одлуката и издавањето на наредбите, како и за наведување на оружјата на целта. Објекти на дејство во таа војна се човекот и материјалната база (воената и стопанска инфраструктура) на противникот и неговите средства на воената техника.

**Доминантен маневар**

Маневарот секогаш бил еден од главните принципи на воената вештина. Меѓутоа, современите технички достигнувања кои довеле до револуционерни промени во начинот на војување, овозможиле (вооружените сили на САД) маневарот да се спроведе во глобални размери, во релативно краток временски период и со значително помала сила потребна за остварување на стратегиската цел. Така, под доминантен маневар, според американското толкување на поимот, се подразбира можност на позиционирање одредени елементи на вооружените сили, интегрирани со елементи на прецизно дејство, од каде можат да нападнат клучни објекти, да го уништат непријателскиот центар на гравитација и да ги остварат воените цели или војната во целост.[12]

**Вселенско војување**

Научно-техничкиот и технолошкиот развојот на новите технологии, низ вековите влијаел не само на ширењето и зголемувањето на длабочината на фронтот и заднината туку и на освојувањето на простор кој порано не бил користен во воени цели.

Така, на пример, во првата половина на 20 век, дејствата од копно и од море се пренесени во воздушниот простор, а во втората половина на 20 век во севкупниот борбен простор опфатена е и петтата димензија - вселената. Тоа ги поттикнало соработниците од Воздухопловниот универзитет на ВВ на САД да дефинираат нов вид воени дејства - вселенско војување. Всушност, станува збор за воени акции и операции кои се одвиваат во вселената или од вселената кон останатите димензии и простори во кои се водат борбени дејства. Главно

---

[12] Battlefield for the Future – 21st Century Warfare Issues , Air University Press , Maxwell air Force Base, September 1995 . p.84

средство на вселенското војување се сателитите. Опремени се со радиоелектронски и сензорски уреди кои им овозможуваат, ширум светот, воспоставување и одржување врска со командните центри на сите нивоа, добиваат и разузнавачки податоци за статичните и движечките цели во сите димензии на борбениот простор во реално време, следење на метеролошките ситуации и со помош на тоа, успешно насочување на авионите и ракетите на целта .

За борба против противничкиот сателит тие можат да бидат опремени и со адекватни видови оружје како што се: радиофреквентни оружја со голема сила, ласери со голема енергија. Сателитите можат да бидат користени и како лансери за оружје од класата вселена-земја (море), а концептот на противсателитска борба обично се комбинира со концептот противракетна одбрана (војна на ѕвездите.).

Пренесувањето на воените операции од воздушниот простор во вселената влијаело не само на проширувањето на борбениот простор, а со тоа и на карактерот на воените операции, туку и на организацијата и намената на вооружените сили на големите сили. Во воениот весник на САД, на пример, се зборува за спојување на воздухопловните и вселенските сили или нивните делови, во рамките на вооружените сили на Руската Федерација, формиран е нов род во војската - *вселенски сили*, со задача да обезбедат сателитска навигација, комуникација, метероолошко, топографска и геодетска поддршка на воените команданти, укажува А.Перминов.[13]

Прашањето за освојување на космосот и неговото користење во воени цели, меѓутоа, многу е пошироко од активностите на релативно мал број стручнаци кои се ангажирани на подготовката, лансирањето и ракувањето со сателите во вселената. Тоа опфака цел склоп на инсталации и постројки, во кои се вклучени и космодроми, експериментални и школски центри .

Наведените четири видови воени дејства: прецизен удар, информатичко војување, доминантен маневар и вселенското војување се значајна новина во стратегијата на воената доктрина не само на САД. Тие се резултат на новите информатички технологии, со тоа што еволутивно настанале за во одредена фаза да прераснат во нов квалитет.

Прецизниот удар е овозможен со развојот и примената на современите средства за набљудување и разузнавање и уредите за наведување и

[13] Anatoly Perminov, Russia's Spase Shield, „military Parade" , January 2002, pp.12-14

самонаведување на проектилите до целта. Новите информатички технологии значително ја зголемија психолошката моќ, и другиот „мек" начин на дејствување врз противникот, додека доминантниот маневар, во основа, е одраз на значајно зголемените маневарски и други можности на вооружените сили на САД .

Сателитот како главно средство на „вселенското војување" (воените акции во вселената), кои се без електронски и други уреди не би имале никаква воена улога . Воените стратези на САД, при планирањето и изведувањето на операциите, со наведените видови воени дејства, начелно, ги интегрираат во единствената стратегија, која најчесто се изразува низ концептот „ дејства од дистанца ".

Некои од тие видови дејства можат да бидат преземени и самостојно, но тоа е повеќе исклучок отколку правило. Таквиот исклучок се однесува, главно, на информатичкото војување кое се презема и води пред, за време и после прецизниот удар. За наведените видови воени дејства посебно е карактеристично што со нив, низ конкретна примена, практично се бришат традиционалните граници меѓу пооделни гранки на воената вештина - стратегија, оператива и тактика. На пример, прецизниот удар направен на далечина од 100, 200 или повеќе километри се изведува против цели кои имаат и стратегиско и тактичко значење, а сателитите ги насочуваат проектилите на тие цели без да го одредат неговото значење и да обезбедуваат потребни податоци на командите и штабовите од сите нивоа. Исто така, со прецизниот удар, како главен фактор за дејствата од дистанца, се брише линијата помеѓу фронтот и задницата и целата непријателска територија се претвора во единствено војувалиште .

Сето тоа прави суштински, револуционарни промени во начинот на водење на војната.

### Центар на гравитација или главна стратегиска цел

Традиционално, за оној кој планира да започне војна главна воена цел му е освојување територии на други држави и извлекување материјална корист. Бидејќи вооружените сили на противникот се главна пречка за остварување на таа цел, затоа тие биле главен објект на нападот или главна стратегиска цел, односно со поразот на противничките вооружени сили се создадени услови за остварување на воената цел, како во воена така и во политичко-економска смисла. Во изменети услови и поинакво гледање кон војната, за постигнување на саканата цел не е приоритетно освојување и физичко запоседнување на туѓи територии. Главната цел може да се постигне и така „што противникот

ќе се принуди да го прави она што ние го сакаме токму кога не сака тоа да го прави".[14]

Изборот на главниот објект на напад или стратегискиот центар на гравитација, во обидите да се натера противникот да го прави она што е наша желба, повеќе не мора да бидат и според американските теоретичари најчесто и не се вооружените сили. Центарот на стратегиска гравитација може да бидат и други елементи на моќ и влијание, како што се политичкото и воеността раководство на непријателската земја или нејзиното население. Вооружените сили може да бидат, ако не споредна цел, сепак краен објект на нападот.

Соработниците од Воздухопловниот институт на ВВ на САД сметаат, наспроти Клаузевиц, дека уништувањето на непријателската војска не е суштината на војната и главниот објект на дејства, „суштина на војната е да го убедите непријателот да го прифати вашиот став, а уништување на неговите сили не е најдобар начин за постигнување на целта. Всушност, тоа може да биде непотребно губење на време и енергија". Брачниот пар Тофлерови исто така, сметаат дека „мозокот" на една земја, т.е нејзиното раководство, објект кој што при негово надвладување се парализира нејзиниот стратегиски систем, може да се постигне и со „меки, невоени средства".[15]

Меѓутоа, полковникот Ворден, еден од соработниците на воздухопловниот универзитет на ВВ на САД , нагласува дека постојат начини противникот да се принуди да „прави она што вие сакате да прави", и наведува три такви начини: 1) направи неговиот отпор во политички, економски и воен поглед да биде прескап и така да го принудите да престане со отпорот; 2) спречување на непријателот да преземе неприфатливи работи и наметнување стратегиска или оперативна парализа, и 3) потполно да го уништите.[16]

Во својата политика и стратегија САД во текот на „студената војна" а најмногу после неа, практично ги применувале сите три начини со цел да ги натераат раководствата на земјите кои ги сметале за свои противници или кои со своите мерки и акции го загрозувале мирот во регионот и претставувале закана на националната безбедност на САД „да го прават она што тиа сакаат да го прават".

Воведувањето политички и економски блокади, на пример, е мерка со која отпорот противникот ќе го чини „прескапо" и ќе го доведе во прашање

---

[14] Battlefield for the Future – 21st Century Warfare Issues , Air University Press , Maxwell air Force Base, September 1995 . p.109

[15] Alvin and Heidi tofler, War and Anti-War, p.104

[16] Col.John A. Warden, Air Theory for the 21'st Century, Battlefield for the Future, pp103-124

неговиот опстанок. Комбинирањето на тие мерки со демонстрирање сила, воена закана и евентуално, повремени удари по одбрани цели, е преземено поради „стратегиски и оперативни парализи" на противникот.

Најдрастичен начин на кој САД настојувале да го натераат противникот да го „прави она што тие сакале да го прават" е непосредна употреба на воена сила заради негово „потполно уништување". Тој последен метод САД, начелно, го применувале откога ќе ги исцрпат методите и средствата во примена на првите два начина во „убедување" на противникот. Меѓутоа употребата на воена сила не била насочувана непосредно кон „центарот на гравитација" (раководството на противничката земја) туку повеќе на неговото опкружување: население, инфраструктура, (воена и друга) и другите фактори на национална моќ и влијанието на внатрешните состојби.

**Заклучок**

Од досега изнесеното може да констатираме дека технологиите кои што се користеле и се во современото војување се повеке ќе влијаат во исходот на одредена војна. Од сите овие технолошки процеси кои што од ден на ден сé повеќе се усовршуваат, можеме да констатираме дека големите сили многу вложуваат во средствата кои се користат во процесот на војување со цел да се постигне надмоќ над непријателот

Речиси е извесно дека 21 век ќе биде исполнет со војни од различни видови, димензии и интензитети .

Меѓутоа, тешко е да се предвиди какви војни ќе се водат, со кои средства ќе се водат и кои методи ќе се користат, особено ако се земе предвид дека 21 век, како и претходниот, има 100 години и дека промените во големината на силата, техничките иновации се се побрзи, а често и непредвидливи.

Реално е да се очекува дека промените во сите области на човечката дејност, па и во војувањето, ќе бидат поголеми и многу побрзи отколку во 20 век. Меѓутоа, војните во 21 век нема да се водат во исти геополитички и геостратегиски услови, ниту пак, со исто високо софистицирани средства на воената техника.

Ако бидат водени, ќе се водат со средства и на начин како и во претходните периоди. Оваа претпоставка ги доведува во многу тешка положба земјите кои се уште не влегле во информатичката ера, затоа може да се најдат во ситуација да се бранат од напад од средствата на информатичката технологија. Можеме да констатираме дека САД како неприкосновена водечка светска сила имаат намера и во 21 век самостојно или со своите сојузници да влијаат на меѓународните движења, со нагласување за зачувување на мирот и безбедноста.

Многу битен сегмент во понатамошниот тек и случувања во светот ќе биде вселенското војување како феномен. Пренесувањето на воените операции од воздушниот простор во вселената влијаело не само на проширувањето на борбениот простор, а со тоа и на карактерот на воените операции, туку и на организацијата и намената на вооружените сили на големите сили.

Нуклеарната технологија, иако не била употребена во конфронтациите помеѓу големите сили, тоа не дава некоја сигурност дека нема да се употреби во некоја идна војна.

Земјите-членки на Нуклеарниот клуб се уште поседуваат големи количини на НБС, а во прашање е и нуклеарна пролиферација (Израел, Индија, Пакистан, Иран). Така и идните генерации, веројатно ќе бидат оптоварени од опасностите за можната употреба на нуклеарни оружја. Од досега изнесеното можеме да констатираме дека самиот научно-технички и технолошкиот развој и развојот на новите технологии, нивната примена во современото војување не може да ни даде реална слика какви ќе бидат случувањата во некои идни војни.

На почетокот на третиот милениум човештвото се наоѓа пред дилемата: или ќе најде пат и начин споровите да ги решава по мирољубив пат и со поделотворни средства од војувањето, или доколку не успее во тоа, ќе биде уништено заедно со планетата Земја. Поточно човековата судбина неговиот опстанок се во негови раце и треба да се надеваме дека ќе успее засекогаш да го елиминира најопасното средство за опстанок на човештвото - оружјето.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Сакан Момчило, *Војне науке*, ВИЗ, Београд, 2003.
2. Зориќ Миланко, Ѓукиќ Милан, *Основи ратне вештине*, ВИЗ, Београд, 2003.
3. Д-р Вулета Вулетиќ, *Војна техника и војна доктрина*, ВИЗ, Београд, 2001.
4. Matovic Jovan, Petrovic-Pljak Željko, *Oružje, energija i treci svetski rat*, NIU "VOJSKA", Izdavačka delatnost, Beograd, 1998.
5. *Military Parade*, 2/2003 (Руски часопис)
6. Tofler Alvin i Hajdi, *Rat i antirat,* PAIDEIA, Beograd, 1998.
7. Richard Szafransky, *Parallel and Hyper War,* "Battlefield of the Future", Air University Press, 1995.
8. О. Вучуровиќ, А. Стаматовиќ, *Савремени стратегијски проблеми*, бр. 2/1978
9. Kasteks, *Strategijske teorije I,* Vojno delo, Beograd, 1960.
10. Kissinger Henry: *Nuklearno oružje i spoljna politika*, New York.
11. Сун Цу Ву, *Вештина на војувањето*, Штрк, Скопје, 1996.
12. Лидел Харт, *Стратегија посредног наступања*, Војно дело, Београд, 1952.
13. Клаузевиц, *О рату*, Војно дело, Београд, 1951.
14. Милан Вујаклија , *Лексикон страних речи и израза*, „Просвета", Београд,1980,
15. Anatoly Perminov, *Russia's Spase Shield,* „military Parade" , January 2002, pp.12-14

# НОВАТА КОНФЛИКТНА СРЕДИНА И НЕЈЗИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ СИЛИ

**Синиша ДАСКАЛОВСКИ,**
Филозофски факултет, Катедра за дефендологија – Скопје

**Апстракт***: Денес, а најверојатно и во поблиската иднина дифузните иирегуларни закани ќе го обликуваат есенцијалниот дел на новата конфликтна средина. Конфликтите, како феномен, процес, состојба или, пред сѐ, како активност определувачки влијаат врз квантитативното и квалитативното структуирање на конвенционалните сили. Всушност, инкорпорирањето на тоа влијание во организациската структура на конвенционалните сили, овозможува остварување на нивната функција. Во овој труд е направен обид да се евидентираат новите закани и другите фактори кои ја обликуваат новата конфликтна средина и да се утврди влијанието врз конвенционалните сили. Притоа се појде од сознанието дека во постстуденовоениот период се појавуваат нови фактори и пред сѐ, нови закани кои ја дефинираат новата конфликтна средина во која се уште не се остранети и некои од поранешните. Се појде и од сознанието дека новите закани и другите фактори се оформуваат како целина која определувачки влијае врз дефинирањето на нови способности како квалитет на конвенционалните сили.*

**Клучни зборови***: конфликтна средина, конвеционални сили, дифузни и ирегуларни закани, нови способности.*

# NEW CONFLICT ENVIRONMENT AND ITS IMPLIKATIONS ON THE CONVENTIONAL FORCES

**Abstract***: Today, and most probably in near future, diffuse and irregular threats will form the essential part of the new conflict environment. Conflicts as a phenomenon, process, situation or before all, activity influence with determination on the quantitative and qualitative structuring of the conventional forces. In fact, the incorporation of that influence in the organizing structure of the conventional forces enables realization of their function. In this paper an attempt is made to identify the new threats and other factors that form the new conflict environment, and to determine the influence of the conventional forces. The starting*

*point was the understanding that in the colder period new factors appeared, mostly new threats that determine the new conflict environment which has not still been freed from some older ones. Another starting point was the understandig that new threats and factors are being formed as a whole that influences the determination of new capabilities as quality of the conventional forces.*

**Key words***: conflict environment, conventional forces, irregular and diffusethreats, new capabilities.*

## Обликување на конфликтната средина непосредно по завршувањето на Студената војна

Во периодот по завршувањето на Студената војна, постепено и континуирано ќе се оформува нова конфликтна средина, различна од претходната оформена во периодот на Студената војна. Конфликтната средина во основа ја има околината[1] - средината[2] со сите нејзини карактеристики и конфликтот[3] како додавка со која се изразува нејзината посебност која ја одвојува или оформува како посебна целина различна од другите средини. Диференција, односно специфика на конфликтната околина е конфликтот и тоа, пред сè, во нашиот случај вооружените конфликти. Според Лондонскиот интернационален институт за стратегисти истражувања The Military Balance[4], вооружените конфликти според типот се делат на: меѓународни вооружени гранични и територијални конфликти, внатрешни вооружени конфликти и тероризам. Во периодот на Студената војна, позната како состојба на заострени односи и перманентна напнатост помеѓу воено-политичките организации- Варшавскиот пакт и НАТО, раководени од суперсилите Советскиот Сојуз и САД, егзистираат сите три типа на вооружени конфликти, кои изразуваат значајно влијание на глобалната конфликтна средина. Сепак, повеќе од евидентно е дека во периодот на Студената војна

---

[1] Под средина се подразбира 1.(предел околу едно дадено место). 2. (fig.друштво, луѓе меѓу кои живее некој, средина). Види : Речник на македонскиот јазик, Универзитетска печатница, Скопје,1965. стр.53.

[2] Во англиско-македонскиот речник зборот ENVIRONMENT подразбира, околина, средина, амбиент, околност, контекст. Види : Олга Мишеска Томиќ и др. Речник англиско-македонски, Култура, Скопје, 1994, стр.227

[3] Конфликтот се дефинира како, дел од спорот во кој постои опасност од употреба на воена сила, или силата е веќе употребена, Фрчкоски Љ. Тупурковски В. и Ортаковски В., Меѓународно јавно право, Табернакул, Скопје, 1995.стр.317.

[4] Види пошироко : The 2004 Chart of Armed conflict, The Military Balance 2004-2005, London, 2004 : The IISS.

доминантно место и улога и се разбира, влијание на конфликтната средина имаат, меѓународните вооружени конфликти. Под меѓународни вооружени конфликти се подразбираат сите оние кои ги вклучуваат владите во вооружени конфликти за суверенитет и територија.[5] Во случајот со Студената војна, тоа би преставувало меѓудржавен вооружен конфликт од типот на глобалните војни или таканаречени светски војни или големи војни, како Првата светска војна и се разбира како Втората светска војна. Поради сето ова, Студената војна за генералите во Централната команда на Флорида во САД, преставува воен-вооружен конфликт од трета генерација.[6] И без него, дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот и тоа само низ призмата на Првата светска војна и Втората светска војна кои причинија околу 90 милиони мртви. Со него, особено во услови на директна конфронтација на главните актери и со употреба на средствата за масовно уништување, како неминовност во конфликтот, последиците би биле несогледливи, поточно ненадоместливи. Сознанието дека во услови на употреба на средставата за масовно уништување победник нема да има, ги натера главните актери во Студената војна да се откажат од нивна непосредна употреба. Паралелно со јакнењето на нуклеарните потенцијали, главните актери и нивните сојузници ќе ги јакнат и конвенционалните потенцијали- потенцијалите на конвенционалните вооружени сили. Но и тука, особено во однос на обемот на воената организација и посебно одредена категорија на офанзивни борбени средства ќе се достигне состојба која ќе ги надмине нивните потреби и ќе отвори врата за еден нов процес, за редефинирање на односот кон нив , односно нивно лимитирање. Евидентно е дека и во едниот случај со нуклерното оружје и во другиот случај со конвенционалните вооружени сили нивниот квантум и капацитет на офанзивни борбени средства и борбени системи, ќе дојде до предозираност, до состојба која ќе ги надмине нивните одбранбени потреби и интереси. Непосредно пред да се случи ова , некаде кон средината на осумдесеттите години на 20 век, само активната вооружената сила, на САД ќе брои 2.151.600 припадници, на НАТО 5.378.000 припадници, а за разлика од нив само на Советскиот Сојуз 5.300.000 припадници.[7] Станува збор за национални, гломазни и масовни армии од потешка категорија опремени и обучени за интензивна копнена борба. Според стратегијата на еластичен одговор (национална воена стратегија на САД)

---

[5] Ибидем

[6] Види: Нова стратегија за победа во Долгата војна, Дневник, 12.04.2006,стр.11

[7] The Military Balance 1992-1993, London 1992, p 218 : The IISS.

вооружените сили на САД требало да бидат подготвени истовремено да водат една голема-светска војна и една мала-регионална војна. И Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт се подготвувале за водење на меѓублоковска војна. Ова значи дека големата војна била во средиштето на вниманието на суперсилите и нивните сојузници, која воедно преставувала најголема закана за нивната и пошироко меѓународната безбедност. Од аспект на нашето истражување, можеме недвосмислено да утврдиме дека станува збор за регуларна закана, а силите - вооружените сили на суперсилите и нивните сојузници, кои би требало да ја реализираат таа закана, регуларни сили. Се разбира, паралелно со регуларните сили и регуларни закани егзистираат и други таканаречени нерегуларни сили и нерегуларни закани, како, на пример, тероризмот и силите кои го реализираат, но нивното влијание од аспект на закана во конфликтната средина е многу помало во однос на војната. Според Мишел Рокар, војна се нарекува секој конфликт кој предизвикува повеќе од 1000 мртви годишно.[8] Во периодот на Студената војна, поконкретно во периодот од 1945 до 1990 година вкупниот број на жртви од вооружените конфликти на глобално ниво изнесува 15.650,000[9] од кои најголем дел во локалните и регионални војни во кои значајно место и улога ќе имаат суперсилите, пред сѐ САД.[10] Советскиот Сојуз, со исклучок на војната со Авганистан, вооружените сили ќе ги употреби, пред сѐ за интервенција на просторот на своите сојузници. Во сите случаи на употреба на сила и пред сѐ во локалните и регионалните војни, суперсилите ќе прават обиди за проверка на своите воени доктрини и стратегии на употреба на вооружените сили, подготвувајќи ги за големата војна. Во таа подготовка за големата војна, вооружените сили ќе ја имаат привилегијата најголемите достигнувања во науката да ги стават во функција на своите потреби. Тоа од една страна ќе овозможи брз подем и создавање на големи разлики на квалитетот во однос на другите вооружените сили, но од друга страна, значајни финансиски зафаќања од брутодомашниот производ. Се чини дека тоа е еден од најзначајните фактори кои определувачки ќе влијаат врз дезинтеграцијата на Советскиот Сојуз, распаѓањето на Варшавскиот пакт, а со тоа и завршувањето на Студената војна. Евидентен ќе биде и поразот на идеолошко-политички план, што крајно ќе продуцира и распаѓање на реалсоцијализмот

---

[8] Мишел Рокар, Дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот, Дневник,22-23,05.1999.

[9] Види : цитирано дело под 4

[10] Во текот на Студената војна, САД поради заштита на своите национални интереси 500 пати ќе ја употребат или ќе се заканат со употреба на вооружената сила, пред се во Третиот свет. Милитарѕ Ревиењ, Фебруарѕ 1989, п.7.

како општествено-политички поредок. За среќа на главните актери во Студената војна, а се подразбира и пошироко за меѓународната безбеност, до пораз на воен план не дојде.

Вообичаено, по завршувањето на големите војни доаѓа до големи општествено-политички, економски, одбранбено-безбедносни и други промени на планетарно ниво. За тие по завршувањето на Студената војна претседателот на САД, Џорџ Буш постариот, во 1992 година ќе каже дека се „случија промени од библиски размери“. Советскиот Сојуз се дезинтегрира, Варшавскит пакт се распадна, како и реалсоцијализмот како општествено-политички поредок во Европа. Речиси без исклучок, земјите-членки на распаднатиот Варшавски пакт правеа обиди за приближување кон НАТО и кон САД. Обиди за приближување имаше и на релацијата САД - Руска Федерација. Всушност, приближувањето на сега веќе поранешни непријатели беше обострано. Довчерашните непријатели си подадоа рака и се договорија да развиваат пријателски и партнерски односи, во услови на нова констелација на сили и односи и конституирање на нов светски поредок. Доминантно место, улога и влијание во меѓународната заедница имаа САД, кои се издвоија како единствена суперсила и НАТО-пактот како најмоќна воено-политичка организација. Пред НАТО, како воено-политичка организација се поставија низа значајни прашања, па и прашањето за неговото опстојување во услови кога веќе го нема директниот противник Варшавскиот пакт. Одговор на тоа прашање, како и на други значајни и актуелни прашања, НАТО се обиде да даде на Римскиот самит одржан во ноември 1991 година, кога е усвоен „Новиот стратегиски концепт: „Од аспект на нашето истражување мошне е значаен односот кон новите безбедносни ризици и предизвици и тука се чини лежи и одговорот на прашањето за неговото опстојување или дезинтеграција. Во таа смисла во заклучоците на Стратегискиот документ стои дека заканата од општа војна во Европа речиси целосно исчезна, но дека постојат други ризици и несигурности со кои се соочуваат членките на Алијансата и другите држави во евроатланскиот регион, како што се етничките конфликти, злоупотреба на човековите права, политичката нестабилност, економската несигурност и ширењето, нуклеарно, биолошко и хемиско вооружување и средства за нивно постигнување.[11] И не само тоа, туку НАТО како специфична обврска си поставува, да работи за постигнување на подобра и проширена безбеност во

---

[11] Прирачник за НАТО, 2001 Office of Information and Press NATO-1110 Brussels – Belgium, ISBN 92-845-0155-5, HB0801MAC, NATO 2001. стр.50

Европа во целост,[12] што не беше случај сѐ до донесувањето на овој Концепт, притоа нагласувајќи ја соработката со други земји кои имаат исти цели како и Алијансата. Со тоа недвосмислено даде до знаење дека не само што ќе продолжи да опстојува туку и дека ќе ја прошири својата дејност, соработка со значаен број земји меѓу кои и довчерашни непријатели. Сето ова благопријатно ќе влијае врз намалувањето на трошоците за одбранбените потреби[13] и врз намалувањето на вооружените сили.[14]

Што се однесува до САД, состојбата со вооружените сили и трошоците за одбрана се чини го следат трендот на намалување,[15] како во случајот со другите земји-членки на НАТО, притоа водејќи строго сметка да не дојде до нарушување на балансот воспоставен во Студената војна. Така и во 1991 година идентично со 1985 година, останува уделот на САД со 40 %, на НАТО европските земји со 58 % и Канада со 2% во однос на целокуната актива на НАТО, а 72 % на САД, 26 % на НАТО европските земји и 2 % на Канада во однос на целокупните трошоци за одбранбените потреби на НАТО. Оттука, евидентно е дека и во почетокот на постудeновоен период најголемиот товар во партиципацијата на трошоците за одбранбените потреби и удел на активната вооружена сила во рамките на НАТО ја имааат САД. Во однос на некогашниот најголем непријател -Советскиот Сојуз, разликите се многу поголеми, ова особено се однесува на одбранбениот буџет. [16] Што се однесува до војската , квантитативната предност на противникот уште во времето на Студената војна, САД ќе се обидат да ја надминат со квалитет масовно интегриран во борбените средства и системи во почетокот на деведесеттите години. Всушност, станува збор за користење и примена на науката и информатичката технологија во војската. Тоа, секако е врзано за финансиска партиципација или таканаречено определување на одбранбен буџет. Се случува финансиските можности и

---

[12] Исто, стр.49.

[13] Во 1991 година трошоците за одбрана на земјите членки на НАТО во Европа вкупно изнесувале 82 милијарди и 914 милиони САД долари, за споредба 1990 година изнесувале 83 милијарди и 187 милиони САД $, а во 1985 година 92 милијарди и 235 милони САД $. Види: The Military Balance1992-93, London 1992, p.218: The IISS.

[14] Активната вооружена сила на НАТО - Европа во 1985 година брои 3,143.4 (тримилиони сточетириесетитри илјади и 400 припадници аво 1991 година, 2,801.400. Види во истиот извор.

[15] Во 1991 година за разлика од 1985 година : активната вооружена сила на САД ќе биде намалена за 237.800 припадници, а трошоците за одбрана за 31 милијарда и 110 милиони САД $. Пресметката е направена врз база на податоци од The Military Balance.

[16] Во 1991 година одбранбениот буџет на Советскиот сојуз изнесувал 91,631 (девесет и една милијарда и 631 млион САД $ а на САД 227,055( 227 милијарди и 055милиони) САД $. The Military Balance 1992-93, London 1992. p.218: The IISS.

одбранбените потреби да не конвергираат и тогаш најчесто импликациите (политички, економски и воени) се неповолни. И обратно, продукцијата може да биде со позитивна конотација, доколку се воспостави баланс помеѓу економските можности и одбранбено-безбедносните потреби. Во тој случај се постигнуваат оптимални резултати, како на пример САД на полето на конвенционалната воена сила, во периодот веќе непосредно по завршувањето на Студената војна. Поконкретно, претседателот на САД во предговорот на Стратегијата за национална безбедност од 1994 година ќе истакне: Денес нашата војска е нејдобро опремената, најдобро обучената и најдобро подготвената борбена сила во светот и јас сум решен да обезбедам тоа и да остане така.[17] Во услови кога е надмината предноста која ја имаше Советскиот Сојуз во рамките на конвенционалната сила, новото место улога и задачи на вооружените сили на САД ќе бидат обусловени од новите закани и секако национални интереси. Всушност, оваа тријада остварува интерактивен однос, при што политичката стратегија ги определува целите согласно заканите, а војската ги реализира. Непочитувањето на влијанието на заканите, односно нивната несоодветна проценка може да ја доведе во прашање остварувањето на функцијата на вооружените сили. Се чини дека ова е значајно сознание кое може да ни послужи како контролен механизам во анализите на влијанието на новите закани или воопшто заканите врз вооружените сили. Потврда на ова сознание ќе бараме во понатамошната анализа на стратегијата за национална безбедност на САД, и тоа најнапред, во врска со заканите: „Новите, независни држави кои го заменија Советскиот Сојуз“, исто како и многуте нови демократии на Централна и Источна Европа.., иднината на Русија е неизвесна, а Кина и понатаму преставува еден репресивен режим.. Ширењето на оружјето за масовно уништување преставува сериозна закана. Насилните екстремисти им се закануваат на кревките мировни процеси, од Средниот Исток до Јужна Африка. Насекаде низ светот се јавува милитантен национализам, како и етнички и религиозни конфликти. Но, не се сите безбедносни ризици воени по природа. Транснационални феномени, како што се тероризмот, шверцот со дрога, еколошката деградација, брзото зголемување на загадувањето и проблемот со бегалците. Понатаму се јавува класа на транснационални еколошки прашања кои сè повеќе и повеќе влијаат на меѓународната стабилност..”[18] Евединтно е дека станува збор за поразновидни

[17] A NATIONAL SECURITY STRATEGY OF ENGAGEMENT AND ENLARGEMENT, THE WHITE HOUSE JULY 1994.

[18] Ibidem, p.1.

закани отколку што беше случајот со Студената војана, во која најголемата закана беше големата војна. И оттука, подготовките на САД за водење една голема - светска војна и една помала-регионална војна. Во новата - постудоновоена ера САД како главна закана за нивната безбедност и пошироко ја издвојуваат пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и проектилите за негово испорачување.[19] Тоа заедно со другите закани услови определба за воспоставување сили доволни за победа на агресорот во две регионални војни. И не само тоа, воените ефективи на САД се суштествени за успехот на оваа стратегијата во чие средиште е унапредувањето на националните интереси по пат на ангажирање и проширување. Глобалната сила-САД има глобални интереси и секако одговорности за заштита на тие интереси. Кога станува збор за директното загрозување на националните интереси се предвидува унилатерално дејствување, во сојузништво и партнерство кога интересите се заеднички и мултилатерално кога интересите се поопшти и кога проблемите најдобро може да ги реши меѓународната заедница.[20] Од аспект на нашето истражување, како значајно се издвојува сознанието дека, соодветно на непредвидливите и неочекувани закани и отсуството на сигурност како непријателот ќе се бори, се јави потребата од широк дијапазон на комплеметарни способности на војската, што не беше случај во Студената војна. Што се однесува до димензионирањето, присутен е трендот на понатамошно квантитативно намалување на вооружената сила за сметка на зголемување на квалитетот изразен преку воведувањето во вооружувањето на средства развиени на база на информатичката технологија. Намалување на бројот на вооружените сили беше проследено и со намалување на силите стационирани вон територијата на САД и посебно во Европа. За Европа се предвидуваше безбедност преку воена сила и соработка, со централна улога на НАТО, во кое САД ќе го зачува влијанието и водството.[21] Од аспект на нашето истражување, како значајно се издвојува и согледувањето на САД во Стратегијата за национална безбедност дека, навистина Студената војна е завршена, но не и самата војна. Со тоа уште еднаш се даде до знаење дека и во 1994 година , а тоа значи три години по Завршувањето на Студената војна, конвенционалната војна е во средиштето на вниманието, иако сега не на ниво на Светска војна, туку на ниво на регионални и локални војни. За разлика од периодот на Студената војна во овие неколу години после неа,

[19] Ibidem, p.11
[20] Ibidem, p. 5
[21] Види пошироко во истиот извор на стр. 21,22 и 23.

полека но сосема јасно почнуваат да се диференцираат и нови закани кои претендираат да го преземат приматот на старите и да формираат нова конфликтна околина. Се разбира дека тоа ќе го следат и САД, НАТО и секако нивните противници, а како ќе одговорат ќе видиме, најнапред преку делумната анализа на новиот Стратегиски концепт одобрен од сојузниците на НАТО на Самитот во Вашингтон 1999 година. Имено, уште во 1997 година водачите на НАТО ќе ја утврдат, во согласност со промените кои се случија во Европа, потребата од преиспитување и ажурирање на Концептот од 1991 година.[22] Новиот Сојуз треба да биде поголем, поспособен и пофлексибилен, стои во Комуникето на Вашингтонскиот самит. Поголем НАТО, подразбира негово квантитативно зголемување, што е веќе направено со три земји- Унгарија, Полска и Чешката Република, а се планира и натамошно зголемување, во согласност со политиката на отворена врата. Поспособен НАТО-сојуз, подразбира подобрување на неговата способност да придонесе кон евроатланскиот мир и стабилност и тоа со реформи кои вклучуваат нова командна структура, комбинирани здружени специјални сили, брзо преместување на сили во целиот опсег на мисиите и создавање на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во Алијансата.[23] И потребата од поголема флексибилност произлегува од зголемениот спектар на закани од воена и невоена природа а кои вклучуваат : регионални кризи на периферијата на Алијансата кои можат брзо да се прошират, постоењето на силни нуклеарни сили надвор од Алијансата, проширувањето на нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје и средствата на нивно разнесување, глобалното распространување на технологијата која може да се користи во производство на оружје, државни и недржавни противници можат да пробаат да ги искористат информациските системи, потоа безбедноста на Алијансата може да биде нарушена и со други ризици од поширока природа, вклучувајќи ги актите на тероризам, саботажа и организиран криминал, како и од неконтролираниот проток на голем број луѓе, како последица на вооружени конфликти.[24] Земајќи ги предвид сите овие закани, Алијансата планира одржување на нуклеарни и конвенционални сили во Европа. Нуклеарните сили пред сè како есенцијален дел на одбраната на Алијансата од кој било вид војна и конвенционални сили за задоволување на потребите кои произлегуваат од широкиот опсег на конвенционални опции. Евидентно е дека конфликтната

[22] Види : The Reader’s Guide to the NATO Summit in Washington , 23-25 April 1999. p.63.
[23] Ibidem, p.49.
[24] Ибидем, п.51.

средина постепено и континуирано се менува во насока која овозможува натамошно намалување на квантумот на конвенционалните и нуклеарните сили на Алијансата. Сепак, тие требе да бидат доволни за да одвраќаат и доколку е потребно да се справат со регионални конфликти и се повеќе со внатрешни вооружени конфликти и други ризици од поширока природа, „како и со агресии од голем размер против една или повеќе од членките, иако веројатноста ова да се случи во догледна иднина е мала.[25] Оттука, евидентно е дека НАТО се подготвува, пред сè, за водење на конвенционални војни, односно за конфронтација со регуларни сили и регуларни закани, иако предвидува и таканаречени „други ризици" помеѓу кои и тероризмот, но тие се некако во втор план. Адекватно на подготовките за конвенционална војна, ќе ги подготвува и вооружените сили кои максимално ќе ја искористат техничко-технолошката и економска супремација, достигнувајќи безпреседантна доминација на полето на конвеционалната воена сила. Оваа предност секако ќе се обидат да ја инкорпорират во стратегијата на употреба на вооружените сили, за што ќе се увериме и во воздушната кампања што НАТО ја водеше 1999 година во Сојузна Република Југославија. Имено, откако настана кризата во Косово 1998 година, Северноатланскиот совет направи обиди по мирен пат да го реши конфликтот. Но, откако тоа не вроди со плод, а истиот се интензивираше, на 23 март беше издадена наредба за спроведување на воздушни напади.[26] Воздухопловните сили на НАТО изведоа приближно 10.000 бомбардерски мисии за време на 79 дневната кампања и ангажираа преку 1000 авиони. Беа лансирани од море на копно вкупно 240 крстосувачки проектили, а САД лансираше 60 крстосувачки проектили од воздух.[27] Во функција на операцијата се користени и други сили и средства на военото воздухопловство и воената морнарица, како и новиот систем за глобално позиционирање. Иако беше планирано, сепак, не беа воведени во борба силите на копнената војска, што преставува додавање на уште еден квалитет во еден нов вид војни кои започнуваат во Персискиот залив 1990-1991 година. Според Т.Мирковиќ оваа операција (се мисли на операцијата Allied Force-сојузничка сила, забелешка на авторот) ги има сите карактеристики на информатичката војна каква ја замислиле и дефинирале теоретичарите и воените стратези на САД,[28] која

[25] Ибидем, п. 61

[26] Види пошироко во Прирачник за НАТО, 2001, стр.136-143.

[27] Види пошироко во The Military Balance 1999-2000, п.30-32

[28] Види : Мирковиќ Т., Стратегије и ратне доктрине суперсила и блокова, ВИЗ Београд, 2003. стр.232 и 233.

сега веќе, според повторениот успех, би требало да преставува еклатантен пример за успешно изведување на идните воени операции.

**Пресвртна точка во обликувањето на новата конфликтна средина**

Пресвртна точка во обликувањето на новата конфликтна средина претставува терористичкиот напад на Њујорк и Вашингтон на 11-ти септеври 2001 година. Ова најповеќе поради фактот што тероризмот сериозно се закани да го преземе приматот од другите типови вооружени конфликти. Тоа ќе каже дека на него како закана се сметало и пред да се случи насилството во САД. Но разликата е во тоа што сега е подигнат на многу повисоко ниво и исполува многу поголемо влијание врз конфликтната средина. А дека е тоа така потврдува како односот на претседателот на САД така и на Северноатланската алијанса кон него. Имено, претседателот на САД терористичкиот напад го подигна на рамниште како „нов вид војна", а НАТО за првпат од своето постоење еден ден по терористичките напади го активира членот 5 од Северноатланскиот договор,[29] што е карактеристично за услови кога е извршен вооружен напад врз кој било од членките на Алијансата. Така, терористичкиот напад ќе поприми карактеристики на војна, чија диференција специфика е вооружената борба која најчесто започнува со вооружен напад. Од аспект на нашето истражување, значајно внимание ќе посветиме на заканите, а потоа и на главните актери во конфликтот. Во случајот со терористичките напади, евидентно е дека станува збор за ирегуларни закани кои можат да имаат стратегиско влијание, слично или идентично како и вооружените напади во услови на агресија. Во однос на актерите, терористичките напади во САД ги извршила терористичката организација Ал-Каеда, која претставува недржавна, односно ирегуларна сила, за разлика од вооружените сили кои претставуваат државни институции, односно регуларни сили. Всушност, како САД така и НАТО, ценеле дека најсериозните закани за нивната безбедност и сигурност се регуларните закани, и согласно на тие проценки се подготвувале за одвраќање и спротивставување на конвенционалната војна како регуларна закана и вооружените сили како регуларни сили. Се разбира дека и во тој правец се развивале и усовршувале,

[29] „Страните се согласија дека вооружениот напад против еден од нив или повеќето во Европа или Северна Америка ќе се смета како напад на сите нив и според тоа се договорија, доколку се случи таков вооружен напад, секоја од нив, да и помогнат на страната или на страните кои се нападнати преку преземање соодветни активности вклучувајќи и употреба на вооружени сили заради возобновување и одржување на безбедноста во северноатланската област." Прирачник за НАТО-2001 година, стр.594

достигнувајќи огромна доминација на полето на конвенционалната сила во глобални рамки. Од друга страна, нивните противници, во случајот и терористичката организација Ал-Каеда, ќе работат на дислокацијата на конвенционалната супериорност на САД и НАТО, притоа развивајќи ги асиметричните пристапи. Терористичките напади на Вашингтон и Њујорк беа значаен тест и проверка на стратегиите на страните во конфликтот. Се покажа дека, НАТО е неспособен за водење операции против асиметрични закани, на што генералниот секретар на НАТО лордот Робертсон, побарал итни промени,[30] а САД се одлучи за главно воено решение и донесување нова стратегија за национална безбедност. Военото решение беше донесено во согласност со проценката дека за кратко време ќе бидат уништени авганистанските бази на терористичката мрежа, а нивниот водач Осама бин Ладен фатен жив или мртов. Навистина, базите и камповите за обука беа уништени, што е производ на користењето на супремацијата на конвенционалната сила на САД и нивните сојузници. Но, воздушните напади како да беа очекувани од страна на терористичката организација која ќе премине во илегала и ќе стане подецентрализирана.[31] И не само тоа, туку и ќе биде направен обид за регрутирање на нови членови и подигање на конфронтацијата со САД и нивните сојузници на повисоко рамниште. Ова, пред сѐ преку терористичка кампања вон територијата на Авганистан, како и герилска кампања во Авганистан чии интензитет на минофрлачки и ракетни напади ќе се зголемува кон крајот на 2002 година. Сето ова, заедно со криминалот, безаконието, експлозиите на бомби и други ризици, ќе ја обликува конфликтната околина како двосмислена исполнета со ирегуларни и дифузни закани. Со новите-ирегуларни закани направен е обид да се креира „избегнувачко однесување" со противење за постигнување победа на конвенционалните сили на САД во воената кампања. Проблемот со Авганистан ќе се изостри до таа мера, што и ООН ќе преземе соодветни активности за да и помогне на владата на Авганистан да ја прошири својата

---

[30] The Military Balance 2002-2003, London, 2002, p.27: The IISS.

[31] „Денес се проценува дека Ал-Каеда е присутна во повеќе од 60 земји и дека најмалку 20,000 џихадисти биле тренирани во нејзиниот камп во Авганистан од 1996 година. Иако половина од 30-те постари лидери на Ал-Каеда и и околу 2.000 повисоки членови се убиени или заробени, сепак постојат преку 18,000 потенцијални терористи насекаде. Секако, само мал број од нив се навистина тешки терористи, додека солидно поголем број се т.н. споредни играчи кои што се задолжени за техничка, логистичка и финансиска помош, а остатокот се луѓе кои не учествуваат во никакви операции, туку само ја подржуваат Ал-Каеда од политички и религиски поглед, но за кои постои сомневање дека и како такви можат да станат потенцијални терористи." Пошироко види во : 1. The Military Balance 2004-2005, London, 2004, p.378-385 : The IISS. 2. Profiles of Terrorist Organizations, (http: // www.ict.org.il / inter-ter / org.cfm).

власт на целата територија и да обезбеди сигурна безбедносна средина. Притоа, НАТО ќе добие мандат да ги води меѓународните сили (International Security Assistance Force-ISAF), со што за првпат ќе ги размести своите сили надвор од евроатланската област. Се разбира, одлуката за ангажирање на силите надвор од евроатланската област НАТО ќе ја донесе порано и тоа во Рејкјавик, Исланд, во мај 2002 година. Шест месеци покасно, на 21 и 22 ноември 2002 година лидерите на НАТО на Прашкиот самит, ќе направат обид за трансформација и модернизација на Алијансата, „за да докажат дека НАТО е способен да се справи како со безбедносните предизвици на XXI век така и со последните закани.[32] Во средиштето на вниманието ќе бидат новите членоки, новите способности и новите односи со партнерите. Ќе бидат поканети седум земји да започнат преговори за членство во Алијансата, со што ќе се отвори втората рунда на проширување на Алијансата во постстуденовоениот период. Ќе биде потпишан пакет иницијативи за да започнат нови односи со патрнерите, а во врска со решавањето на мноштвото безбедносни предизвици и ризици. И конечно ќе бидат усвоени серија мерки „со цел да се осигура дека НАТО е опремен за цел спектар модерни воени мисии, признавајќи дека традиционалните статични сили на Студената војна повеќе не се валидни. Тоа значи дека НАТО креира сили способни да се движат побрзо, да бидат поефективни и да се поддржуваат меѓусебно во борби.“[33] Сето ова, уште еднаш, го потврдува нашето сознание дека Организацијата, во случајот конвенционалните сили на НАТО, за да може успешно да ја остварува својата функција потребно е да го инкорпорира влијанието на активностите, во случајот новите безбедносни ризици, предизвици и закани во своите структури, стратегија и тактика на употреба на силите. Инаку, може да се случи организацијата-коалиционите сили и покрај тоа што се ставени во функција на градењето на мирот и стабилноста во Авганистан, истата да не можат да ја воспостават. Сега, веќе потполно сигурни за новата ситуација во Авганистан, па и пошироко, лидерите на НАТО конечно ќе ставаат крај на дивизиите кои ја плашеа Европа во 20-от век и ќе отворат процес на создавање нови сили како одговор на новите закани различни од оние во Студената војна. Поконкретно, се прави обид соодветно да се одговори на новите закани, со трансформација и модернизација на силите од потешка категорија наменети за конфронтација со исто такви сили, со сили од средна класа, а пофлексибилни, технолошко напредни, лесно

[32] NATO after Prague,NATO Office of Information and Press 1110 Brussels-Belgium, p.1.
[33] Ibidem, p.3.

распоредливи, одржливи и спремни брзо да се движат.[34] Станува збор за силите-(НРФ)[35] кои преставуваат есенцијален дел на политичката стратегија на НАТО, со планирани почетни оперативни способности во 2004 година, а потполна оперативна способност не подоцна од октоври 2006 година. Во меѓувреме се случи војната во Ирак -2003 година, која започна традиционално со воена кампања во која до израз доаѓа супериорноста на конвенционалните сили на САД и сојузници. И навистина само нивните, после 23 дена, битката со вооружените сили на Ирак беше добиена, но не и војната. Вооружениот конфликт во Ирак трае и денес, и тоа со драстично поголеми човечки загуби отколку што беше случајот во конвенционалната фаза на војната. Всушност, бунтовниците успеаја да ја реорганизираат силата која ќе ја продолжи конфронтацијата со противниците кои се конвенционално супериорни, но не и неранливи. Слично како и авганистанските бунтовници и бунтовниците во Ирак ќе го усвојат асиметричниот пристап, кој подразбира користење на нетрадиционални методи и тоа најчесто во комплексни средини каде не може да дојде до израз конвеционалната супериорност на противникот. Ова најповеќе поради фактот што станува збор за урбанизирани подрачја, најчесто градовите, каде бројна популација егизистира на ист физички простор, вклучувајчи ги и спротивставените страни. Така вооружените сили на САД и нивните сојузници ќе треба да посветат значајно внимание, како на многубројните непријатели така и на населението кое може да се експонира како неутрален или потенцијален противник во конфликтот. Во однос на многубројниот противник се издвојуваат како вооружените, така и невооружени актери и тоа терористи, герилци, бандити, платеници, трговци со дрога, невооружени протестанти, копјутерски хакери, шверцери, пирати, религиозни секти и други сили. Сите овие заедно, со сè повеќе експонираните приватни воени компани и други пријателски елементи на вооружените сили на САД, како и големиот број набљудувачи, интернационални и локални медиуми, недржавни интернационални организации и други групи, ја обликуваат новата конфликтна средина како мултилатерална и двосмислена, за разлика од конфликтната средина во периодот на Студената војна, која се

[34] Види пошироко во Декларацијата од Самитот во Прага, The Prague summit and NATO*S transformation:A Reader*s Guide, p.72.

[35] NATO Response Force-NRF или НАТО сили за одговор-реакција, преставуваат мултинационални здружени сили составени од копнена компонента со големина на бригада, воздушна компонента способна за 200 борбени полетувања дневно, поморска компонента составена од борбена група со еден носач на авиони, амфибиски сили и површинска група за акција, како и со дополнителна компонента - специјални сили по потреба.

експонираше како биполарна. Во однос на заканите, во случајот со Студената војна имаме главна и најзначајна закана војната која се експонира како регуларна закана и во случајот со постуденовиот период главно се експонираат, терористичките напади, самоубиствените бомбашки напади, герилските вооружените напади, бомбашките напади, киднапирања, напади од заседи и други напади како нетрадиционални, односно како ирегуларни и дифузни закани. Според IISS The Military Balance 2005-2006, денес најпроминентана закана доаѓа од транснационалниот тероризам потенцијално вооружан со WMD. Но, другите закани вклучувајќи ги националните вооружени сили-стануваат и мора да бидат адресирани симултано.[36] Тоа ќе каже дека постојат повеќе закани за меѓународната безбедност, но водечката е само една и доаѓа од интернационалниот тероризам, чии клучни фактори за ширењето не покажуваат знаци за смалување во наредните петнаесет години.[37] И не само тоа, туку Централната команда во Флорида планира кампања за тотална војна против тероризмот на целата Земјина топка, и таа да доминира во наредните две децении,[38] што преставува зголемување на временската рамка на тероризмот како закана и тоа за пет години повеќе отколку во претходниот случај. Во однос на војската, како закана, заслужува посебно внимание, иако „веројатноста конфликтот помеѓу големите сили да ескалира во тотална војна во наредните 15 години е помала од кога било во минатиот век.„ се истакнува во истиот извор како и за интернационалниот тероризам.[39] Сепак, на пример за САД останува Кина со својата тримилонска армија,[40] која и понатаму се зајакнува и модернизира како сериозен предизвик и можна закана во иднина на која мора да се смета и соодветно да се одговори. Потребата од задржувањето на доминацијата на полето на конвенционалната сила на САД и на НАТО произлегува и од многу други околности во кои може посредно или непосредно да бидат загозени нивните интереси. Во таа смисла, а како противник најчесто се јавуваат вооружените сили на мали земји, но и на земји -регионални сили. И другите закани, кои се јавуваат во рамките на внатрешните вооружени конфликти кои имаат претензии да се шират , заслужуваат посебно внимание. Ова дури

---

[36] The Military Balance 2005-2006, London 2005, p.415,416 i 417: The IISS.

[37] Ibidem,p.412.

[38] Нова стратегија за победа во Долгата војна, Дневник, 12.04.2006, стр.11

[39] Види : The Military Balance 2005-2006. p. 412.

[40] Според податоците на The Military Balance 2006, активниот дел на вооружените сили на Кина брои 2,225,000 припадници, а резервниот состав 800,000 припадници, види : The Militaru Balance 2006, London, 2006, p. 264. The ИИСС.

дотаму е значајно што во нивни рамки се јавуваат закани од воен и невоен карактер и најчесто се сплотени со најголемата закана-интернационалниот тероризам. Во суштина станува збор за ирегуларни и дифузни закани, кои значајно влијаат на дообликувањето на мозаикот на новата конфликтна средина и кои дури можат да направат една целина со транснационалниот тероризам како најголема закана, и како такви како целина да се анализираат. Од аспект на факторите и нивното влијание на обликувањето на новата конфликтна средина значајно место и улога имаат традиционалните концепциски разлики во користењето на сила за остварување на политичките цели. Така, додека едниот концепт ја протежира силата во смисла на веќе воспоставената доминација и тоа во сите фази на војната, другиот концепт прави обиди да ја дислоцира супериорноста на конвенционалните сили во фазата на таканаречената реконструкција на земјата, на градењето на мирот и стабилноста. „Западните армии лесно победуваат во војна, но тешко го задржуваат мирот. Терористите демонстрираат дека подобро ја протолкувале корисноста на силата за да ги исполнат своите политички цели," истакнува поранешниот командат на НАТО, пензионираниот британски генерал Рупер Смит.[41] За да ја надминат ваквата состојба, генералот Смит предлага темелна промена на воената стратегија и индустрија на западните сили и пред сè на САД. Се разбира дека станува збор за еден коплексен процес и состојба која не останала незабележана и од други аналитичари и институции кои го истражуваат феноменот на новата конфликтна средина и нејзините импликации. Од аспект на нашето истражување, посебно внимание ќе посветиме на импликациите на конфилктната средина врз конвенционалните сили. И тоа најнапред ќе тргнеме од заканите кои доаѓаат од силите и оружјето. Станува збор за ирегуларни сили кои користат софистицирано оружје, кое дури и од користење на поединци може да предизвика голема смртност на просторот каде ја остваруваат својата мисија. Ирегуларните сили и ирегуларните закани најчесто се територијално базирани и тоа во коплексни средини, што крајно условува пред се ангажирање на копнени сили(копнена војска, специјални сили, маринци и воздухопловни и поморски елементи за подршка) како најсоодветни за конфронтација. Другите видови на вооружените сили, како морнарицата и воздухопловните сили се помалку важни за новата конфликтна средина, што не беше случај во Студената војна и непосредно по нејзиното завршување, па се до крајот на дваесеттиот век.

[41] Види пошироко во Класичните војни завршија во Хирошима, Дневник, 28.10.2005 стр.19.

Конфликтите во почетокот на XXI век и посебно војната во Авганистан и во Ирак ги поставија лимитите на конвенционалните армии во чие средиште веќе последната деценија од XX век беше револуцијата на воените работи (РМА). Но таа предност, која ја претпоставуваше РМА беше дислоцирана од страна на противникот на западните сили, што наметна потреба од промена на моделот кој се темелеше на закани од регуларни сили, со модел базиран на способности. Ова, секако дека го воочија западните сили од кои САД веќе по терористичките напади се обиде да го промени мислењето за одбраната и да ја трансформира војската согласно новите закани, а НАТО побара трансформација на војската, како што веќе напоменавме на Самитот во Прага 2002 година. Како што одминуваше времето, а конфликтот во Авганистан и посебно во Ирак се интензифизираше така повеќе се зголемуваше и потребата за промена на моделот и трансформацијата на војската. Веќе во 2004 година војската на САД во Ирак ќе се соочи со замореност, на што Пентагон ќе побара, а Конгресот ќе одобри, анагажирање на специјални сили и зголемување на обемот на копнената војска за 30.000 припадници. Исто така ќе се зголеми и квантумот на маринците за околу 9.000 припадници, а воената морнарица ќе забележи намалување за 7.900 припадници[42], што јасно укажува дека со ова е отворено прашањето на големината и односот кон видовите на вооружените сили. Ова, всушност, е уште една констатација иако изразена преку бројки, но се надоврзува на влијанието на заканаите врз давањето на приоритет на копнените сили во однос на другите видови. И не само тоа, туку од страна на некои западни сили направени се дедукции на конфликтната околина, а во врска со копнените сили, се истакнува дека : „Копнените сили мора да се подобрат во партнерството. Постои барање за зголемување на стратегиските способности на копнените сили за тие да станат поадаптивни и поагилни во изведба на широк спектар на задачи во најразлични околини, постои потреба за зголемена заштита на силите, поголема нивна мобилност, подобра ситуациска свесност и тајност и постои потреба за подготовка на поединци и мали тимови за смртоносното и високо комплесно бојно поле.[43] Со тоа уште еднаш се потврдува круцијалното значење на копнените сили и ирелевантноста на воздухопловните и поморските сили како видови за новата конфликтна околина. Но, тоа воопшто не значи дека тие требе да бидат укинати, туку потребно е нивно ребалансирање и прилагодување на новата конфликтна

---

[42] Види пошироко во The Military Balance 2004-2005, London, 2004, p.15: The IISS.
[43] The Militaru Balance 2005-2006, c.d. p.417.

средина. Трансформацијата ќе го отвори и прашањето на финансирањето и употребата на вооружените сили. Во таа смисла, а во врска со употребата на борбените сили како главна оперативна борбена единица ќе се експонираат бригадите, заземајќи им го местото на дивизиите. Овој курс ќе го држи и НАТО, што е евидентно со примерот на НРФ (НАТО-силите за реакција). Што се однесува до трошоците за одбрана, трансформацијата на вооружените сили со примарна улога на копнените сили во однос на другите видови, овозможува нивно намалување. Анализата на состојбата со трошоците во рамките на земјите-членки на НАТО без САД, бележи континуирад пад од 1997 година кога изнесуваше 2,08 % од брутодомашниот производ, достигнувајќи 1,87 % од БДП во 2004 година. За разлика од нив, кај САД состојбата е поинаква и тоа споредбено во 1997 година трошоците за одбрана зафаќаат 3,25 % од БДП и после мало намалување во 1998 и 1999 година, бележи континуирано наголемување кое во 2004 година ќе достигне до 3,89 % од БДП. Уште поконкретно, НАТО-земјите, без САД, учествуват во трошоците за одбрана со вкупно 251.606 милијарди долари, а само САД со 455.908 милијарди долари во 2004 година. Со тоа уште еднаш се потврдува веќе зацртаната стратегија за одржување на супремацијата и во однос на конвеционалните сили на глобално рамниште, со еден значаен осврт на копнените сили и подобрувањето на нивните способности за справување со асиметричните закани на планетарно ниво. Тоа отвора мноштво прашања за однесувањето на другите сили и пред сè на земјите членки на Алијансата. Уште повеќе и на малите и недоволно јаки земји, кои треба и кои си го бараат местото во услови на конституција на нов светски поредок и појава на нови закани, иако генералната ориентација да се однесуваат, да ги изградуваат и развиваат своите вооружени сили и нивните способности согласно влијанието на факторите кои ја детерминираат новата конфликтна средина е добра определба.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Од анализата на истражуваниот материјал за конфликтната средина и нејзините импликации врз конвенционалните сили, можеме слободно да констатираме дека појавата и нејзиното бликување може да се анализираат, условно кажано низ два периода. Првиот период започнува од крајот на Студената војна и трае до крајот на XX век и вториод период од почетокот на XXI век па сè до денес и има тенденција да трае и во наредната две децении. Се разбира дека појавата и развојот на новата конфликтна средина ќе се рефлектира и врз и, пред сè, на конвенционалните сили како еден од факторите кои ја детерминираат.
2. Како најзначајно за првата фаза се издвојува сознанието дека западните сили предводени од САД ќе се обидат супремацијата во конвенционалната сила да ја

стават во функција на политичката стратегија чија основна цел е глобализација на планетарниот простор. Моделот на конвенционалните сили ќе биде базиран на закани, пред сè од регуларни сили, подготвен да води истовремено две регионални војни.

3. Во однос на конфликтите, и тоа пред сè на вооружените конфликти, како значајно за оваа фаза се оформи сознанието дека внатрешните вооружени конфликти се повеќе ќе го заземаат местото на меѓународните погранични и територијални конфликти. Тероризмот и тоа интернационален ќе се појави со послаб интензитет, правејќи обид да ја дислоцира супериорноста на западните сили и да се експонира како противник на кој ќе требе сериозно да се смета во блиска иднина.
4. Терористичките напади на Вашингтон и Њујорк ќе ја отворат втората фаза во обликувањето на новата конфликтна средина во која транснационалниот тероризам потенцијално вооружан со средствата за масовно уништување ќе се експонира како најголема закана за меѓународната безбедност. Терористите на Ал-Каеда, како и некои држави како спротивставени страни на западните сили, ќе направат обид со усвојувањето на асиметричниот пристап и со користењето на ирегуларни закани да ја дислоцираат супериорноста на конвенционалните сили на САД и на нивните сојузници.
5. Се покажа дека непочитувањето на влијанието на заканите може мошне неповолно да влијае врз остварувањето на функцијата на конвенционалните сили. Ова дотолку повеќе ако станува збор за ирегуларни и дифузни закани кои ја прават конфликтната средина да стане двосмислена и мултилатерална. Исто така, како значајно се издвојува сознанието дека терористите ги ставаат во функција на остварувањето на своите цели и другите фактори кои ја детерминираат конфликтната средина.
6. Во однос на конвенционалните сили се оформи сознанието дека е потребна итна трансформација со подигање на нивните способности на рамниште кое ќе ги задоволува потребите на коплексната конфликтна околина. Од видовите како примарни се диференцираа копнените сили (армијата, маринците, специјалните сили и елементи за поморска и воздушна поддршка) и тоа од бригаден состав. Стратегиските воздухопловни и поморските сили се покажаа како ирелевантни за новата конфликтна средина. Сепак, постоењето на респектабилни вооружени сили како можни противници на западните сили, како на пример вооружените сили на Кина, но и на некои други земји, како и моќниот военоиндустриски комплекс значајно ќе влијаат на конвенционалната фокусираност на западните сили и посебно на САД. Во таа смисла ќе се обликува големината и обемот на трошоците за потребите на одбраната и пошироко на безбедноста.
7. За малите земји, меѓу кои и Република Македонија, се препорачува следење на трендот на трансформација на вооружените сили на земјите-членки на НАТО и посебно на САД, и согласно заканите и другите фактори кои ја обликуваат конфликтната средина да ги градат и развиваат своите вооружени сили.

ЛИТЕРАТУРА

1. Речник на македонски јазик II, Универзитетска печатница, Скопје, 1965.
2. Томиќ Мишеска О, и др., Речник англиско-македонски, Култура, Скопје, 1994.
3. Фрчкоски Љ, и др., Меѓународно јавно право, Табернакул, Скопје, 1995.
4. The 2004 Chart of Armed conflict, The Military Balance 2004-2005, London,2004 : The IISS.
5. „Нова стратегија за победа во долгата војна," Дневник, 12 април 2006.
6. The Military Balance 1992-1993, London,1992 : The IISS
7. Р.М. „ Дваесеттиот век ги држи рекордите на ужасот," Дневник 22-23 мај 1999.
8. Military Review, February 1989.
9. Прирачник за НАТО, 2001.
10. A National security strategy of engagement and enlargement, the white house, july 1994.
11. The Reader`s guide to the NATO summit in Washington, 23-25 april 1999.
12. The Military Balance 1999-2000, London1999 : The IISS.
13. Мирковиќ Т, Стратегије и ратне доктрине супер сила, ВИЗ, Београд, 2003.
14. The Military Balance 2002-2003, London ,2002 : The IISS
15. Profiles of terrorist organizations, //http : www.ict.org.il /.
16. NATO after Prague, NATO office of information and press 1110 Brussels-Belgium.
17. The Prague summit and NATO~S transformation: a reader,s guide.
18. The Military Balance 2006, London, maj 2006: The IISS.
19. „Класичните војни завршија со Хирошима ", Дневник 28 октоври 2005.

# ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОТРЕБАТА ЗА ПРОМЕНИ НА СОДРЖИНИТЕ ВО ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКАТА

**Славко АНГЕЛЕВСКИ,**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

**Апстракт**: *Во трудот се евалура потребата за промена на содржините што го сочинуваат постојниот систем за воено образование и обука во Армијата на Република Македонија. Се поаѓа од согледување на компонентите што треба да го сочинуваа системот за воено образование и обука, се евалираат условите во кои тој се развива, како и влијанието на модерниот начин на војување. Даден е предлог за содржините на иднаta воена едукација и се укажува на потребата за имплементација на современи методологии и технологии во военото образование и обука и методологијата на обука со помош на воени игри.*

**Клучни зборови:** *образование, обука, современи технологии, моделирање и симулации, напредно дистрибуирано учење, воени игри*

# EVALUATION OF THE NEED FOR CHANGES IN THE CONTENTS OF MILITARY EDUCATION AND TRAINING

**Abstract**: *In this paper the need for changes in the contents that are incorporated in the system for military education and training in the Army of the Republic of Macedonia is evaluated. Starting from the summary of components of the system for military education and training, the conditions in which this system is developing, together with the influence of modern warfare on this system are considered. Proposal for the curricula of military education is given, together with the evaluation of the need for implementation of the modern educational methodologies and technologies and war gaming training methodology in the system for military education and training.*

**Key words:** *education, training, modern technology, modeling and simulation, Advanced Distributed Learning, war gaming*

## Вовед

Соочувањето со безбедносните предизвици во услови на брзи и непредвидливи промени во геополитичкото опкружување претставува приоритетна стратегиска задача на секоја држава, при што врз нејзиното вообличување влијаат разни политички, културни и технолошки фактори. Одржувањето на националната безбедност сè уште во голема мерка зависи од способноста на вооружените сили, а што е предодредено од нивниот морал, мотивациојата, опременоста и обученоста.

Обуката на професионалниот состав на армијата подразбира развој на специфични вештини и способности, врз чие формирање најголемо влијание имаат академското ниво на образование, военото образование и обуката. Целта што треба да се постигне преку развојот на конзистентен систем на воено образование и обука е создавање на добро едуциран кор воени лидери, што ќе бидат потполно компетентни во техничка, тактичка и лидерска смисла, како и да поседуваат вештини, знаења и способности потребни за справување со сите предизвици што ги наметнува модерниот начин на изведување борбени дејства.

Револуционерните промени во технолошкиот развој го потенцираат значењето на информациите и знаењето, што во иднина треба да го сочинуваат јадрото за градење на борбената готовност на современите армии. Истовремено, ограничувањата во воените буџети и растот на цената на софистицираните системи на вооружување и воена опрема неминовно водат кон потребата за креирање помали и пофлексибилни национални армии.

За ефикасно дејствување во вакво опкружување, потребен е развој на армија што ќе може да ги прифаќа промените, што ќе може да се соочува со непридвидливите ситуации и ќе го напушти застарениот тоталитарен начин на војничко организирање и дејствување, што беше карактеристичен за периодот на Студената војна и справувањето со опасноста од агресија со големи размери. За да се овозможи развој на ваква модерна армија нужни се и промени во системот на воеското образование и обука.

## Систем за воено образование и обука

Системот за воено образование и обука треба да ја опфати целокупната едукација во текот на кариерата на вработените во системот на одбрана. Во рамките на овај систем опфатени се сите видови курсеви и школи, со кои се обезбедува стекнување на почетните офицерски/подофицерски чинови, како и стекнување на квалификации за унапредување во повисок чин и за премин од едно на друго ниво (тактичко-оперативно и стратегиско). Целта на професионалното воено образование е обезбедување континуирана едукација на персоналот вработен во МО и во АРМ, како предуслов за добивање образован, стручно оспособен и усовршен персонал, којшто во вршењето на работите и задачите ќе манифестира професионалност, стручност, ефикасност, посветеност и етичност.

Во рамките на системот за воено образование и обука опфатени се различни форми на институционално и континуирано професионално

вообличување на знаењата, вештините и способностите кај припадниците на армијата. Образованието и обуката се значајни и раздвоени потсистеми на воениот едукативен процес, што се користат за изградба на квалитетите и однесувањето на воениот персонал. Овие два потсистеми се комплементарни и меѓусебно се испреплетуваат во рамките на секое од нивоата на професионалниот развој[1] .

*Образованието* во текот на професионалната војничка кариера треба да овозможи развој на интелектуалниот капацитет и стекнување со генерални знаења, што е услов за непрекинат развој и стекнување способности за дејствување во сложени ситуации. Образованието треба да го иницира процесот на учење и создавање креативен начин на размислување при решавање на поставените задачи. Поседувањето на соодветното ниво на образование е фундаментално барање во текот на кариерата и мора да се остварува ефективно со цел да се поддржи новата структура на кариерата и да се рефлектираат клучните моменти на одлучување во текот на кариерата. Зголемувањето на барањата за способностите на воениот персонал најефикасно може да биде задоволен со овозможување образованието да започнува на почетокот од секој од степените во развојот на кариерата, како и со уверување дека тоа е доволно за обезбедување на индивидуалните потреби во текот на соодветната фаза во воената кариера.

*Обуката* во текот на професионалната војничка кариера треба да овозможи стекнување вештини и применети знаења, што се потребни за секоја специфична работа, или каква било форма на специјализација. Во суштина, се работи за усвојување информации и процедури, преку постапка на прогресивно повторување на предвидените задачи. Како резултат на обуката треба да произлезе подобрување на војничките вештини и способност за квалитетено извршување на специфични задачи. Обуката е базирана врз одреден начин на однесување и извршување на активностите, при што нејзиниот квалитет може да се измери преку објективни стандарди.

Процесот на воена едукација треба да се базира врз три столба: институционална едукација, обука во текот на извршувањето на оперативните задачи - обука на работно место и самостојно учење. Ваквиот процес треба да претставува континуиран циклус на селекција, образование, обука, извежбување, поставување на должности и евалуација. Во текот на кариерата

[1] Пошироко види: CJCSM 3500.03 (1996), Joint Training Manual for the Armed Forces of the Unated States, USA.

на воениот лидер ваквиот циклус треба да повторува во логички, прогресивни и континуирани секвенци[2].

*Институционалната едукација* ги вклучува сите форми на инструирање во рамките на военото школство (Воена академија), како и разни курсирања во земјата и во странство. Во текот на ваквата едукација воените лидери се оспособуваат за извршување на своите работни задачи преку учење за вредностите, вештините и остатанати содржини од академското ниво на образование. Институционалната едукација треба да ги даде фундаменталните вредности на воената професија и да овозможи прогресивно усвојување на знаењата од соодветниот род/служба во рамките на која воениот лидер ќе ја гради својата кариера.

*Обуката на работно место* го претставува вториот столб на воената едукација. По завршувањето на институционалната едукација, воените лидери се поставуваат на одредени оперативни должности. Искуството стекнато во текот на извршувањето на нивната формациска должност им овозможува да го надоградат и во практиката да го користат она што го научиле во текот на формалната едукација. Искуството стекнато преку обуката на работното место, во текот на извршувањето на многубројните оперативни задачи и останатите задолжувања, дополнително им ги проширува и продлабочува знаењата и ги подготвува воените лидери како да ги обучуваат потчинетите за извршување на борбените мисии и секојдневните војнички должности.

*Самостојното учење* претставува дополнителна, но истовремено многу битна, компонента со која се заокружува комплетната едукација на воените лидери. Првите два столба на воената едукација не можат да обезбедат стекнување и задржување на степенот на компетентност потребен за извршување на многубројните сложени воени мисии. Самостојниот развој се состои од: индивидуално учење, истражување, професионално проучување на стручна литература и стекнување искуства од практиката. Ова претставува клучен аспект за постигнување индивидуални квалификации нужни за развој на воените лидери.

## Услови во кои се развива военото образование и обука

За да се разбере потребата за промена на системот на военото образование и обука, потребно е да се согледаат условите во кои тој треба да се развива. Ова подразбира согледување на промените во мисиите на армијата,

[2] Spacecast 2020: Professional Military Education in 2020. Airpower Journal, 9.2 (Summer 1995), pp. 27-41.

влијанието на револуционерните промени во начинот на изведување на современите борбени дејства, персоналните потреби на армијата по број и структура, процесот на транзиција кон демократско општество и цивилна контрола врз вооружените сили, економската ситуација во земјата и буџетските ограничувања, како и легалните аспекти и потребите за измена на постојните законски прописи што го регулираат ова подрачје.

Опкружувањето во кое треба да се развива системот за воено образование и обука во современите армии, а што се однесува и за потребите на Армијата на Република Македонија, го карактеризираат неколку главни групи фактори. Првата група е поврзана со промените во меѓународната политичка ситуација, што за последица има промена во воените доктрини и мисиите на армијата. Втората група се однесува на забрзаниот технолошки развој, каде што најголемо влијание има развојот на информатичките технологии и воведувањето во оперативна употреба во армиите на нови средства и системи на вооружување. Третата група ги вклучува специфичностите во транзицијата кон демократско општество, економската ситуација и буџетските ограничувања[3].

Промените во меѓународната политика на крајот од минатиот век доведоа до крај на Студената војна, во рамките на која поедноставено може да се каже дека опозиционите страни се држеа во ситуација на едноставно и стабилно парирање во односот на силите. Одговорот на прашањата поврзани со учесниците во евентуален воен судир, капацитетите на завојуваните страни, нивните намери и доктрини за употреба на силите, во денешно време не може едноставно да биде даден. При едукацијата на воените лидери не може да се користи поедноставен пристап и со голема веројатност да се воведуваат претпоставки за тоа кој ќе биде нивниот опонент, или коалициски партнер, и како ќе се одвиваат воените операции.

Се појавуваат нови закани за безбедноста, при што и самиот начин на перципирање на заканите е променет. Тероризмот, особено интернационалниот тероризам, пролиферацијата на оружје, трговијата со наркотици и организираниот криминал сè повеќе стануваат сериозен безбедносен предизвик за државите. За справување со вакви предизвици потребни се значителни доктринарни промени во начинот на употреба на воениот потенцијал. Се јавува потреба за нови мисии, како што се одржување на мирот, превенција од конфликти и создавање мир. Ова понатака, води кон потребата

[3] Gray, A. and T.D. Tagarev (1995). A Transformational Model for Transcultural Leadership. In: Brown, J.M. and K. Tomervik, eds., Diversity in Organizational Transformation, University of Minnesota, pp. 17-44.

за оспособување на припадниците на армијата за учество во интернационални мисии и коалициски начин на изведување воени операции, а што е поврзано со потребата при едукацијата на воените лидери да се стави акцент врз согледувањето на етничките, културните и религиозните разлики и потребата за почитување на правата на човекот и меѓународното хуманитарно право.

Развојот на новите технологии, а посебно информатичките, има големо влијание во обликувањето на идниот систем за воено образование и обука. Овие технологии влијаат и врз начинот на кој ќе се изведуваат идните воени операции, а посебно во процесот за планирањето и егзекуцијата, организацијата, комуникациите, командувањето и контролата и разузнувањето.

Развојот на информатичките технологии ги менува начините на кои војската треба да се обучува и да врши планирање на идните воени операции. Еден од начините на кои може да се искористат придобивките на современата технологија е примена на симулациски модели за поддршка на воената обука и планирање на воените операции, што е денес евидентен тренд во светот. Притоа, треба да се има предвид и развојот на новите образовни технологии базирани на употребата на компјутерската техника, како што е напредното дистрибуирано учење, видеотелеконференции и визуелните помагала базирани врз виртуелни симулациски модели.

Стратегиските определби на Република Македонија за евроатланска интеграција, односно постигнување полноправно членство во НАТО и Европската унија, подразбираат развој на воеността образование и обука во правец што ќе обезбеди постигнување подобра интероперативност со партнерските земји, способност за учество во коалициски изведувани воени операции и изградба на демократски цивилно-воени односи. Подготовките и остварувањето на стандардите за полноправна евроатланска интеграција во услови на сложена економска ситуација и буџетски ограничувања неминовно води кон потребата за редукција на вооружените сили и изградба на мала и модерна армија, што подразбира давање приоритет на квалитетот во однос на квантитетот.

Демократските трансформации во општеството подразбираат паралелни промени во сфаќањата и однесувањето кај населението. Вооружените сили се соочуваат со потребата за промена на стереотипните шаблони за однесување и промена на мотивирачките механизми. Промените во системот на вредности го потенцираат нагласок на „професионалниот“ во однос на „институционалниот“ тренд на однесување на припадниците на вооружените сили[4] .

---

[4] Williams, J.A. (1995). Demobilizing the Postmodern Military: Some Implications for Civil-Military Relations, IUS Newsletter, pp. 8-10.

Некои од горенаведените фактори имаат краткорочно, додека другите долгорочно влијание врз развојот на системот за воено образование и обука во Армијата на Република Македонија. Во секој случај, сите фактори треба добро да се анализираат и да се земат предвид при трансформацијата на системот.

**Идниот начин на војување и неговото влијание врз военото образование и обука**

Современите воени операции се трансформираа од конвенционални модели за изведување борбени дејства, во борбени активности кога времето за подготовка на адекватен одговор на сложените кризни ситуации е драстично намалено. Истовремено, зголемена е неизвесноста и зголемени се барањата за прецизно планирање и извршување на воените акции. Ова води кон силен притисок врз промената на традиционалната штабна работа во процесот на командување и контрола со вооружените сили.

Секако дека еден од најзначајните фактори што во иднина ќе го промени начинот на кој воените организации ќе функционираат во мирновремени и воени услови претствува експлозијата на информации, односно количината на информации што треба да се соберат и обработат при донесување на каква било воена одлука. Развојот на сензорите за собирање информации, обработката на информациите, комуникациите и визуелизацијата ќе генерираат голема количина информации што ќе бидат достапни се до нивото на индивидуалниот војник. Притоа, времето за реакција се намалува со истовремено зголемување на просторот на кој ќе се изведуваат воените операции. За ефективна имплементација на новите технолошки достигнувања војската треба без предрасуди да го делегира авторитетот за донесување одлуки на пониските нивоа, да изврши децентрализација и да создаде поедноставни организациски структури.

Сегашната поставеност на армиите, вклучувајќи ја и Армијата на Република Македонија, ја карактеризира стриктна, централизирана и хиерархиски поставена командна структура, што наведува на потребата за детално планирање на воените операции и постоење на точно дефинирани процедури за проценка на ситуацијата и донесување одлуки. Интенцијата е во иднина да се надмине ваквиот крут начин на организациска поставеност, со што би се постигнала поголема флексибилност во донесувањето одлуки и во способноста за реакција во сложени кризни ситуации. За да се надмине овој проблем при образованието и обуката на воениот персонал треба да се стави акцент во правец на: критичко размислување; вредносна ориентираност кон професионализмот, етиката и кооперативноста; добро академско образование

од областа на операциски истражувања, моделирање и симулација на сложени процеси, системска анализа, вештачка интелегенција, мрежни архитектури и организација на поддршката во текот на животниот циклус; познавање странски јазици; развој на истражувачки дух и стремеж кон квалитет.

Предизвиците од новиот начин на војување, комбинирани со новото техничко-технолошко опкружување, водат кон потребата идните офицери да се обучуваат за многу поширок спектар способности, помалку да се специјализирани и во текот на карирата повеќепати да се испраќаат на школување и дообука, односно да се применува системот на континуирано професионално образование и обука. Кај нив треба да се развива поширок збир на вештини со цел да бидат пофлексибилни[5] . Следно што треба да се има предвид, од гледна точка на карирета на воениот персонал, е фактот дека во иднина на престанокот на активната воена служба, односно пензионирањето од воениот повик, нетреба да се гледа како на калсично пензионирање после завршен рабиотен век, туку повеќе како промена на кариерата и шанса за успех во друг сегмент од економскиот систем. Поради овие причини, за да се одговори на персоналните потреби на армијата, а истовремено да се оди кон тоа да се регрутира и да се задржи во активна служба квалитетниот персонал, професиналната воена едукација треба да се моделира спрема индивидуалните потреби на поединецот.

Потребата да се постигне повисоко ниво на образование и обука на воениот персонал подразбира континуирани напори во рамките на кои треба да бидат вклучени сите припадници на армијата. Притоа, треба да се овозможи секој поединец да го зголеми своето ниво на едукација и искуство во рамките на областа во која треба ја гради професионалната кариера. Слично како во комерцијалниот сектор и во областа на одбраната треба да се потенцираат следните принципи: (1) инвестирање во човечки капитал, исто колку и во хардвер (опрема); (2) обука на персоналот при нивниот влез, а потоа дообука во согласност со потребите; (3) обука на секој поединец во техниките за разрешување проблеми, со што ќе се даде придонес во подобрување на квалитетот на извршување на работните задачи; (4) примена на екстензивна обука што ќе биде следена со промовирање во првата менаџерска (раководна) должност, а потоа дообука на менаџерскиот персонал при секое нивно напредување во хиерархијата; (5) примена на обуката како движечки механизам за инсталирање стратегиска доверба. Во рамките на военото

[5] Spacecast 2020: Professional Military Education in 2020. Airpower Journal, 9.2 (Summer 1995), pp. 27-41.

образование и обука мора да се применуваат овие принципи со цел да се обезбеди квалитетен персонал во професионалниот состав на армијата[6].

Системот на воена едукација треба истовремено да се справи со потребата за намалување на армијата (во квалитативна смисла) и со влијанието на ваквото намалување врз однесувањето и ставовите на нејзините припадници. Ваквата ситуација дополнително се комплицира од страна на финансиските ограничувања, што негативно влијаат не само врз можностите за здружена обука, туку и врз секојдневното функционирање на армијата. Во ситуација кога работите се доживуваат во стилот дека војската го прекршила „психолошкиот договор“ секогаш да се грижи за своите припадници, постои опасност од намалување на лојалноста кон организацијата. Ова има негативен ефект и повеќе води кон „професионална”, отколку кон „институционална” мотивираност на нејзините припадници[7].

Една од основните придобивки на демократските промени во општеството претставува цивилната контрола над армијата. Дури и земјите со долга демократска традиција посветуваат големо внимание за одржување на ефикасноста на ваквата контрола. Една од основните премиси на едукацијата, а посебно на воената едукација, во општествата каде војската е потчинета на цивилната политичка моќ претставува хармонизацијата на професионалната ефикасност и демократските вредности, што од друга страна е детерминирачки фактор на цивилно-воените односи. Традиционално, професионалците настојуваат да ја нагласат нивната техничка стручност во областа во која делуваат, што во многу случаи води кон отуѓување од општеството. За да се овозможи професионална ефикасност без ваков вид на отуѓување, едукацијата на воените лидери никогаш не треба да биде ограничена на чисто техничка стручност во нивната област. Општите академски аспекти на едукацијата треба да добијат значајно место во рамките на еден заокружен систем на воено образование и обука. Во услови на брзи промени на вредностите и мотивирачките фактори во општеството, разбирањето и прифаќањето на принципите на цивилната контрола врз вооружените сили бара константно внимание.

## Содржините на идната воена едукација

Вооружените сили во XXI век, повеќе од кога било, ќе имаат потреба за воени лидери способни да ги прифаќаат промените, да се справуваат со

---

[6] Пошироко види: Peters, T. (1991). Thriving on Chaos. Harper Perennial, New York.

[7] Williams, J.A. (1995). Demobilizing the Postmodern Military: Some Implications for Civil-Military Relations, IUS Newsletter, pp. 8-10.

непредвидливи ситуации, да покажуваат самоиницијатива и презентираат нови идеи, да комуницираат и разменуваат информации, како и да ги иницираат и спроведуваат организациските промени. Притоа, не постојат готови решенија за курикулумот, односно наставните содржини, што треба да ја вообличат идната воена едукација. Постои консензус дека одредени промени во ова подрачје се нужни и нивното извршување не смее да се одлага.

Дилемата што се појавува во рамките на системот за воено образование и обука во однос на тоа како да се постигне рамнотежа помеѓу академската и специјализираната-военостручна едукација, како и помеѓу присутноста на содржините од доменот на општестевените и техничките науки, не е нова. Меѓутоа, во информатичката ера во која живееме, иницијалната фаза на едукацијата, со која се врши подготовка на специјалисти за извршување на нивните должности, многу брзо застарува поради брзината на технолошкиот развој. Ова наведува на потребата кај воените лидери не само да се развиваат специфични вештини, туку да се изгради способност за апстрактно размислување и дејствува во критични ситуации, а што може да се постигне со високо ниво на академско образование и систем на континуирано учење во текот на целата кариера. Акцентот на промените во рамките на содржините на воената едукација треба да се даде во однос на транзицијата од специјализирана кон лидерска едукација.

Содржините што треба да го изградат лидерството во рамките на воената професија се базираат врз постигнување конкретни резултати, меѓутоа преку интердисциплинарни и општообразовни содржини. Специфичните цели што треба да се постигнат можат да бидат различни, меѓутоа општата цел што треба да се постигне е поврзана со зачувување на фундаментите на воената професија, која, сепак, останува непроменета и покрај промените во современото општество и модерниот начин на војување. Крајната цел на системот за воено образование и обука е креирање на воен лидер, кој поставената мисија ја извршува професионално, прецизно, во потполност и без поговор. За да се постигне оваа цел кај воениот лидер треба да се развијат следните способности: креативност, флексибилност, критичко размислување, собирање информации и организација на работата, размена на информации, мултикултурна свест, издржливост, спремност да се прифатат обврски и способност за работа со луѓе.

Кандидатите за професионална воена служба треба да ги разберат ограничувањата и да ја ценат воената професија, а во текот на нивната едукација да добијат основни сознанија од областа на дипломатијата, економијата, медиумите и психолошките алатки за работа со луѓе во кризни ситуации. Една од основните способности што треба да се развие кај нив е вештината за пребарување и собирање информации, што е критична во услови

кога количината информации што треба да се соберат и обработат постојано се зголемува. Способноста за користење на интернет и глобалните компјутерски мрежи е критична за современиот воен лидер.

## Имплементација на современи методологии и технологии во военото образование и обука

Технологиите што се појавуваат во информатичката ера не наведуваат само на потребата да се измени начинот на кој треба да се изведува воената едукација, туку нудат и алатки за нејзина реализација. Сè почесто се зборува за мултимедија, виртуелно опкружување, компјутерско моделирање и симулација на сложени процеси, учење на далечина и слични информатички базирани технологии. Вооружените сили во денешно време се почесто се соочуваат со предизвикот за симултано развивање ефективен организациски процес што вклучува образование и обука, оперативно планирање и поддршка на процесот за донесување одлуки со примена на современите информатички технологии.

Во рамките на овие современи технологии се и технологиите за моделирање и симулации на борбени дејства, базирани врз користење математички модели и компјтерска симулација на сложени процеси. Примената на методологиите и технологиите за моделирање и симулација на борбени дејства, односно креирањето виртуелна реалност, создава реалистичка и високостимулирачка средина за обука од областа на тактиката, планирањето операции и организација на штабната работа. Овие технологии треба да бидат на располагање на военото образование и обука, како и на оперативниот состав на армијата и другите сегменти на системот за безбедност. На ваков начин, командите, единиците, органите и институциите ги тестираат нивните борбени планови и доктрини, како и процедурите и постапките за справување со кризни ситуации и проигруваат најразлични сценарија за употреба на силите и на средствата.

Со примена на овие методологии и технологии се овозможува следното:

– изведување компјутерски поддржувани вежби со примена на тактика, процедури и доктрини приспособени на нашите национални потреби и компатибилни со НАТО стандардите;

– осовременување и поддршка на обука на воените лидери на сите нивоа во рамките на континуираната професионална едукација;

– обука на командите и на штабовите на единиците на АРМ, на специјалните единици, на единици од резервниот состав, полициски единици и на цивилните структури во одбраната;

– симулација на воени операции за процена на постојните и на идните концепти за употреба на вооружените сили;

– симулации потребни за процена на квалитетот и можностите на системите на вооружување што во иднина ќе се воведуваат во оперативна употреба во АРМ;

– овозможување обука од доменот на цивилната одбрана и справувањето со кризни ситуации и елементарни непогоди со примена на симулациски модели;

– учество во вежбовни активности организирани од НАТО (пред се регионални) со примена на дистрибуирани симулации.

Заради имплементација на методологиите и технологиите за моделирање и симулација потребно е формирање на Центар за симулации, што примарно ќе овозможи осовременување на едукативниот процес на сите нивоа на офицерскиот и на подофицерскиот кор на АРМ, поддршка и осовременување во реализација на колективната обука, како и имплементација и развој на технологиите за моделирање и симулации и сервис за поддршка на обуката на активните и на резервните армиски единици и другите структури поврзани со одбраната во Република Македонија.

Мултимедијата и виртуелната реалност нудат ефективен начин воените лидери да се стекнат со технички вештини, „виртуелно“ борбено искуство и да се извежбуваат во планирање и изведување конвенционални и неконвенционални воени мисии. Пристапот до ресурсите за едукација може да биде дистрибуиран, при што самиот ресурс може да се наоѓа каде било на земјината топка. Ова е овозможено преку компјутерската техника, телекомуникациските средства, компјутерските мрежи и интеренетот и ја сочинува основата на учењето на далечина, или напредното дистрибуирано учење (*Advanced Distributed Learning - ADL*). Апликацијата на ваквиот концепт во рамките на системот за воено образование и обука овозможува истовремено едуцирање на поголем број кандидати, подигање на квалитетот и намалување на трошоците за изведување на едукативниот процес во однос на класичните методи.

Ваквите согледувања реално ја наметнуваат потребата во рамките на системот за воено образование и обука да се овозможи имплементација на технологиите за напредното дистрибуирано учење. Улогата на оваа современа образовна технологија, што подразбира користење компјутерска инфраструктура и интернет комуникација, за пренесување на знаењата може да се согледа преку следното:

– едукација преку организација на најразлични образовни курсеви со користење компјутери, што се лоцирани во просторот каде што се живее и работи;

– образование и обука преку организирање видеотелеконференции;

– овозможување курсеви за обука на индивидуално, колективно, оперативно и на стратегиско ниво, во форма на курсеви што треба да се совладаат пред изведувањето компјутерски поддржувани вежби;

– обука и едукација поврзана со организацијата, со структурата и со развојот на сценарија за компјутерски поддржувани вежби.

Ваквата обука треба да биде интегрирана во рамките на примената на методите за компјутерски поддржувано учење, при што компјутерот и софтверот за симулација му овозможуваат на корисникот преку алтернативни методи да го подобри нивото на знаења и обученост.

**Методологија на обука со помош на воени игри**

Концептот на воената обука вклучува три различни фази за усвојување на знаењата што се применуваат на групи и на поединци, а тоа се: инструирање (како форма на учење), обука и извежбување. Без специфицирање на детални дефиниции за секоја од овие активности поединечно, може поедноставено да се каже дека *инструирањето* се однесува на првично усвојување на знаења и вештини од страна на поединци или групи. После инструирањето следи *обуката*, нејзина цел е да го подобри однесувањето (начинот на кој се извршуваат задачите) на поединците и групите во примената на нивните новоусвоени знаења и вештини. *Извежбувањето* се изведува после добро извршената обука. Во основа, постојат три специфични цели што треба да се постигнат преку извежбувањето. Прво, извежбувањето може да се користи за одржување на нивото на стекнатите вештини во текот на инструирањето и обуката. Второ, извежбувањето овозможува тимовите и индивидуалците да го генерализираат постигнатото знаење преку нивно ставање (изложување) во различни видови ситуации согласно со одредено сценарио. На крајот, извежбувањето може да се користи за развој на знаења поврзани со условите во кои најдобро можат да се користат специфични вештини (како што е например: која стратегија да се употреби во различни ситуации)[8].

Во процесот на прогресија од инструирање до извежбување, опкружувањето што се користи за остварување на трансферот на знаење станува многу покомплексно и разбирањето поврзано со користењето на трансферираното знаење се зголемува во тимот или индивидуата. Поради тоа, опкружувањата во кои се изведува извежбувањето се многу комплексни и се јавува потреба за формални репрезентации, што вообичаено најмногу му одговараат на процесот на автоматизација. Основен фактор што придонесува за нивото на комплексноста претставува степенот во кој квалитетот на трнсферот на знаењето може да се процени преку мерење на однесувањето

[8] Rokke, E.J. (1995). Military Education for the New Age. Joint Force Quarterly, 9 (Autumn 1995), pp. 18-23.

(начинот на работа и извршување на задачите) на индивидуалците или тимовите вклучени во инструирањето, обуката или извежбувањето.

Обуката со помош на воени игри се разликува во однос на класичните форми на учење. Оваа метода претставува замена за вообичаените традиционални форми на едукација (опфатени со теориите на бихевиоризмот). Воените игри, односно проигрувањето, се користат за стекнување на одредени знаења и вештини, што во суштина претставува проблемски-ориентирано учење и се разликува во однос на вообичаеното тематски-ориентирано учење. Овдека се работи за обука преку поставување проблеми со кои оние што се обучуваат треба да се соочат и да ги решат (конструктивистички теории на учење). Со помош на проигрувањето се врши обука со цел да се зголеми разбирањето и да се подобрат вештините за совладување на широк опсег комплексни активности.

Услов за успех на обуката преку изведување воени игри е учесниците што се обучуваат да имаат позитивен став во однос на ваквата форма на учење и да се подготвени (да имаат волја и желба) понатака да го подобрат нивниот начин на работа со цел да се оспособат за извршување на нови задачи. Нивната посветеност и волја за учество во играта е неопходна и мора да постои желба за понатамошно развивање на способности и знаења.

Воените игри како метод за обука се засновани врз концептот на стекнување знаења преку искуство (*experience-based learning concept*). Ова подразбира дека учесниците во играта што се обучуваат треба да покажат креативност, независност, адаптивност и разбирање[9] . Ваквиод метод на обука започнува со креирање на ситуација или случка, а притоа самото учество во играта значи соживување со дадената (вештачки креирана) ситуација и стекнување на искуства преку играње на одредена улога во разрешувањето на дадената ситуација. Ова е проследено со евалуација и акумулирање на знаење. Интуитивното разбирање расте преку стекнатото искуство и евалуација, учесникот во играта треба да го искуси чувството на задоволство при добро извшената улога, односно донесување на исправни одлуки во справувањето со дадениот проблем.

Воените игри нудат можност да се проигруваат потполно нови ситуации што се разликуваат од денешната „реалност". Новите ситуации им овозможуваат на учесниците во играта да се обучат како да реагираат на неочекувани ситуации, а исто така и како да работат во различни

---

[9] Пошироко види: Swedish Defence Wargaming Centre, Command and Control Game, www.fksc.mil.se/article.phd?id=5400.

организациони целини (нови должности во други единици). Искуството стекнато преку учеството во воена игра на одреден начин се разликува од „реално" стекнатото искуство (така на пример: искусување на ситуација кога вашиот живот е вистински загрозен неможе да се обезбеди преку учество во воена игра).

Секако дека постојат одредени недостатоци при изведување обука со помош на воени игри. Основниот ризик е од погрешно учење, а се јавува кога учесниците во играта повторно се ставаат во ситуација неправилно да ги согледуваат резултатите од преземена акција или донесена одлука. Како пример за ова може да се наведе ситуација кога во симулацискиот модел е претпоставена преголема веројатност на погодување или уништување при дејство од одреден систем на вооружување. Ваквата грешка може да доведе до ситуација оние што се обучуваат да стекнат погрешни сознанија, а ова може да доведе до неправилна употреба на нивните единици и системите на вооружување во реална ситуација при изведување борбени дејства.

## Заклучок

Обуката на професионалниот состав на армијата подразбира развој на специфични вештини и способности, врз чие формирање најголемо влијание имаат академското ниво на образование, военото образование и обуката. Во рамките на системот за воено образование и обука треба да бидат опфатени различни форми на институционално и континуирано професионално вообличување на знаењата, вештините и способностите кај припадниците на армијата во текот на севкупната кариера.

Стратегиските определби на Република Македонија за евроатланска интеграција, односно постигнување полноправно членство во НАТО и во Европската унија, подразбираат развој на военото образование и обука во правец што ќе обезбеди постигнување подобра интероперативност со партнерските земји, способност за учество во коалициски изведувани воени операции и изградба на демократски цивилно-воени односи.

Вооружените сили во денешно време сè почесто се соочуваат со предизвикот за симултано развивање ефективен организациски процес што вклучува образование и обука, оперативно планирање и поддршка на процесот за донесување одлуки со примена на современите информатички технологии. Во рамките на овие современи технологии се и технологиите за моделирање и симулации на борбени дејства, како и напредното дострибуирано учење, што се базирани врз користење на информатичка техника и компјутерски мрежи.

## ЛИТЕРАТУРА


[1] Gilman, E. and D.E. Herold, eds. (1993). The Role of Military Education in the Restructuring of Armed Forces. NATO Defense College, Rome.

[2] Williams, J.A. (1995). Demobilizing the Postmodern Military: Some Implications for Civil-Military Relations, IUS Newsletter, pp. 8-10.

[3] Rokke, E.J. (1995). Military Education for the New Age. Joint Force Quarterly, 9 (Autumn 1995), pp. 18-23.

[4] Snider, J.H. (1996). Education Wars. The Battle over Information-Age Technology. The Futurist, May-June 1996, pp. 24-28.

[5] Spacecast 2020: Professional Military Education in 2020. Airpower Journal, 9.2 (Summer 1995), pp. 27-41.

[6] Peters, T. (1991). Thriving on Chaos. Harper Perennial, New York.

[7] CJCSM 3500.03 (1996), Joint Training Manual for the Armed Forces of the Unated States, USA.

[8] DA PAM 600-3 (October 1998): Commisioned Officer Development and Career Management, Headquarters Department of the Army, Washington, DC.

[9] Joint Vision 2010. America's Military (1996), Preparing for Tomorrow, http://www.dtic.mil/doctrine/jv2010/jvpub.htm

[10] Gray, A. and T.D. Tagarev (1995). A Transformational Model for Transcultural Leadership. In: Brown, J.M. and K. Tomervik, eds., Diversity in Organizational Transformation, University of Minnesota, pp. 17-44.

[11] Swedish Defence Wargaming Centre, Command and Control Game, www.fksc.mil.se/article.phd?id=5400.

[12] Coppieters, D (2002), Military Operational Requirements for Computer Assisted eXercises (CAX) in NATO, Paper presented at the RTO SAS Lecture Series on “Simulation of and for Decision Making”, held in Hague, The Netherlands and published in RTO-EN-017.

# КОНЦЕПТ НА ПРЕВЕНТИВНА ВОЈНА И “PREEMPTION“ НИЗ ПРИЗМА НА НОВАТА БЕЗБЕДНОСНА СТРАТЕГИЈА НА САД

**Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ,**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје

**Апстракт***: Новата воена димензија во глобалната политика е широко инкорпорирана во академските истражувања за глобализацијата во почетокот на 21 век. Фокусот на ова истражување е стратегиската логика на новата безбедносна и одбранбена политика на САД и специфичните доктрини на превенција и „preemption“. Актуелната „револуција во воените работи“ ги интензивира и дискусиите околу креирање на новите доктрини во корист на американскита интереси, доминација и нејзината „недофатлива“ воена сила.*

*Унилатералната употреба на воена моќ се покажа како ифатлив концепт доколку постои иминентна закана. За повеќето земји практиката од превентивни војни ќе воспостави нова односи во меѓународното право за нивно легализирање.*

*Иако правото на превентивни војни и „преемптиве“ акции е декларирано како „ексклузивно право“ само за САД, за кои според Повелбата на ООН се вели дека мултилатералните превентивни војни можат да бидат оправдани, но не и унилатералните.*

**Клучни зборови:** *превентивна, војна, преемптион, унилатерални, концепт.*

# CONCEPT ON PREVENTIVE WAR AND „PREEMPTION“ THROUGHT PRISM OF NEW SECURITY STRATEGY OF THE USA

**Abstract*:***The new military dimension in global politics is a widely incorporate in the academical researches for globalization in the beginning of 21st century. In the focus of this research it’s the strategical logics of the new security and defensive politics of the USA and the specific doctrines of prevention and preemption. The actual „revolution of military issues“ which activities the discussions about creation of new doctrines in the behalf in the american interest, the domination and her „untouchable“ military force.

*Unilateral use of the military power has shown it's self light unacceptable concept if their some imminent threat exist.For the most of the countries the practical experience of preventional wars will estublished new relations in the international law for their legalization. Even if the law of the preventional wars and preemptive actions in declarated as „exclusive right" only for the USA for which by the constitution of the UN it's been told that multilateral preventive wars can be justified, but not the unilateral.*

**Key words:** *prevention, war, preemption, unilateral, concept.*

## Вовед

Со порастот на транснационалните безбедносни закани државите нема да бидат во ситуација за која ќе важат Вестфалските правила кои нудат концизна разлика помеѓу внатрешнополитичките прашања и прашањата поврзани за меѓународната политика, туку ќе се најдат во ситуација во која ќе мораат да го прошират сфаќањето на концептот за безбедност и одбрана. Појавата на новите неконвенционални и асиметрични закани и предизвици беше доволна причина националната безбедносна политика да се преобликува со нови дефиниции и концепти.

После Студената војна, светот признаваше само една единствена суперсила Соединетите Американски Држави, за кои една деценија немаше јасно и точно дефиниран непријател со кои би можело лесно да се оправда драматичен пораст на воените расходи за потенцијални воени интервенции.

Во почетокот на 21 век, САД се залагаа за умерена надворешна политика и против странските интервенции. Но, водени според своите национални интереси, а не според правилата и принципите на меѓународната политика, често доаѓаат во ситуација излезното решение да го бараат со воена сила, а притоа да не внимаваат на реперкусиите врз меѓународното право.

Уверени дека државите имаат интереси, а не принципи и права, според *Кисинџер,* најмоќната држава се однесува како лидер додека останатите земји се однесуваат како следбеници и потчинети на политиката на суперсилата.Тоа се потврди и во изминативе неколку години кога САД својата арогантна и *„via facti"* надворешна политика базирана на воена сила, ја проследуваа унилатерално, а не низ мултилатерално дејствување.

Иако наиде на жестоки критики од своите сојузници во Европа за арогантниот унилатерализам, хипермоќност и милитаристички менталитет, влијанието на воената сила како двигател врз надворешно политичките одлуки стана уште поочигледно во 2002 година кога претседателот на САД, Џорџ Буш ја најави „својата доктрина" (на превентивни војни), обврзувајќи се дека ќе употреби сила (превентивен напад) за симнување на Садам Хусеин во Ирак.

Изведувањето на превентивен напад без претходна агресивна провокација претставува уште еднаш кршење на нормите на меѓународното право, кое забранува

однапред смислен напад за да се спречи некоја очекувана акција. Во тој поглед и критичарите наговестуваат дека превенцијата е лоша навика за државите кои ќе си дозволат да нападнат кој било непријател, доколку постои опасност од закана.[1]

Во април 2002 година советничката за национална безбедност на претседателот Џорџ Буш, Кондолиза Рајс изјави дека „земјотресот со јачина од 11/9 може да ги помести тектонските плочи на меѓународната политика". Значи ли тоа, дека кога се во прашање националните витални интереси[2] на САД сами ќе си ја доделат улогата на месија, овозможувајќи си да ги одредат просторот, условите и времето за интервенција, а стратегијата за одбрана на сопствената земја ја заменуваат со војна против друга земја во интерес на земјата - центар на светска моќ.

## Американските стратегии за национална безбедност и одбрана и концептите на превентивна војна и „*preemption*"

По настаните 11 септември 2001 година, геостратегиската слика на светот се смени во однос на минатиот век. Новото време преокупирано со терористички акти бараше и соодветна промена и нов пристап во политиката за национална безбедност. Тероризмот им наложи на државите да се преокупираат со безбедносниот концепт, а посебно со универзалната преокупација со подготовка во сегментот одбрана.

Идентификацијата на тероризмот како најголема опасност по националните интереси на САД придонесе за создавање нова Стратегија за национална безбедност. Таа инсистира на тоа дека предизвиците ќе бидат анулирани, односно блокирани со воена сила во оние делови каде што владеат САД или имаат интереси. Меѓу другото, за прв пат во Стратегијата за национална безбедност на САД е опфатен концептот на превентивни напади за кој се вели дека „Соединетите Американски Држави ако е неопходно ќе дејствуваат превентивно, одвраќајќи ги сомнителните држави или терористи од закана за употреба на оружје за масовно уништување против САД или неговите сојузници".

Сепак, во американската воена терминологија постои уште еден сличен концепт кој создава конфузија, а тоа е поимот или концептот на *preemption*.[3] Тој асоцира на употреба на воени напади, но и наметнување на финансиски, дипломатски и правни критериуми со цел да го подобрат и зголемат степенот

---

[1] Charls W. Kegley, Jr.,and Eugene R. Wittkopf, World Poltics *Trend and Transformation*,Thomson Learning, London, 2004.

[2] Еден од виталните интереси на САД претставува победа во војната во Ирак - види во: National Strategy for Victory in Iraq, Nationall Security Council, November 2005.

[3] Во македонската стручна литература не постои соодветен термин кој би се користил како замена за поимот *preemption*.

на безбедност. Исто така, претставува синоним со употреба на сила, поконкретно со примена на воени напади.

За објаснувањето на претходно спомнатиот поим може да ни користи значењето дадено во воениот речник на Министерството за одбрана на САД, во кој се вели дека концептот на *„preemptive“* напад преставува „напад иницирал од основен, неоспорен доказ дека непријателскиот напад е иманентен“. Додека пак за сличниот, но сепак различен концепт за превентивна војна, истиот извор тврди дека преставува „војна иницирана од верување дека воениот конфликт, (истовремено неиминентен) е неизбежен и одложувањето би вклучило голема опасност.“

Во сличен контекст е и дефинирањето на овие концепти во енциклопедијата Википедија. Во неа за концептот *„preemptive“* војна се вели дека преставува „водење војна од преземање до одбивање или пораз на воочената заканувачка офанзива или инвазија со добивање на стратегиска предност во претстојната (неминовна) војна.“ Додека, концептот на превентивна војна преставува „војна лансирана од очекувањето за идна штета по безбедноста или стратегиската предност. . . војната е единствено неопходна за превенција од претпоставен напад кој може да се случи во иднина.“

Иако поборниците за превентивната војна се оправдуваа дека е тоа еден вид форма на самообрана, изгледа дека повеќе наликува на агресорска војна. Од друга страна *„preemtive“* напад е лоциран чекор понатаму од самоодбрана, хуманитарната интервенција и превентивната војна.

Меѓутоа за САД ова не претставува нова опција или доктрина. Тие веќе неколкупати имаат применето *„preemptive“* воени акции против ширењето на оружјето за масовно уништување (ОМУ). Истите бараат прецизни, поттикнувачки акции со одлучни ефекти. Тоа подразбира инвестирање во разузнавање, набљудување и известување и можност за преструктуирање на воената сила.

Инаку првите дискусии поврзани за *„preemption“* се спомнати од страна на претседателот Џорџ Буш на воената академија Вест Поинт, во 2002 год., кога вели дека „ако чекаме заканите потполно да се остварат тогаш ќе чекаме премногу долго . . . мораме да ја преземеме битката од непријателот, да ги уништиме неговите планови и да се конфронтираме со заканите пред тие да еруптираат . . . сите американци треба да бидат подготвени за *„preemptive“* акции кога е неопходно за одбрана на слободата и нашите животи“. Во тој контекст е и Националната стратегија за борба против оружјето за масовно уништување, во која се потенцира дека „ако заплашувањето не успее и потенцијалните разурнувачки последици од употребата на ОМУ против нашите сили и цивилна популација, тогаш воените сили на САД и одредени цивилни агенции мора да

бидат способни за одбрана од ОМУ на опонентот, вклучувајќи и случаи на „*preemptive*“ мерки “.

Двојните стандарди во Стратегијата за национална безбедност создаваат конфузија затоа што нема поставено концизни критериуми за „*preemptive*“ воени акции. Од таа причина доаѓа и прашањето каква улога имаат „*preemptive*“ акции во стратегијата на САД? Дали се однесува за вредносен концепт кој ќе важи за времето кое допрва доаѓа или, пак, можеби се работи за „исплашен“ унилатералист во меѓународниот систем?

За повеќето експерти политиката на концептот „*preemption*“ генерално, го заменува концептот на превентивни војни. Се вели дека политиката на превентивни војни без иманентна закана е еден од аспектите на пошироката офанзивна стратегија за “преземање на војната од непријателот“ (војните во Авганистан и Ирак). Односно дека администрацијата на претседателот Буш се води со мотото дека „најдобрата одбрана е всушност добра офанзива.“

Тоа се потврди со војната во Ирак, за која САД имаше три значајни оправдувања и тоа:

а) легален аргумент-војната беше неопходна за спроведување на резолуциите на Обединетите нации;

б) хуманитарен аргумент-војната ќе доведе до смена на диктаторското владеење и

в) превентивниот воен аргумент - според Стратегијата за национална безбедност на САД, војната се води за да ги запре проблематичните држави и терористи пред тие да бидат способни да се заканат со употреба на ОМУ против САД и сојузниците.Односно, треба да се дејствува против заканите, пред тие потполно де се обликуват.[4]

По половина декада од терористичките напади на САД, тие беа принудени да креираат нова стратегија за национална безбедност, која беше донесена во март 2006 година.[5] Стратегијата опфаќа дел од претходната стратегија (2002), но и со нови видувања и амбиции за соочување со предизвиците кои претстојат. Секако и овој безбедносен документ не ја исклучува можноста од превентивни напади против терористички активности и како и мерки со цел да се спречат проблемите кои можат да прераснат во кризи а тие во војна, употребувајќи ги сите елементи (политички, економски,

[4] David Luban, Preventive War, Georgetown University Law Center,2003.

[5] Четиригодишното активно воено искуство на САД во Авганистан и Ирак, бараше промена и нова свежина во националните безбедносни документи меѓу кои и донесување на нова Стратегијата за национална безбедност во 2006 год.

воени и дипломатски) на национална моќ пред заканувањата да предизвикаат страшни штети.[6] Односно одредени моменти се преферира (зло)употреба на сила, пред да се случи нападот, особено кога последиците од нападот со ОМУ е потенцијално опустушување. Пак се доаѓа до принципот и логиката на „*pre-emption*“.

Според Robert Litwak, се прави јасна дистинкција помеѓу „*preemption*“ на иманентниот напад и превенцијата на можен иден напад. Неговите сугестии се дека усогласувачка дефиниција за „иманентен“ мора да биде базирана на обврзувачки критериум, вклучувајќи прецизни информации за непријателскиот карактер на осомничените режими (државите - оска на злото Ирак, С.Кореја и Иран), режимите кои употребиле ОМУ во своето минато, како и режимите кои не ги почитуваат резолуциите на Советот за безбедност при Обединетите нации.

Во тој контекст е и коментарот на Dr. Nye, кој вели дека мора да се внимава при запазување на листата на мултилатералниот обврзувачки критериум кој е потребен за лимитирање на бројот на идните случаи. Според него тој критериум опфаќа: (1) добро документиран доказ за поседување на ОМУ; (2) доказ за непријателската природа на сомнителните режими; (3) режимите кои употребиле ОМУ во минатото; (4) неуспехот на режимите да ги имплементираат резолуциите на Советот за безбедност; (5) употреба на агресија низ својата историја; (6) државите спонзори на тероризмот; (7) отсуство на плуралистички политички системи; (8) одбивање да се прифатат мултилатералните одобрени системи за верификација како што е ИААЕ (Интернационалната агенција за атомска енергија);(9) одбивање да се прифатат додатни инспекции или уништување на резерви на ОМУ кои претходно биле идентификувани и (10) закани од употреба на ОМУ или подготовка за испорака на системи за ОМУ.[7]

Како и да е, новата форма на унилатерализам, политичките и правните критериуми мора да се развијат а легализирањето на ваков тип на војни или акции без предуслови ќе биде голем предизвик во декадата што доаѓа.

Заплашувањето од агресија и принуда со терор ги одведе САД кон употреба на воена сила надвор од сопствената територија. Заедно со другите инструменти на национална сила тие го диктираа темпото, времето и насоките на воените операции, овозможувајќи им на политичките лидери

[6] National Security Strategy of United States of America, March 2006.

[7] The U.S. Doctrine of Preemptive Attack – Real Problem, Wrong Answer, Report of the Task Force on Peace and Security, United Nations Association, National Capital Area, June 2003.

широк спектар опции. Секако, меѓу нив се превентивните акции за намалување и преземање на стратегиска иницијатива на опонентот, борбени операции против способни и организирани воени, паравоени или бунтовнички структури и операции за стабилност, кои се рангирани од ниво на одржување на мирот, па до значајни борбени операции.

Превентивните акции, според новата Стратегија за национална безбедност, вклучуваат безбедносна соработка, застрашување, хуманитарна помош, мировни операции и меѓународна соработка за забрана на противзаконско транзитирање на ОМУ.[8] Исто така, на располагање се и примената на други воени операции од типот на прекинување на непријателството или во одбрана или обнова на пријателска влада. Под најопасни околности превенцијата може да бара и употреба на сила за да се онеспособат или уништат ОМУ што им припаѓа на терористите и директни удари на целите кои се закануваат на САД и нивните интереси.

Од ова може да се заклучи дека САД „изобилува" како со политичка, така и со воена слобода на дејствување и употреба на воени сили насекаде низ светот. Тоа е опфатено во Стратегијата за национална безбедност во која се вели дека „способноста да оперираме во и од сите простори (вселената, меѓународните води, воздушниот простор и интернетот) е важно и овозможува да создадеме моќ насекаде во светот за безбедносна основа на нашата операција. . . ќе оперираме во и од народите преку премостување на предизвиците за нашите глобални поморски, воздушни, вселенски и интернет операции."[9]

Новата стратегиска околност побарува од Соединетите Американски Држави соодветни чекори за одвраќање и одбрана.Но, дали во интерес на безбедноста и кредибилитетот, нуклеарните капацитети ќе продолжат да играат круцијална улога, слична на онаа од времето на студената војна?Односно, какви средства ќе бидат на располагање за можен *„preemptive"* напад? Навистина е тешко да се замисли реалност дека како одговор на заканите би била можна и употреба на нуклеарно оружје. Одлука за негова употреба, веројатно ќе следи како одговор од употребата на истото оружје против САД или сојузниците.

---

[8] Администрацијата на САД, во мај 2003 година, одпочна со иницијативата ПСИ *(Proliferation Security Initiative*), како глобален обид за спречување на пратки на ОМУ и нивниот систем за транспортирање. Повеќе од 70 земји изразија поддршка за оваа иницијатива и успеаа неколкупати да спречат транспорт на ОМУ.

[9] National Defense Strategy of United States of America, Department of Defense, March 2005.

Најголем дел од вниманието е насочено кон политичките ефекти и светската реакција од можен „*preemtive*“ напад од страна на САД. Нивото на политичките ефекти ќе зависат од низа фактори меѓу кои најзначајни се:

- Која е причина за „*preventive*“ напад, како и ефективноста и употребените капацитети?
- Кое ниво на воена сила ќе биде употребена, (соодветна или прекумерна)?
- Како се гледа на нападот според меѓународното право?
- Колку ефективни ќе бидат консултациите и разузнавањето од самиот почеток на кризата?
- Кое е нивото на колатерална штета?
- Колку е ефективна јавната дипломатија и дали концептот на „*preemption*“ била добра или лоша опција и дали е употребен во случај на самоодбрана?
- Колку е ефективна јавната дипломатија на противникот? [10]

Неводењето сметка за некои од овие фактори би имало определени последици и за сојузниците и градење на партнерство со САД. Но, секако може и да влијаат и кохезивно на меѓусебните односи. Како пример за разбирање и поддршка на новиот концепт на САД, може да послужи донесувањето на воената програма од француската влада за периодот од 2003 до 2008 година, која за концептот „*preemption*“ вели „мора да сме подготвени да ги идентификуваме предупредувачките закани колку е можно порано“. Додека германските експерти, сметаат дека концептот на *preemption* “ е недоразвиен дури и опасен . . . тоа е закон на посилниот“.

## Превентивните војни и диспаритетот на средствата за одговор на заканата

Овој дел е фокусиран на средствата за одговор на заканата, и тоа на воени и невоени. Моментално, во американска воеоекономска политиката постои диспаритет помеѓу користењето на средствата од кои доминантни се воените.

---

[10] M.Elaine Bunn, Preemptive Action: When, How, and to What Effect?, Strategic Forum, Institute for National Strategic Studies, National Defense University, July 2003.

Дека е тоа така, како еден од показателите може да ни послужи компарација на трошоците за одбрана во 2001 и 2006 година.Не случајно се избрани овие години затоа што со нив се прави пресек на буџетот за одбрана пред терористичкиот напад на САД (2001) и долгодишното присуство со воена сила во Авганистан и Ирак.

Вкупниот буџет за одбрана на САД за фискалната 2001 год. изнесуваше 338 милијарди долари, додека за фискалната 2006 година 524 милијарди долари. Од вкупниот буџет за одбрана САД за 2006 година, 492 милијарди долари се наменети за национална одбрана, која вклучува опремување, обучување и подржување на војската за водење војни и други воени операции и спречување на напади врз САД и нивните сојузници.[11]

Од друга страна ако повеќето од „*preemptive*" акциите што би ги презеле САД во иднина би биле од типот на невоени акции тогаш за очекување е и зголемување на средствата потребни за невоените методи, кои вклучуваат дипломатија, странска помош, соработка при размена на информации, учествување во организации како што се ООН, програма за размена на студенти и други. За разлика од буџетот за воените методи (национална одбрана), буџетот за невоените методи за фискалната 2006, изнесуваше 32 милијарди долари или 1/15 од буџет за национална одбрана на САД. Оттука, може да се констатира дека најголем дел од вкупниот буџет за одбрана е наменет на воени методи, а се помалку од средствата се пренасочуваат за невоените методи. Се поставува прашањето зошто се трошат многу средства за воените методи кога во иднина ќе се применуваат невоените методи како алатки на концептот на превенција, додека, воените средства треба да бидат „*ultima ratio*" во решавање на безбедносните и одбранбените прашања.[12]

Инаку, американската безбедносна политика ја реафирмира подготвеноста да води истовремено две главни војни ( во Авганистан и Ирак) и да бидат спремни да интервенираат насекаде во светот, но и со

[11] Cindy Williams, Policy Analysis Brief, *Beyond Preemption and Preventive War*, The Stanley Fondation, February 2006.

[12] Случајот со Иран преставува едно од клучните прашања во американската безбедносна политика. Во однос на ова претседателот на САД, Џорџ Буш изјавува дека верува во „доктрината на превенција", но тоа не значи дека воената опција претставува и најдобра опција. Затоа, улогата на „доктрината на превенција" ја има дипломатијата, која подразбира соработка со другите земји, со цел да се спречи Иран да дојде до нуклеарно оружје.

Види пошироко на: www.voanews.com/croatia/archive/2006-04/cfm

одвраќање на напад врз САД. Поради тие причини планираа да потрошат 2.100 милијарди долари за период од 2003 до 2008 година.[13]

Сепак не постои едноставна формула според која би требало да се насочуваат средствата а притоа да се внимава на постојниот диспаритет помеѓу двете категории. Но, сепак невоените методи на „*preemptive*" напад ќе бидат помалку контраверзни отколку воените во функција на „*preemption*".

## Заклучок

Согледувањето на концептот превентивна војна и „*preemptive*" напад ни овозможи до одредено ниво да разбереме за што станува збор, иако и двата концепта делуваат конфузно. Останува да се види кој од овие два концепта ќе доминира во американската безбедносна политика во иднина.

Соединетите Американски Држави како најмоќна (политичка, економска, воена и технолошка) држава ја објавија својата Стратегија за национална безбедност во која ја истакнува улогата на САД како главен глобално доминантен играч на долг период. Големата „империјална стратегија" (како што ја нарекуваат многумина политичари и експерти) во новиот униполарен свет ги афирмира САД како глобален лидер, заштитник и принудувач на кој не смее да им се закани некоја држава или пак коалиција.Тоа го потврди и поранешниот државен секретар на САД, (Collin Powell), кој пред Светскиот економски форум во врска со воените планови во Ирак истакна дека „кога се чувствуваме силно околу некоја работа, ние ќе ја водиме, дури и кога никој не не следи."

Подучени од своето искуство, САД сфатија дека другите држави тешко ќе реагираат, освен ако тие самите не го завршат својот дел. Станува збор за авторитетна моќ и оправданост во американската стратегија за концептот на превентивна војна и „*preemptive*" напад, кои сукцесивно повлекуваат низа прашања од карактерот дали ваквиот вид војна односно напад се одобрени за некоја друга земја или пак, сојузник на САД? Веројатно одговорот е не. По сè изгледа дека во меѓународниот реалистички систем, воената моќ на единствената супер сила го одредува правото и слободата на напади од ваков тип.

Превентивните војни се она за кое Соединетите Американски Држави го нарекуваат „суверено право" да се преземе воена акција. Но, исто така, и константно преземање на истите би можело да им наштети на сегашниот ангажман на САД (нпр. Ирак). Гледајќи низ ситуацијата во Ирак не може да се прејудицира кога „*preemptive*" воени напади ќе бидат „доктрини на иднината" или пак, ретко употребена опција.

---

[13] Charls W. Kegley, Jr.,and Eugene R. Wittkopf, World Poltics *Trend and Transformation,* Thomson Learning, London, 2004.

До некаде американскиот „активен милитаризам" можеби е оправдан, бидејќи денес е се поголем проблем како да се спречи ширењето на нуклеарното оружје во држави кои не го поседуваат. Тешко е да се гарантира или тврди дека глобалната безбедност ќе биде подобра доколку повеќе од 30 држави поседуваат нуклеарно оружје. Неможноста да се воспостави контрола над овие држави или, пак, над некои „сомнителни" организации преставува сериозен проблем чии консеквенци ќе бидат погубни за целото човештво.

Факт е дека САД треба внимателно да ги избираат начините и средствата доколку дејствуваат сами. Фокусирањето на концептот на „*preemption*" се актуелизира како одбранбена реакција во справување со претстојните можни закани.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Alan Bock, Preventive or Preemptive War? http://antiwar.printthis.clickbility.com.2002.
2. Charls W. Kegley, Jr.,and Eugene R. Wittkopf, World Poltics *Trend and Transformation,* Thomson Learning, London, 2004.
3. Cindy Williams, Policy Analysis Brief, *Beyond Preemption and Preventive War*, The Stanley Fondation, February 2006.
4. David Luban, *Preventive War*, Georgetown University Law Center, 2003.
5. Dietrich Murswiek, The American Strategy of Preemptive War and International Law, Institute of Public Law, March 2003.
6. Entoni Gidens, Sociologija - drugo izdanje, CID, Podgorica, 2001.
7. George Soros, The Bubble of American Supremacy.Correcting the Misuse of American Power, Public Affairs, New York, 2004.
8. Joseph S.Nye, Jr., Understanding Internatiomal Conflicts *An Introduction to Theory and History*, Fifth Edition, Pearson Education, Inc., New York, 2005.
9. Lynn E.Davis, Globalization's Security Implications, Issue Paper, RAND, 2003.
10. Laurent Goetschel, Globalization and Security: The Challenge of Collective Action in a Politically Fragmented World, Global Society, Vol.14, No.2, 2000.
11. M.Elaine Bunn, Preemptive Action: When, How, and to What Effect?, Strategic Forum, Institute for National Strategic Studies, National Defense University, July 2003.
12. Нацев З. и Начевски Р., Безбедност и националната одбрана, Македонска Ризница, Скопје, 2001.
13. *National Defence Strategy of United States of America*, Department of Defence, March 2005.
14. *National Security Strategy of United States of America*, September 2002.
15. *National Security Strategy of United States of America*, March 2006.
16. *National Strategy for Victory in Iraq*, National Security Council, November 2005.
17. Noam Comski, Preventive War "The Suprime Crime", InformationClearingHouse,http://www.informationclearinghouse.info/article4416.htm 2003.
18. The U.S. Doctrine of Preemptive Attack – Real Problem, Wrong Answer, Report of the Task Force on Peace and Security, United Nations Association, National Capital Area, June 2003.
19. Walter Russel Mead, The American Policy Legacy, Foreign Affairs, 2002.

# ЕКОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ
## (д–р Тони Милески)




**Тања МИЛОШЕВСКА**
Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии–Скопје

Д–р Тони Милески ѝ се претстави на нашата научна, стручна и поширока јавност со својот најнов труд „Еколошка безбедност“ во време кога се манифестираат силни еколошки притисоци не само во Република Македонија туку и во целиот регион.

Објавувањето на овој труд доаѓа во вистински момент, имајќи во вид дека станува збор за сѐ уште недоволно истражувано поле во нашата научна и стручна литература.

Она по што оваа книга се издвојува од останатите е нејзината универзалност и актуелност на проблемите со кои се занимава.

Делото „Еколошка безбедност“ претставува совршен извор на најнови сознанија за глобалните еколошки закани кои во најголем степен можат да ја загрозат глобалната безбедност.

Во трудот „Еколошка безбедност“ д–р Тони Милески многу сеопфатно и критички ги поттикнува и анализира бројните прашања за глобалните влијанија на еколошките проблеми, како што се влијанието на климатските промени, осиромашувањето на озонската обвивка и прекуграничното загадување на водата, воздухот и почвата.

Содржината добива специфична и оригинална смисла со истражување на врските помеѓу животната средина и безбедноста, што укажува на континуитетот на истражувачкиот напор на авторот.

Нејзиниот квалитет се препознава преку начинот на кој материјата е претставена и со тоа дава реален теориски придонес во целокупното изучување на современите безбедносни проблеми.

Рецензенти на ова вредно и квалитетно дело се проф. д-р Трајан Гоцевски и проф. д-р Лидија Георгиева.

Книгата „Еколошка безбедност“ од авторот Тони Милески преставува резултат на теориското и емпириското истражување сублимирано во единствен материјал кој ќе претставува значаен придонес за понатамошно изучување на еколошката безбедност.

Авторот вешто ја користи способноста за синтетизирање на огромното количество научни информации. Притоа, користејќи се со исклучителен голем број извори на податоци успева и комплексните проблеми да ги објасни и презентира на релативно мал број страници, служејќи се со прецизен стил и за читателот разбирлив јазик на пишување.

Во свој труд д–р Тони Милески исцрпно и научно аргументирано го одредува поимот и значењето на еколошката безбедност.

Авторот понудува нови и оригинални погледи и сфаќања за проблемите, кои од една страна се донекаде познати на научната и стручна јавност, а од друга страна се недоволно научно истражувани и објаснети.

Содржините на книгата „Еколошка безбедност“ ги отсликуваат актуелните еколошки моменти и еколошките притисоци кои можат да бидат причинители на конфликтите, но истовремено и резултат на конфликтите.

Еколошките закани не се само теоретски засновани идни сценарија за апокалипса, туку се јасна и моментална опасност и закана. Јасен случај како еколошките промени можат да станат прашање за безбедноста е потенцијалната закана претставена од глобалното затоплување.

Книгата треба да придонесе за подобро запознавање и подобра информираност на читателите со содржините од еколошката безбедност, односно на таа проблематика да и се даде поширока и пореална димензија и да укаже на некои проблеми и содржини кои до сега не беа во потполност согледани.

Посебно поради тоа што во овој случај во прашање е нова наставно–научна дисциплина со мултидисциплинарен приод во изучување на еколошката безбедност, прашањата и дилемите коишто се актуелизирани во ракописот овозможуваат да се расветлат проблемите од различни аспекти.

Во овој амбициозен и оригинален труд целокупната обработена проблематика се остварува на еден мошне специфичен начин и претставува прв обид за продлабочени проучувања на еколошката безбедност во Република Македонија.

Јасно систематизираните и прегледно напишани научни и стручни информации ја чинат книгата разбирлива за читателите. Преку оваа книга тие ќе се здобијат со најнови научни сознанија од оваа област, а воедно читателите ќе ги поттикне кон нови размислувања, нови визии и модели кои имаат за цел безбедно и просперитетно општество.

Проблематиката на еколошката безбедност авторот во книгата ја прикажал низ логично поврзаната содржина збиена на 186 страници текст и тоа низ предговорот, четирите глави систематизирани спрема адекватно избрани критериуми и поврзани во единствена и заокружена целина како и четирите прилози кои се дадени на самиот крај од книгата.

Во првиот дел од книгата насловен како ***„Безбедноста и животната средина“***, авторот ги запознава читателите со теоретското значење на стручните термини на животната средина, безбедноста и поимно дефинирање на еколошката безбедност. Пред да премине на елаборациите за дефинирање на еколошката безбедност, д–р Милески посветува внимание на основните претпоставки на концептот за безбедност кои произлегуваат од постоечките политички теории кои ги објаснуваат меѓународните односи. Авторот се осврнува на реалистичката и неореалистичката теорија, либералната и неолибералната како и на конструктивистичката теорија на меѓународните односи.

Во втората тематска целина насловена како ***„Глобални еколошки закани“***, авторот ги посочува еколошките закани кои имаат сериозно влијание врз глобалната безбедност. Во десетте поглавија на вториот дел се анализирани и разработени климатските промени и глобалното затоплување; осиромашување на озонската обвивка; еколошките бегалци; безбедноста на храната; демографскиот растеж; нафтата, природниот гас и водата како природни стратегиски ресурси и извори на конфликти; воениот фактор како деструктор на животната средина; обесшумувањето; и техничко–технолошките и природни катастрофи.

На вториот дел преку еден издржан и логичен приод се надоврзува третиот дел насловен како: ***„Регионален пристап кон еколошките закани“***, во кој се анализирани примерите со регионални еколошко-безбедносни проблеми за земјите од Југоисточна Европа (надополнет со регионот на Задкавказјето), Источна Азија, Централна Азија, Западна Африка и Арапските држави. Авторот ја прави оваа опсежна анализа за ризиците од еколошките проблеми со цел да креира препораки за практично дествување како и предвидување на тензиите и идните конфликтни состојби.

Во четвртиот дел ***„Република Македонија и еколошката безбедност“*** се елаборираат согледувањата за состојбите на полето на еколошката безбедност и можните насоки за поврзување на животната средина и безбедноста. Институционалната правно–нормативна рамка авторот ја наоѓа во Концепцијата за национална безбедност и одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед, во новиот Закон за животна средина од 2005 година, како и во одредбите на Националната стратегија за интеграција во Европската

унија. Во таа насока, авторот укажува дека секоја држава, вклучувајќи ја и Република Македонија треба да изгради капацитети за справување со еколошките проблеми и притисоци кои можат да претставуваат закани по безбедноста.

Ракописот е основа за понатамошни научни разгледувања на еколошката безбедност и неоходно четиво во образување на студентите од Институтот за одбранбени и мировни студии.

Ценет извор на најнови информации, како за студентите така и за пошироката публика со цел тие да формираат свои мислења и одговори за ова комплексно прашање.

Квалитетот на овој научен труд, е пред сè што претставува исклучително информативно и едукативно четиво. Со истражување на прашањата од еколошката безбедност се формира една комплетна слика и основа за идните истражувачи на овој феномен од областа на екологијата и безбедноста.

Како што и самиот автор посочува во Предговорот на книгата, ова е дело кое има своевиден придонес во подигањето на свеста кај луѓето за еколошките проблеми и нуди соодветни решенија за политичката и стручната рамка во која меѓусебно се надоврзуваат животната средина и безбедноста.

Во прашање е квалитетен труд, несомнено многу актуелен со научна фундираност и значење во кој во најголема мерка методолошки успешно е систематизирано обемното и интересно градиво за една приоритетна тема како што е еколошката безбедност.

Книгата „Еколошка безбедност“ од д–р Тони Милески е прв и единствен научен труд во Македонија во кој се презентираат најновите научни сознанија и модели за местото и улогата на еколошката безбедност, труд, кој исто така ќе поттикне и побуди нови размислувања за проширување на концептот на безбедноста, односно повторно евалуирање на безбедносната димензија, вклучувајќи ја и еколошката проблематика.

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“**, теоретско списание
Министерство за одбрана, „Орце Николов“ б.б., Скопје

# УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**„*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*“** (во понатамошниот текст Списание) е теоретско списание кое по правило излегува двапати годишно. Во Списанието се објавуваат:

-оригинални стручни трудови: научно стручни трудови, прикази на книги, куси соопштенија и др.

-континуирано или повремено во Списанието се објавува и библиографија, календари на научни манифестации во земјата и странство, позначајни датуми, рекламирање на фирми и претпријатија и др.

**Оригиналните стручни трудови** ги содржат резултатите на сопствените дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина. Прифаќањето на оригинална научна статија во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

**Научно-стручните трудови** известуваат за корисни сознанија кои што помагаат во ширењето на знаењата и прилагодувањето на изворните истражувања кон потребите на науката и практиката.

**Прикази на книги** претставуваат концизни прикази на книги и сознанија до кои што дошле авторите во определена научна област, за која компетентноста на авторите во приказите е потврдена преку публикувањето - објавувањето на книгите.

**Куситe соопштенија** содржат резултати на помали, но завршени научни истражувања.

**Доминантни рубрики на Списанието се:**

1. Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната;
2. Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната;
3. Евроатлантски интеграции;
4. Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема;
5. Странски автори;
6. Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата; и
7. Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната.

# ПОДГОТОВКА НА РАКОПИСОТ

Ракописот треба да се доставува во **еден отчукан примерок** на ласерски печатар, без проред, на двете страни на хартијата, со формат Б5 и на дискета, за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски или на англиски јазик, а на авторите им се препорачува насловот, апстрактот на трудовите, приказите и куситe соопштенија да ги пишуваат и на Англиски јазик.

Трудовите што не се земаат во печатење им се враќаат на авторите со образложувања.

При подготвувањето на ракописот задолжителна е употреба на Меѓународниот систем на единици (SI).

**Ракописот треба да содржи:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, содржина на трудот, заклучок и литература.

**Наслов:** големина на масни **(Bold)** букви, 14 points, RG-MAC C Times, центрирано, прво на македонски, а потоа и на англиски јазик (пред апстрактот на англиски јазик). Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори:** име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Институција:** ракописни букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт:** прво на македонски јазик, 11 points, RG-MAC C Times, а потоа и на англиски јазик, 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови:** максимум до 5 збора, 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред, на македонски и на англиски јазик.

**Вовед:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Во воведниот дел треба накусо да се наведе само најважното од поранешните истражувања поврзано со обработуваната проблематика, а потоа да се објасни целта и важноста на работата - истражувањето.

Еден празен ред.

**Содржина на трудот:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Содржината на трудот треба да ги опфати теоретските основи, експерименталниот дел и резултатите до кои што се дошло.

Трудовите кои што се однесувааат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел, треба да имаат поглавје **теоретски основи**, во кои ќе бидат изнесени подробностите за проверка на наведените резултати.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите принципи и методи на начин кој што ќе овозможи репродуцирање на постапките, но без детално опишување на веќе познатото.

Резултатите до кои се дошло и дискусијата треба да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и заклучоците кои што можат да се извлечат.

Еден празен ред.

**Заклучок:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература:** 11 points, RG-MAC C Times, цитирана според светските стандарди. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фус нотите во текстот.

**Маргини:** - Б5 формат, трудовите отчукани на непровидна хартија од канцелариски формат А4 со работен простор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - горна: 5 см | | - Top: | 1.89" |
| - долна: 5 см | или Page Setup компјутерски | - Botoom: | 1.89" |
| - лева: 4 см | параметри во инчи (inch) | - Left: | 1.58" |
| - десна: 4 см | | - Right: | 1.58" |
| | | - Gutter: | 0" |

**Печатар:** ласерски принтер.

**Примените ракописи** уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

**Категоријата на трудот** ја предлага авторот, но уредувачкиот одбор ја донесува дефинитивната одлука врз основа на мислењата на рецензентите.

**Пробните отпечатоци** по потреба им се испраќаат на авторите заради корегирање на печатарските грешки, а не за измена на текстот. Евентуалните нови сознанија можат да се дадат само како куса белешка после текстот. Коригираните пробни отпечатоци треба да се вратат на редакцијата во рок од 2 (два) дена.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Трудот** се доставува отпечатен според горенаведените пропозиции и на дискета.

**Рокови за испраќање на трудовите:** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
проф. д-р Трајан Гоцевски, главен и одговорен уредник
e-mail: trajang@freemail.org.mk
или
2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - Одделение за односи со јавноста
м-р Жанет Ристоска, уредник
e-mail: produkcija@morm.gov.mk

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
***НА СПИСАНИЕТО***
***„Современа македонска одбрана“***

СК/СК
***Скопје, 23.12.1999 година***